МЕЃУНАРОДЕН ЦЕНТАР ЗА СЛАВЈАНСКА ПРОСВЕТА - СВЕТИ НИКОЛЕ

«МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД»

(ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА)

С П И С А Н И Е

на научни трудови

ДЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“

Година VI ***Број 1*** ***Април 2019***

- СВЕТИ НИКОЛЕ, Р. МАКЕДОНИЈА -
- 2019 -

Издавач: Меѓународен Центар за Славјанска Просвета - Свети Николе

За издавачот: Михаела Ѓорчева, директор

Наслов: «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД» (ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА)

Организационен одбор:
Претседател: Доц. д-р Јордан Ѓорчев
Заменик претседател: Проф. д-р Владислав М. Јурјев
Член: м-р Борче Серафимовски

Уредувачки одбор:
Проф. д-р Ленче Петреска - Република Северна Македонија
Проф. д-р Александар Илиевски - Република Северна Македонија
Проф. д-р Мирослав Крстиќ - Република Србија
Проф. д-р Момчило Симоновиќ - Република Србија
Проф. д-р Тодор Галунов - Република Бугарија
Проф. д-р Даниела Тасевска - Република Бугарија
Доц. д-р Хаџиб Салкич - Република Босна и Херцеговина
Проф. д-р Татјана Осадчаја - Руска Федерација
Доц. д-р Вера Шунаева - Руска Федерација

Технички раководител: м-р Милена Спасовска

Уредник: Доц. д-р Јордан Ѓорчев

Компјутерска обработка и дизајн: Благој Митев, Кристијан Цанев, Адриано Панајотов

ISSN (принт) 1857-9299
ISSN (онлајн) 1857-9302

Адреса на комисијата: ул. Маршал Тито 77, Свети Николе, Р. Македонија

Контакт телефон: +389 (0)32 440 330

Организациониот одбор им се заблагодарува на сите учесници за соработката!

Напомена:

Организациониот одбор на Десеттата меѓународна научна конференција «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» не одговара за можните повреди на авторските права на научните трудови објавени во списанието. Целосната одговорност за оригиналноста, автентичноста и лекторирањето на научните трудови објавени во списанието е на самите автори на трудовите.

Секој научен труд пред објавувањето во списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» е рецензиран од двајца анонимни рецензенти од соодветната научна област.

Печати: Печатница МЦСП, Свети Николе

Тираж: 100

МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ

ИСТОК - ЗАПАД

ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО
ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА

СОДРЖИНА

ЕКОНОМИЈА

Ракип Малоски
МОЖНОСТИ ИЛИ ДИЛЕМИ ЗА ПРИМЕНА НА "SIX-SIGMA" И "LEAN" МЕТОДОЛОГИЈАТА ВО ЗДРАВСТВОТО 1

Е. М. Гаврилова
В. П. Гаврилова
ПРЕГОВОРИТЕ КАКО РЕЛЕВАНТЕН СЕГМЕНТ ВО УСПЕШНОСТА НА КОМПАНИИТЕ 7

Драган Ѓурчевски
Богдан Ѓурчевски
АНАЛИЗА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЕДНА КОМПАНИЈА КАКО МОЖНОСТ ЗА ПОЕФИКАСНО РАБОТЕЊЕ 13

Силвана Пашовска
Трајко Мицески
МЕНАЏМЕНТОТ НА СЕБЕРАЗВОЈОТ И ЛИЧНОТО ОДНЕСУВАЊЕ 21

Evgeniya K. KARPUNINA
Jordan GJORCHEV
Borche SERAFIMOVSKI
TOOLS OF ADVANCED DEVELOPMENT OF THE DIGITAL ECONOMY 31

Александра Илиева
ШТЕДЕЊЕ: ПРОГРЕСИВНА ИЛИ РЕГРЕСИВНА ИДЕЈА? 41

Andrej Ilievski
BLOCKCHAIN TECHNOLOGY IN MODERN BANKING - CHALLENGES AND PERSPECTIVES 45

Андреј Илиевски
УПРАВУВАЊЕ СО КРЕДИТЕН РИЗИК 49

Mende Solunchevski
Lidija Stefanovska
Oliver Bizimovski
LYCONET MARKETERS - NEW STRATEGISTS IN THE INTERNATIONAL BUSINESS OF THE PLATFORM "MY WORLD" 57

Шекеринка Ивановска
МЕЃУНАРОДНАТА ЕКОНОМСКА ДИПЛОМАТИЈА И РАЗВОЈ НА ЕКОНОМСКИТЕ МОЖНОСТИ 65

Marjan Nikolov
Vesna Garvanlieva Andonova
POLITICAL ECONOMY AND DEBT SUSTAINABILITY: THE CASE OF NORTH MACEDONIA **73**

Лидија Ѓошевска
Јулијана Силјаноска
Трајанка Макреска
ИЗВРШУВАЊЕ НА ФИНАНСИРАЊЕТО ВО МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА **83**

Јулијана Силјаноска
Лидија Ѓошевска
Трајанка Макреска
ВЛИЈАНИЕТО НА ЦЕНИТЕ ВРЗ ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈАТА НА КОМПАНИИТЕ **87**

Јулијана Силјаноска
Иван Ефремовски
Кристина Митревска
ЕФИКАСНОТО УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ- АЛАТКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНА КОНКУРЕНТНОСТ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА **93**

Трајанка Макреска
Јулијана Силјаноска
Лидија Ѓошевска
ИНТЕЛЕКТУАЛНИОТ КАПИТАЛ, ОРГАНИЗАЦИИТЕ И НОВАТА ЕКОНОМИЈА **99**

Дејан Крстевски
ВАЖНОСТА НА КРЕАТИВНОТО РАЗМИСЛУВАЊЕ ЗА ГРАДЕЊЕ УСПЕШНА БИЗНИС ПРИКАЗНА **107**

Дејан Крстевски
Е – ПРЕТПРИЕМНИШТВО И МЕНАЏМЕНТ НА ОДНОСИ СО ПОТРОШУВАЧИТЕ **113**

Елизабета Спироска
ТРАНСФЕР НА ТЕХНОЛОГИИ: НЕКОИ ОСНОВНИ ПРАШАЊА **119**

Андреј Илиевски
Кристина Митревска
РИЗИЦИ ВО БАНКАРСКО РАБОТЕЊЕ **125**

Бојко Соколовски
Мариана Стоева
МАЛКИТЕ ИКОНОМИКИ В СВЕТА НА ГЛОБАЛИЗАЦИЯТА **133**

Hadžib Salkić
Ibrahim Obhođaš
Mahir Zajmović
MODELI PROCESA UPRAVLJANJA U FUNKCIJI ISPUNJAVANJA DRUGOROČNIH CILJEVA U PRIVREDNIM DRUŠTVIMA NA PRIMJERU **139**

Габриела Крстевска
ВАЖНОСТА НА МЕРЕЊЕТО НА ПРИДОНЕСОТ ОД МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕКОВИТЕ РЕСУРСИ **149**

Nikola Popovski
ISSUES OF PUBLIC DEBT MANAGEMENT IN SMALL ECONOMIES **155**

Александар Трајковски
Драган Романски
ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА И ПРИНЦИПИ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ ВО КОМПАНИИТЕ ОД ГРАФИЧКАТА ИНДУСТРИЈА **161**

Лоскутова Марина Владимировна
Бледных Ольга Сергеевна
ВЕКТОР РАЗВИТИЯ РОССИЙСКИХ ПРЕДПРИЯТИЙ В КОНТЕКСТЕ ОБЕСПЕЧЕНИЯ УСЛОВИЙ ДЛЯ ФОРМИРОВАНИЯ ЦИФРОВОЙ ЭКОНОМИКИ **167**

Логвинова Дарья Сергеевна
СТРАХОВАНИЕ — ВАЖНЕЙШЕЕ ЗВЕНО ФИНАНСОВОЙ СИСТЕМЫ **177**

Саблина Юлия Дмитриевна
ЭФФЕКТИВНОСТЬ СОВРЕМЕННОГО РЫНКА ЦЕННЫХ БУМАГ **183**

Ленче Петреска
Павлина Стојанова
СОВРЕМЕНИ ТРЕНДОВИ НА КОМУНИКАЦИЈА ВО ТУРИЗМОТ **189**

Стевчо Димески
Љупчо Вчков
ОРГАНИЗАЦИОНЕН МЕНАЏМЕНТ ВО ФУНКЦИЈА НА ПРОФИТАБИЛНОСТА СО ОСВРТ НА БАНКАРСКАТА ИНДУСТРИЈА **195**

Синиша Цветковиќ
КРЕАТИВНИТЕ ИНДУСТРИИ КАКО ПОТТИКНУВАЧКИ ФАКТОР НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ НА ЗЕМЈИТЕ **201**

Юхачёв Павел Сергеевич
ТРЕТИЙ СЕКТОР ЭКОНОМИКИ – НЕПРИБЫЛЬНЫЕ НЕКОММЕРЧЕСКИЕ ОРГАНИЗАЦИИ. ОСНОВНОЙ ИСТОЧНИК СРЕДСТВ – ПОЖЕРТВОВАНИЯ **207**

БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО

Слободан Бундалевски
Лидија Јолеска Буреска
Сузана Зиковска
ИСТРАЖУВАЊЕ Н ОПАСНОСТИТЕ И БЕЗБЕДНОСТА ПРИ РАБОТА СО ТРАКТОР **215**

Слободан Бундалевски
Сузана Зиковска
Лидија Јолеска Буреска
ВЛИЈАНИЕ НА ВОЗРАСТА И РАБОТНИОТ СТАЖ НА СЕДЕНТАРНИТЕ РАБОТНИЦИ ВРЗ СТЕПЕНОТ НА МУСКУЛНО-СКЕЛЕТНИТЕ НАРУШУВАЊА **221**

Николче Талевски
Драган Романски
ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА КВАЛИТЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛНИОТ ОТПАД – ТЕХНИЧКО ТЕХНОЛОШКИ АСПЕКТ **229**

Лидија Јолеска Буреска
Слободан Бундалевски
Сузана Зиковска
НАПРЕДНИ СТРАТЕГИИ ВО СОВРЕМЕНОТО УПРАВУВАЊЕ НА ОДРЖУВАЊЕ **235**

Сузана Зиковска
Лидија Јолеска Буреска
Слободан Бундалевски
МЕТОДОЛОГИЈА И МЕТОДИ ЗА ПРОЦЕНКА НА ДОВЕРЛИВОСТА НА ЧОВЕКОТ **243**

Невена Груевска
ВЛИЈАНИЕТО НА АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО ВРЗ ЗДРАВЈЕТО НА ЧОВЕКОТ **249**

Сузана Зиковска
Слободан Бундалевски
Лидија Јолеска Буреска
АНАЛИЗА НА СТЕБЛО НА ОТКАЗИ - МЕТОДА ЗА АНАЛИЗА НА ДОВЕРЛИВОСТ НА ТЕХНИЧКИ СИСТЕМИ **257**

Цветанка Митревска
Весна Мундишевска-Велјановска
ПРИМЕНА НА ПРАКТИЧНИ МЕРКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ВО ГРАФИЧКАТА ИНДУСТРИЈА **263**

Душица Трендова
ПРИМЕНА НА ЕРГОНОМСКИТЕ ПРИНЦИПИ КАКО ФАКТОР ЗА УСПЕШНО НАМАЛУВАЊЕ НА ПОВРЕДИ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО **269**

ИНФОРМАТИКА

Александар Петровски
ИМЕНУВАНИТЕ ЕНТИТЕТИ И МАШИНСКОТО ПРЕВЕДУВАЊЕ NAMED ENTITIES AND MACHINE TRANSLATION **277**

Зоран Тасевски
Димитар Богатинов
АНАЛИЗА НА ВЛИЈАНИЕТО НА IOT НА ВОЛУМЕНОТ НА DDOS НАПАДИТЕ **283**

Горан Бицовски
Димитар Богатинов
СТРУКТУРА НА ВЕБ САЈТОВИТЕ И АНАЛИЗА НА НИВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ **291**

Hadžib Salkić
Mahir Zajmović
Ibrahim Obhođaš
KRIPTOVALUTA – DIGITALNI NOVAC ZA DIGITALNO DOBA **299**

Миле Јакимовски
Орце Симов
Сашо Манасов
ИНТЕГРИРАН СИСТЕМ НА УПРАВУВАЊЕ, СЛЕДЕЊЕ НА ПРОМЕТОТ, КОНТРОЛА И ЗАШТИТА НА ДИВИ ПРЕХРАМБЕНИ ПЛОДОВИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО КОРИСТЕЊЕ НА ГИС ТЕХНОЛОГИЈА **305**

Сашо Манасов
Орце Симов
ОСНОВНИ ТИПОВИ И НАЧИНИ НА ПРОЦЕСИРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ **313**

Goce Gavrilov
Sasho Manasov
Orce Simov
BLOCKCHAIN TECHNOLOGY FOR AUTHENTICATION, AUTHORIZATION AND IMMUTABILITY OF HEALTHCARE DATA IN PROCESS OF RECIPES PRESCRIPTIONS *319*

Muhamed Ćosić
Hadžib Salkić
Mahir Zajmović
INTEGRACIJA SISTEMA ZA UPRAVLJANJE ZNANJEM I GAMIFICATION-A U OKRUŽENJU ELEKTRONSKOG UČENJA **327**

ОБЛАСТ

ЕКОНОМИЈА

005.5/.8:614.2

Д-р Ракип Малоски
Регулаторна комисија за домување
Република Северна Македонија

МОЖНОСТИ ИЛИ ДИЛЕМИ ЗА ПРИМЕНА НА "SIX-SIGMA" И "LEAN" МЕТОДОЛОГИЈАТА ВО ЗДРАВСТВОТО

Апстракт: И двете методи "Six-Sigma" и "Lean" најпрво се применети во производствени компании (Motorola и Tojota). Но, секако постојат здравствени организации кои ги имаат применето во својот работен процес. Двете методи се насочени кон оптимизирање на работниот процес т.е. сведување на трошоците на најниско можно ниво од една страна и зголемување на квалитетот на услугите од друга страна.

Основна цел на двете методи е постигнување повеќе квалитетни услуги преку отстранување на недостатоците и оптимизирање на трошоците во работниот процес. Менаџерскиот тим треба да ја напушти зависноста од надворешните контроли и да се ориентира кон подобрување и вградување квалитет во услугите.

Моделот "Six-Sigma" во решавањето на проблемите вклучува пет чекори DMAIC (Define, Measure, Analyze, Improve and Control) – Дефинирање, Мерење, Анализа, Подобрување и Контрола. Додека пак, "Lean" методологијата се ориентира кон постигнување на совршен квалитет на услугата уште на почетокот од работниот процес, така што да нема недостатоци и дефекти. Врши минимизирање на недостатоците, континуиран напредок и флексибилност на работниот процес во организацијата. Понатаму, одржува долгорочни односи со клиентите, притоа вклучувајќи во својата понуда такви услуги кои имаат вредност за клиентите а не услуги за кои мисли и сака да ги произведува.

Клучни зборови: "Six-Sigma", "Lean", услуги, здравство

POSSIBILITIES OR DILEMMAS FOR THE APPLICATION OF «SIX-SIGMA» AND «LEAN» METHODOLOGY IN HEALTH

Abstract: Both methods Six-Sigma and Lean were first applied in production companies (Motorola and Toyota). But, of course, there are health organizations that have applied them in their work process. Both methods are aimed at optimizing the workflow process i.e. reducing costs to the lowest possible level on the one hand and increasing the quality of services on the other.

The main goal of both methods is to achieve more quality services by removing deficiencies and optimizing the costs of the work process. The management team should leave the dependence on external controls and focus on improving and embedding quality in services.

The Six-Sigma model in troubleshooting includes five steps DMAIC (Define, Measure, Analyze, Improve and Control). While the Lean methodology is oriented towards achieving perfect quality of service at the beginning of the work process, so that there are no flaws and defects. Minimizes the disadvantages, continuous progress and flexibility of the workflow in the organization. Furthermore, it maintains long-term relationships with customers, including in its offer

such services that have value for customers rather than services it thinks and wants to produce.

Keywords: "Six-Sigma", "Lean", services, health

"SIX-SIGMA" ВО ЗДРАВСТВОТО

"Six-Sigma" се фокусира на "дефекти" во работниот процес во организацијата. Притоа, овозможувајќи универзална методологија со која се мери квалитетот на производите и услугите. Со примена на овој модел во здравството т.е. во здравствените организации може да се овозможи унапредување на процесот и операциите преку мерење на квалитетот и дефинирање на целите кои треба да се постигнат.

"Six-Sigma" може да даде одговори на многу прашања во подобрувањето на квалитетот на услугите. Бидејќи, во решавањето на проблемите вклучува пет чекори (DMAIC) и тоа: Дефинирање – е првиот чекор со кој се сака да се определат кои се потрошувачите, што всушност сакаат тие и каков процес треба да се примени за истиот да беде способен да одговори во постигнувањето на целите кои се претходно зададени од страна менаџмент тимот. Мерење – е следен чекор со кој се мерат особините на квалитетот преку кој се сака да се подигне нивото на задоволство кај потрошувчите. Анализа – претставува важен чекор каде со користење на статистички методи се анализираат претходно прибраните податоци за подобрување на процесот на работење и негово модифицирање во постигнувањето на целта т.е. зголемено задоволство кај потрошувачите. Подобрување – е таков чекор каде што се согледуваат потребните средства и ресурси за спроведување односно имплементација на модифицираниот процес. Конторола – е последен чекор од овој модел, преку кој се сака да се согледа-контролира, дали подобрувањата или пак, перформансите од работниот процес во организацијата се одржува во постигнување на целите.

Користењето на "Six-Sigma" во здравството претставува предизвик, бидејќи е многу тешко да се изнајде начин за квантифицирање на човечкото однесување. Притоа, да се дефинираат перформансите на услугата, трошоците на услугата како и задоволството на корисниците од услугата. Меѓутоа, со примена на "Six-Sigma", здравствените организации преку подобрување на квалитетот на услугата и задоволување на потребите на корисниците може да очекува и подобрување на својата профитабилност. Така што, во дефинирањето на својата цел и обем во постигнување на повисоко ниво на задоволството кај пациентите, првенствено треба да се ориентира кон потребите што ги очекуваат пациентите од нив. Како на пример, смалување на времето на чекање. Со креирање на основните перформанси во споредба со утврдените грешки во работниот процес да се квантифицира просечен показател. Притоа, утврдувајќи ја максималната и минималната граница, како на пример, определување на просечно време на чекање.

Понатаму, континуирано да се следи работата и прибирањето на податоци кои се поврзани со перформансите помеѓу задоволството на пациентите и времето на чекање. Во случај, ако нивото на перформансите е на долната граница од очекуваното ниво да се анализираат причините за проблемот. Така што, не само да се поправи проблемот, туку комплетно да се отстрани преку отстранување на причините од кои е предизвикан.

Откако, ќе се констатираат причините, потоа да се спроведе постапка за подобрување на перформансите на работниот процес. После спроведената постапка да се изврши проценка и контрола на системот пред и после спроведените

активности. Така што, да може да се утврди, дали се подобриле резултатите. Како на пример, дали се зголемило нивото на задоволство кај пациентите, дали времето на чекање се наоѓа во дозволените граници и дали воопшто се подобрил, унапредил целокупниот процес на работење во организацијата.

"Six-Sigma" моделот може да се спроведе и во други сегменти во здравството. Како на пример, во редуцирање на грешките во издавање на лекови и лекарства, редуцирање на дијагностичките, лабораториски грешки, како и подобрување на различните видови медицински и хируршки зафати во лекувањето на пациентите. Во своето работење здравствените организации: Mount Caramel Health System in Columbus, Ohio; Red Cross Hospital at Beverwijk, Netherland; Good Samaritan Health system in Kearney, Nebraska; Center (CAMC) in West Virginia; успешно го имаат применето овој модел.[1]

"LEAN" МЕТОДОЛОГИЈАТА ВО ЗДРАВСТВОТО

"Lean" методологијата се стреми кон совршен квалитет на првиот примерок од услугата односно кон решавање на проблемот на самиот почеток, така што да нема недостатоци и дефекти. Понатаму, ги минимизира недостатоците односно врши елиминација на сите активности кои немаат вредност и сигурност во работниот процес на организацијата.

Исто така, настојува да има континуиран напредок преку намалување на цената на услугите, подобрување на квалитетот, зголемување на продуктивноста и размена на податоци и информации кои се круцијални за процесот. Во својата понуда вклучува флексибилност преку понудата на други различни видови улсуги без намалување на ефикасноста на претходно понудените услуги.

Примената на "Lean" предвидува склучување и одржување долгорочни односи со потрошувачите, овозможува поделба на трошоците и врши размена на информации. На тој начин, обезбедува напредно производство на услуги т.е. да се произведува и нуди услуги кои што имаат вредност за потрошувачите.

Воопшто, на "Lean" методологијата основна цел е да се добие вистински производ или услуга, на вистинско место и во вистинско време, во потребниот квантитет, со минимизирање на губитоците односно да се остане флексибилен и отворен за промени. Принципите на "Lean" менаџментот во голема мера можат да влијаат во здравството. Бидејќи, "Lean" методологијата не е само тактика за производство на услуги или програма за намалување на трошоците туку таа е организациона стратегија која може да се примени во сите организации од едноставна причина, затоа што доведува до подобрување на работниот процес. Со доследна примена на низа акции и процеси, создава вредност низ целиот систем на организацијата и на тој начин влијае врз продуктивноста, цената и квалитетот.

За да ја разрешиме дилемата околу имплементацијата на "Lean" принципите во организацијата, треба да констатираме дали одвојуваме доволно време за развој на услугите што ги нудиме и дали имаме недостаток на стратешки планови за нашите услуги. Понатаму, дали стагнираме или сме во фаза на опаѓање во давањето на нашите услуги. Дали нашата служба за корисници е ефикасна или неефикасна, според бројот на поплаки, подршка на корисници, загуба на клиенти, недостаток на контакт со клиентите, достава на доцни, неточни или пак лоши резултати. Постои или не постои неефикасна комуникација помеѓу одделите во организацијата

1. Jayanta K. Bandyopadhyay and Karen Coppens, - International Journal of Quality & Productivity Management, volume 5, No.1, December 15, 2005, - p. (V-6) – (V-9).

и другите заинтересирани страни, има ли доволна контрола и следење на показателите за успешност т.е. рокови, одлагање, продуктивност и квалитет на услугата. И дали постои голема разлика помеѓу буџетот во организацијата и реалната понуда на услугите. После констатирањето на фактичката состојба во организацијата според претходно споменатите критериуми и одлуката да се имплементира "Lean" во работниот процес, може да се очекува зголемување на продуктивноста и намалување на оперативните трошоци, максимизирање на понудата на услуги според квалитетот, подобрување на процесот на услуги и зголемување на приходите. Подобрување на комуникацијата и зголемување на бројот на контакти со постојните и нови клиенти, како и воспоставување на ефикасна комуникација помеѓу вработените и клиентите.

ИНТЕГРАЦИЈАТА НА "LEAN" И "SIX-SIGMA" ВО ЗДРАВСТВОТО

Двете методи "Lean" и "Six-Sigma" создаваат можности со нивното интегрирање и имплементирање во здравството. "Lean" обезбедува стратегија и создава средина за подобрување на протокот и врши елиминирање на недостатоците. Овозможува менаџмент тимот постојано да се подобрува и создава можности за зголемување на вредноста на услугите. "Six-Sigma" придонесува да се донесуваат одлуки врз квантицирани податоци т.е. одлуки врз база на докази. Ги идентификува основните причини во изнајдувањето на одржливи решенија. Притоа, квантифицирајќи ги финансиските можности, придобивки и заштеди во организацијата.

Слика 1. Фокус на двете методологии кон подобрување на системот
Извор: Helen Bevan, Neil Westwood, Richard Crowe, Michael O'Connor - Lean Six Sigma: some basic concepts, 2005, NHS Institute for Innovation and Improvement, p.6

На слика 1, двете методологии на прв поглед изгледаат идентично. Но, сепак во понатамошното истражување двата пристапа имаат различни аспекти. "Lean" е повеќе ефикасен пристап и се фокусира на подобрување на процесот, создава вредност, ги елиминира недостатоците и е насочен кон постојано унапредување на системот. Бидејќи, тргнува од аспект, зошто овој процес постои и која е неговата вредност. Додека пак, "Six-Sigma" е повеќе ефективен пристап кој се фокусира на елиминирање на дефектите и отстранување на варијациите во процесот.

"Six-Sigma" тргнува од аспект како може да го подобриме овој процес а не од аспект зошто постои овој процес и која е неговата вредност. Меѓутоа, "Six-Sigma" пристапот вклучува мерење на податоци и нивна статистичка обработка. Значи, има статистичка основа во својата примена.

"Lean" пристапот има потреба да ја вклучи "Six-Sigma", бидејќи експлицитно не го опишува процесот т.е. поставениот проект во постигнување на одржливи резултати. "Lean" не ги препознава влијанието на варијациите и не е толку моќна во мерењето и анализата односно примената на петте чекори на "Six-Sigma". Додека пак, "Six-Sigma" пристапот има потреба да ја вклучи "Lean" методологијата, бидејќи ги идентификува недостатоците и применува системски пристап а "Six-Sigma" само го оптимизира процесот. Исто така, "Lean" го забрзува процесот и користи методи за брза реакција. "Six-Sigma" го подобрува квалитетот со многу побрзо темпо тогаш, кога "Lean" ги елиминира чекорите кои не создаваат вредност.

ЗАКЛУЧОК

Двете методи "Six-Sigma" и "Lean" во здравството се насочени кон подобрување на работниот процес и подобрување на системот, како на страната на потрошувачите (пациентите) така и на страната на понудувачите на здравствени услуги. Со зголемување на нивото на задоволство кај пациентите истовремено се зголемува и задоволството кај понудувачите на здравствени услуги, се разбира со зголемување на нивната профитабилност.

Примената на овие две методи во здравствените организации во голема мера треба да придонесат за подобрување и решавање на проблемите поврзани со работниот процес и квалитетот на услугите. Бидејќи, двете методи ги елиминираат недостатоците и се насочени кон решавање на проблемите и зголемување на квалитетот на услугите.

"Six-Sigma" ги намалува грешките, дефектите во работниот процес. Има статистичка подлога и со своите чекори врши оптимизирање на процесот. "Lean" ја зголемува брзината на процесот и гради фиксни врски помеѓу чекорите, притоа се фокусира на клиентите. Заедничко на двете методи е тоа што би требало да овозможат подобар квалитет на услугите, подобра испорака на услугите до клиентите, задоволни клиенти и задоволни вработени.

ЛИТЕРАТУРА

1. Jayanta K. Bandyopadhyay and Karen Coppens, - International Journal of Quality & Productivity Management, volume 5, No.1, December 15, 2005,
2. Arthur, J. (2011). Lean Six Sigma for Hospitals: Simple Steps to Fast, Afforable, Flowless Healthcare, New York: McGraw-Hill.
3. Helen Bevan, Neil Westwood, Richard Crowe, Michael O'Connor - Lean Six Sigma: some basic concepts, 2005, NHS Institute for Innovation and Improvement

005.574:334.72

Е. М. Гаврилова
Жито Лукс АД Скопје
Република Северна Македонија

В. П. Гаврилова
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

ПРЕГОВОРИТЕ КАКО РЕЛЕВАНТЕН СЕГМЕНТ ВО УСПЕШНОСТА НА КОМПАНИИТЕ

Апстракт: Во време на немилосрдна конкуренција и глобализирана бизнис средина, преговарањето е важен елемент за успешноста на една компанија. Деловните луѓе во современиот бизнис посветуваат многу време во преговори. Успешноста на деловните преговори зависи од способноста на преговарачкиот тим. Одамна е поминато времето каде преговорите ги водеше поединец. Компаниите сè повеќе се одлучуваат за ангажирање тим од луѓе кои ќе преговараат. Тимовите се способни да преземат поголем ризик од индивидуалците, а за да може тимот да функционира, неопходно е да се најде тактичен, решителен и флексибилен лидер.

Клучни зборови: преговарање, компанија, бизнис, тим, лидер

THE NEGOTIATIONS AS A RELEVANT SEGMENT IN COMPANIES SUCCESS

Abstract: In time of ruthless competition and globalized business environment, negotiation is an important factor of the success of a company. Businessmen in contemporary business dedicate a lot of time to negotiations. The success of business negotiations depends on the capability of the negotiation team. The time of negotiations lead by one person only is ancient history. Companies decide more often on engaging a team of persons to conduct the negotiations. Teams are prepared to take a much bigger risk than individuals, and to be able the team to work it is necessary to find a tactical, resolute and flexible leader.

Key words: negotiation, company, business, team, leader

Современата вештина на преговарање е процес на комуникација помеѓу две или повеќе страни, преку кои страните ќе ги надминат своите разлики и ќе се обидат да најдат прифатливо решение. Преговарачките вештини се користат во сите сегменти на човековата активност. Сè повеќе и повеќе специјализирани институции, универзитети, експерти, писмени материјали укажуваат на важноста на комуникацијата и разбирањето меѓу луѓето, а со тоа и на употребата на преговарачки вештини со цел да се постигнат најдобрите можни резултати. Без разлика дали ќе се инвестира во нов бизнис или промена на нова работа, преговарачките вештини можат да бидат клучот на успехот. Преговарањето е процес во кој и двете страни имаат право на вето на крајниот исход, но потребна е и доброволна согласност од двете страни.

Врз база на тоа дали страните вклучени во преговорите се насочени кон целта или меѓучовечките односи, стиловите на преговори се разликуваат. Преговарањето во бизнисот бара креативна соработка како основа за успешни преговори. За време на преговорите може да има опасност ако некој смета дека другите преговарачи имаат ист стил на преговарање или ако аргументот тврди дека истото дејствува и од другата страна на преговорите. За успешно да се соработува многу е важно да се запознаат преговарачките стилови на другите, оние со кои се преговара. Со цел да се постигне успех во преговорите, преговарачот треба да се обиде да се прилагоди на другата страна.

Шареноликоста на идеи и цели е фактор кој го зголемува бројот на потенцијални опции и решенија. Идеите можат лесно да се препознаат ако се фокусираат на проблемот. Преговорите се процес во кој е потребно да се разбере и да се сфати мислењето на другата страна, но и да се избегнуваат ситуациите, однесувањата и фразите кои можат да ја зголемат напнатоста. Многу често се доаѓа до ситуација кога двете страни се напаѓаат едни со други при што заборават дека наоѓањето на соодветно решение е основата за преговарањето. Основно правило на преговорите е дека луѓето нема да преговараат со вас ако не веруваат дека можете да им помогнете или дека може да им наштетите.[1]

Гледано од страна на нашето работно секојдневие би се рекло дека се преговара со клиенти за да им се продаде нешто од нашите производи или услуги, со нашите соработници се преговара за да се избори некоја подобра позиција во соработката, со нашите колеги преговараме за подобра соработка при извршување на некоја задача, обезбедување на сигурност за постигнување на некој тајминг, обезбедување на сигурност за нивна посветеност на задачата, со нашите работодавачи преговараме за нашата позиција во компанијата, наше унапредување, наша поголема плата, наш дополнителен бенефит од работењето итн. Сепак, зошто го споменуваме воопшто животот, дали ова не е само за работниот дел од нашиот живот? Секако дека не е. Ако се посветиме на приватноста ќе видиме дека всушност секојдневно преговараме и во делот од животот кога не сме на работа. Преговараме со пријателите за времето и местото каде ќе се сретнеме, преговараме со родителите за помош при обезбедување на наш личен автомобил, преговарате со партнерот за тоа каде ќе одите на годишен одмор, преговарате со вашите деца, ако го изедеш цело чиниче со супа, тато и мама ќе ти купат огромна топка со спајдермен или барбика. Всушност, преговараме 24/7 и затоа се смета дека преговарањето т.е. вештината за преговарањето е една од клучните вештини за успешен живот.

Постојат повеќе фактори на кои треба да се посвети внимание за да се усоврши вештината за преговарање и секој ден да се биде сè подобар и подобар. Како фактори кои во голем обем влијаат на исходот од преговарањето може да се споменат: комуникациските вештини, вештината за разговорност, вештини на активно слушање, вештина за правилно поставување на прашања, усовршени и унапредени продажни вештини итн., но сепак една од водечките работи е да го познаваме сопствениот преговарачки стил.[2]

Преговарањето во бизнисот е далеку од тоа да биде еднодимензионален процес во кој преговарачките страни се пазарат околу една преговарачка варијабла. Напротив, тој е мултидимензионален процес во кој се земаат предвид мноштво варијабли во различни полиња од бизнисот. Ако која било од

1. Volkema, R.J. (1999) The Negotiation Tool Kit: "How to Get exactly What you want in any Business and Personal Situation", New York, American Management Association, str. 47
2. Gates, Steve (2011). The Negotiation Book. United Kingdom: A John Wiley and Sons, LTD, Publication. p. 232.;

преговарачките страни е заглавена во процесот на пазарење околу позициите за конкретна варијабла, тогаш единствениот позитивен исход е компромис.

Гледано од аспект на таа конкретна варијабла, ова може да се смета за успех. Сепак, гледано од глобален аспект и од точка колку уште вредност страната можела да добие, заклучокот е дека компромисот е делумен исход во кој победник не е ниту една страна. Во тој преговарачки процес, не била направена проверка за опцијата отстапка на некоја преговарачка варијабла да се наплати (односно надомести отстапената вредност) преку барање другата страна да отстапи од својата позиција по некоја од другите преговарачки варијабли. Целта на преговарањето во бизнисот, но и во секојдневниот живот, е да овозможи двете страни да се задоволни од резултатот на преговарањето, односно таканаречена win-win ситуација. Најчесто, преговарањето е процес кој што одзема многу енергија и време. Таа енергија и време не се напразно потрошени, затоа што после преговарањето останатиот дел од работите ќе одат многу полесно, преговарачот ќе биде многу посигурен во она што се работи после тоа, но и поискусен за наредните преговори.

Многу е јасно дека смислените и подготвените преговори почнуваат многу порано пред да се сретне соговорникот. Пред почетокот на преговорите, неопходно е да се одреди целта, да се направи стратегија, да се соберат информации кои ќе ја зајакнат позицијата, да се утврди дали преговорите ќе бидат индивидуални или тимски, да се одлучи за местото на преговорите, зошто да се има план за преговарање е приоритет за време на преговорите. Времето, моќта и информациите се трите клучни елементи на преговорите.[3]

Од исклучителна важност е да се воспостават три позиции за да се изготват преговорите: максимална позиција, цел и минимална позиција. Максималната позиција е оптималниот и најдобар реален можен резултат. Целта е резултат кон кој се стреми и со кој би бил целосно задоволен, што е нешто помалку од оптималното. Минималната позиција е најмалиот можен резултат кој преговарачот е подготвен да го прифати. Сè што е помалку од тоа е неприфатливо.

Врз конечниот исход на преговорите влијае и местото каде тие се одвиваат. Психолошката предност е кај оној кој е на негов „терен" и во исто време има контрола над преговорите, биејќи другата страна е многу потешко да го попречи или прекине. Ако преговорите се одвиваат во просториите на другата страна, оној кој преговара има на располагање изговор дека неговите овластувања се ограничени и не можат да доведат до поголеми отстапки. Од друга страна пак, на носителите на одлуки им е полесно да ги носат своите одлуки во присуство на нивниот соговорник.

Преговорите можат да бидат индивидуални или тимски. И двата вида имаат свои предности и недостатоци. Придобивките од индивидуалното учество се да се донесат одлуки многу побрзо и полесно, другата страна не може да создаде несогласување меѓу членовите на тимот, да ги подели и со тоа да ја ослабне преговарачката позиција. Предноста на учеството на тимот е дека тимовите за донесувањето одлуки не го прават тоа брзо, со што се намалува можноста за грешка, и членовите на тимот можат да придонесат за нивните подобри резултати со нивните ставови и проценки. Особена предност е членови на тимот да се и експерти со што во тој случај тимот се цени за поефикасен.

3. Kramer, H. S. (2001) Game, set, match: winning the negotiations game, American Lawyer Media, p. 15

Во составувањето тимови за преговорите, мора да се има во предвид бројот на лица во тимот и структурата на самиот тим. Некои деловни култури, како што се Кинезите, обично прават големи преговарачки тимови, додека други пак, како што се Американците, имаат тенденција да бидат помали. Успешен преговарачки тима има голем број релевантни вештини и знаења потребни за одреден проблем. Членовите на тимот треба да бидат искусни, посветени на цели, знаејќи претходно дека имаат овластување да преговараат и да имаат добар тимски водач.

Многубројни понови истражувања укажуваат на тоа дека за да се постигне успех и да се избегне неуспех на тимот, од клучно значење е да се разбере улогата на лидерот во тимот. Ова подразбира дека причината за неуспешните тимови е скриена во неефикасното лидерство. Функцијата на лидерот во тимот е различна од традиционалната улога што ја има лидерот. Овие лидери мора да ги пренесат информациите до другите членови на групата и да имаат доверба во нив, за да бидат подготвени да се откажат од одредено ниво на авторитет во корист на тимскиот дух. Лидерот му задава проблем на неговиот тим и го предлага неговото решение, а други членови на тимот работат на подобрување на проблемот. Во овој процес, лидерите треба да бидат дискретни и да дозволат други членови на тимот да работат на проблемот, а тој само да ги насочува и следи во текот на настаните. Во моментот кога постои застој во процесот на изнаоѓање на решение, лидерот треба да преземе иницијатива, да поставува интересни прашања или да дава свежи идеи до другите членови на тимот за понатамошно решавање на проблемот. Улогата на лидер на тимот е да го разреши конфликтот, доколку се појави, меѓу другите членови на тимот. Тој ги набљудува другите членови, нивните расположенија, стравови и сомнежи, и се обидува да разговара со секој поединечно, да го запознае подобро, да го реши проблемот. Лидерството е важно не само за успехот во работата, туку и за излегувањето од кризата.

Преговарачкиот стил претставува општ приод кон преговорите како и начин на кој лидерот го насочува однесувањето на подредените и средствата што ги користи за да се здобие или да се согласи со посакуваното однесување кое директно влијае на стилот кој го користи лидерот кој преговара. Стиловите за преговарање се обликувани од начинот на кој лидерот на преговорите се обидува да ги задоволи сопствените интереси и интересите на другата страна. Основните критериуми за разликување на преговарачките стилови кои ги користи лидерот се: неговиот приод за мотивирање на подредените, начинот на кој се донесува одлука, изворите на моќ која што се користи за да се сфати влијанието и способноста на лидерите да го прилагодат своето однесување во различни ситуации.

Квалитетните преговори подразбираат конзистентност на поврзаност на зборовите со делата. Довербата се постигнува со самото тоа што зборовите, предлозите од страна на преговарачите се интерпретираат преку практичните активности во компанијата, а тоа значи не остануваат само празни епитетни зборови. Лидерот – преговарач треба да покаже дека е верен на компанијата и нејзините цели, а подредените кон ваква личност имаат доверба која се рефлектира преку следење на насоките и извршување на задачите на ефикасен начин кој овозможува реализација на одлуки со истовремено чувство на задоволство и исполнетост на активностите насочени кон остварување на целите на компанијата.

ЗАКЛУЧОК

Способноста да се преговара за поповолен договор е клучна за успешно работење на една компанија. Меѓутоа, способноста паралелно да се гради релација на доверба и да се преговара, внимавајќи на своите интереси и цели, е редок квалитет на луѓето. Тие честопати премногу се ориентираат на релацијата да победат и добијат поголем профит, занемарувајќи го притоа односот кон градење релација за долгорочна соработка, а тоа значи водење сметка не само за сопствените цели туку и за аспирациите на другата страна. Секогаш треба да се почитува фактот дека во процесот на преговарање кога имаме давање и примање вистинските услови на трансакција треба да бидат усогласени.

РЕФЕРЕНЦИ:

1. Volkema, R.J. (1999) The Negotiation Tool Kit: "How to Get exactly What you want in any Business and Personal Situation", New York, American Management Association
2. Gates, Steve (2011). The Negotiation Book. United Kingdom: A John Wiley and Sons, LTD, Publication.
3. Kramer, H. S. (2001) Game, set, match: winning the negotiations game, American Lawyer Media
4. Đurišin, D., Janošević, S., Kaličanin, Đ. (2012) Menadžment i strategija, Centar za izdavačku delatnost Ekonomskog fakulteta u Beogradu, Beograd

005.96:615.1]:005.52:005.33(497.7)

Драган Ѓурчевски
Меѓународен Славјански Универзитет „Г.Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Богдан Ѓурчевски
АД ЕЛЕМ
Република Северна Македонија

АНАЛИЗА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЕДНА КОМПАНИЈА КАКО МОЖНОСТ ЗА ПОЕФИКАСНО РАБОТЕЊЕ

Апстракт: Луѓето се основен дел на секоја организација. Секоја организација е составена од луѓе. Целта на организациите е остварување на потребите на луѓето. Секој човек има свои потреби и свој карактер. Заради тоа, при промени во организација постои потреба од прецизно осмислување на секој чекор, како и стратешко планирање во реализацијата на потребните промени. Тоа е и примарната цел на менаџментот на човечки ресурси, кој преку планирањето на човечките ресурси, анализата на работните места, регрутацијата и селекцијата, обуката, развојот, како и наградувањето на работата, придонесува за остварување позитивни резултати, подобрување на перформансите на човечките ресурси и конкурентноста на компанијата.

Во трудот е направена анализа на функционирањето на менаџментот на човечки ресурси во една извозно ориентирана фармацевтска компанија, при што може да се заклучи дека тој е позитивно третиран и организационо поставен. Целта на истражувањето е да се согледа моменталната состојба на менаџментот на човечки ресурси во компанијата, да се дијагностицираат проблемите и недостатоците кои се јавуваат, како и да се утврдат систем мерки за нивно елиминирање и поефикасно функционирање.

Клучни зборови: анализа, менаџмент на човечки ресурси, компанија, можност, поефикасно работење

Dragan Gjurchevski, PhD
International Slavic University „Gavrilo Romanovic Derzavin„ Republic of Macedonia
Bogdan Gjurchevski, PhD
AD ELEM

ANALYSIS OF THE FUNCTIONING OF HUMAN RESOURCES MANAGEMENT IN A COMPANY AS AN OPPORTUNITY FOR MORE EFFICIENT OPERATION

Abstract: People are an essential part of any organization. Each organization is composed of people. The goal of organizations is to meet people needs. Each person has his own needs and his own character. Therefore, when organizing changes, there is a

need for precise thinking at each step, as well as strategic planning in the realization of the necessary changes. It is also the primary goal of human resource management, which through human resource planning, job analysis, recruitment and selection, training, development, and remuneration contributes to achieving positive results, improving human resource performance and the competitiveness of the company. The paper analyzes the functioning of human resources management in an export-oriented pharmaceutical company, and it can be concluded that it is positively treated and organized. The purpose of the research is to understand the current state of human resources management in the company, to diagnose the problems and disadvantages that arise, and to determine a system of measures for their elimination and more efficient functioning.
Key words: analysis, human resources management, company, opportunity, more efficient operation

ВОВЕД

Зголемувањето на успехот преку подобрување на конкурентноста во рамки на една компанија е основен приоритет кон кој што треба да се тежнее во современите услови на работа. Конкурентноста на една организација зависи од низа фактори, а повеќето од нив се поврзани со луѓето односно човечкиот фактор. Човечкиот фактор е моторот на секоја организација, од која директно зависи нејзиниот развој. Оттука произлегува важноста и значењето на менаџментот на човечки ресурси. Развојот на човечките ресурси преку креирање сопствени стручни кадри е долготраен, макотрпен и скап процес. Раководните структури во компанијата не треба да го занемаруваат овој производен фактор или да се однесуваат со негрижа кон него. Во прилог на оваа констатација говорат позитивните искуства од развиениот свет, каде грижливиот однос кон работната сила резултира со изразито позитивни резултати.

Во овој труд направена е анализа на функционирањето на менаџментот на човечки ресурси во една компанија која егзистира на македонскиот фармацевтски пазар, како и во земјите од опкружувањето. Анализата е насочена кон организациската поставеност на компанијата, анализа на функционирањето на менаџментот на човечки ресурси, анализа на фармацевтскиот пазар на Република Македонија и во опкружувањето. Целта на истражувањето е да се утврди состојбата на менаџментот на човечки ресурси во рамки на компанијата, да се дијагностицираат проблемите и недостатоците со кои се соочува, како и да се предложат систем мерки за нивно отстранувањење и поефикасно работење.

1. МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Основно правило во рамки на теоријата на организацијата е дека човекот е клучниот сегмент на секоја организација, било да е тоа државата, некоја компанија, установа или семејство. Секој вид и ниво на организација е составена од луѓето и сите видови на организации постојат заради задоволување на нивните потреби. При секоја промена на организациската структура која е составена од луѓето т.е вработените во организациите, неопходен е осмислен пристап и стратешки план за тоа како да се реализираат потребните промени. Со дефинирање на соодветна деловна стратегија, воедно се овозможува навремено преиспитување на стопанисувањето на организацијата од аспект на нејзината ефикасност, економичност и рентабилност.

1.1КОМПОНЕНТИ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Постојат неколку компоненти во рамки на менаџментот на човечки ресурси. Првата компонента на системот на менаџмент на човечки ресурси која ја применуваат менаџерите е регрутирање и селекција, со цел да се привлечат и вработат нови лица кои имаат способност, вештини и искуство и да се помогне на организацијата да ги постигне своите цели. По регрутирањето и селекцијата на вработените, се применува кон втората компонента, обука и развој, со цел членовите на организацијата да развиваат вештини и способности што ќе овозможат ефективно да ја извршуваат својата работа. Обуката и развојот се континуиран процес, бидејќи промените во технологијата и средината, како и на целите и стратегиите на организацијата, честопати бараат од членовите на организацијата да научат нови техники и начин на работа. Третата компонента го опфаќа наградувањето на работата и добивањето повратна информација. Според наградувањето на работата, менаџерите им делат плата на вработените и тоа е четвртата компонента на системот на менаџмент на човечки ресурси. Наградувањето на членовите на организацијата кои одлично ја вршат својата работа со зголемување на платата, бонуси и слично, ја зголемува веројатноста дека највредните човечки ресурси на организацијата се мотивирани да продолжат со високо ниво на придонес за организацијата. Последната компонента на менаџментот на човечки ресурси е компонентата на работните односи во организацијата која придонесува да се постават сигурни работни односи и фер работна практика во компаниите. Менаџерите мора да се сигурни дека наведените компоненти се усогласени и ја надополнуваат структурата и контролните системи на организацијата.

1.2 ПЛАНИРАЊЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

Планирањето на човечките ресурси се состои од низа активности во кои менаџерите се вклучуваат за да ги предвидат нивните тековни и идни потреби од човечки ресурси. Како дел од планирањето на човечките ресурси се прават предвидувања за побарувачката и за понудата. Предвидувањата за побарувачка ги проценуваат квалификациите и бројот на вработени лица потребни на организацијата во однос на нејзините цели и стратегии. Предвидувањата на понудата ја проценуваат расположливоста и квалификациите на тековните вработени, сега и во иднина, како и понудата на квалификувани работници на надворешниот пазар на трудот. Проценката за потребите на тековните и на идните човечки ресурси им помага на менаџерите да одредат кого треба да се обидуваат да регрутираат и изберат, со цел постигнување на организационите цели сега и во иднина.

1.3 АНАЛИЗА НА РАБОТНИ МЕСТА

Анализата на работното место е втора важна активност што менаџерите треба да ја превземат непосредно пред регрутирањето и селекцијата. Анализата на работните места е процес на одредување работни задачи, должности и одговорности што го сочинуваат работното место (опис на работното место) и познавањето, вештините и способностите потребни за извршување на работното место (спецификации на работното место). Откако менаџерите ќе го завршат планирањето на човечките ресурси и анализата на сите работни места во рамки на организацијата, тие ги знаат потребите од човечки ресурси и работните места што треба да ги пополнат. Тие

исто така знаат какво познавање, вештини и способности ќе им бидат потребни на потенцијалните вработени за извршување на тие работни места.

2. АНАЛИЗА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЕДНА ФАРМАЦЕВТСКА КОМПАНИЈА

Со цел да се согледа начинот на функционирање на менаџментот на човечки ресурси во пракса, направена е анализа на функционирањето на менаџментот на човечки ресурси во една фармацевтска компанија која е извозно ориентирана. Понатаму, предложени се мерки за негово поефикасно работење.

2.1 ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ

Компанијата која е предмет на анализа во овој труд има вертикално посветена организациска структура на авторитетите и хоризонтален тек на комуникација помеѓу секторите. На врвот на организациската структура е надзорниот одбор кој е составен од лица кои се директно именувани од акционерското собрание. Задачата на надзорниот одбор е верификување на плановите и целите на компанијата, како и контрола на целокупниот процес на работење. Во рамки на организациската структура веднаш под надзорниот одбор се наоѓа генералниот директор, чија основна задача е организирање и координирање на секторите во компанијата, заради спроведување на плановите и целите. Генералниот директор има обврска да доставува квартални извештаи за работењето на компанијата до надзорниот одбор. Директна поддршка и сервис за директорот е неговиот кабинет, кој покрај административните работи го сочинуваат и службата за внатрешна ревизија, како и службата за човечки ресурси. Следни во вертикалната структура на организациската поставеност на компанијата се секторите за финансии, производство, за надворешна трговија, комерција, за правни работи, маркетинг и инвестициски развој.

2.2 АНАЛИЗА НА ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во анализираната фармацевтска компанија службата за човечки ресурси завзема значајно место во рамки на организациската структура. Основна задача на службата за човечки ресурси е да обезбеди што е можно подобро функционирање на компанијата од аспект на човечкиот фактор. Самата служба е составена од раководител и пет референти за човечки ресурси, секој од нив со посебни задачи во поглед на функционирањето на менаџментот на човечки ресурси. Основна задача на службата е планирање на човечките ресурси во компанијата. Планирањето на човечките ресурси е директно поврзано со стратешкиот план на компанијата, па така при зголемување на обемот на работа, службата ја анализира новонастанатата ситуација и доколку со постојниот број на вработени не е возможно да се одвива процестот, се предлага зголемување на бројот на извршители или пак се креираат нови работни места. Спротивно на ова можно е да се намали обемот на работа и да се појави потреба за редуцирање на бројот на извршители или работни места. Оваа одлука ја носи управниот одбор по предлог на службата за човечки ресурси.

Анализата на човечките ресурси во компанијата е сложен процес кој претставува основа за донесување на стратегиските одлуки. При анализата треба да се согледа содржината на работното место, односно кои се неговите содржини,

задачи, задолженија, потребни знаења, вештини, способности, искуство, како и висината на платата.

Креирањето на работните места значи употреба на алатки и техники кои ќе овозможат зачувување на задоволството кај вработените, а истовремено ќе придонесат за висока профитабилност и продуктивност. Целта на креирањето на работното место е да се оствари оптимален однос помеѓу работникот и компанијата. Во анализираната фармацевтска компанија креирањето на работните места мора да биде во согласност со Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места. При креирање на работното место се дава комплетен опис на работните задачи, потребните квалификации, вештини и знаења кои се неопходни за тоа работно место, како и висината на наградата односно платата.

Како резултат на сè поголемата свест за стратешката важност на управувањето со човечките ресурси доведе до создавање на терминот-човечки капитал. Човечкиот капитал претставува материјален индикатор за вредноста од луѓето кои ја сочинуваат организацијата.[6] Стратегиската улога на менаџментот на човечките ресурси тргнува од тоа дека на вработените треба да се гледаат како на капитал, бидејќи тие се клучот за успехот на претпријатието, а оттука "најбитен фактор во конкурентскиот успех е како претпријатието ја менаџира својата работна сила" и менаџментот на човечките ресурси е процес на усогласување, кој ги спојува организациските цели и стратегија со правилниот пристап за задржување на човечкиот капитал на фирмата[7] .

Новите пристапи во управувањето се засилија во последната деценија во повеќето развиени држави, и ја опфаќаат, како бизнис-сферата, така и сферата на јавните услуги[8] . Главниот поттик предизвикан од глобализацијата, се изрази од признавањето на фактот дека подобрувањата во ефикасноста на организациите се тесно поврзани со човечкиот фактор, а оттаму и со практиките за плата и вработување, селекција, работните методи, односи со вработените, мотивациската политика и други аспекти од менаџментот на персоналот. Затоа персоналот,

3. Pirjevec, B. (2008): Ekonomska obiljezja turizma, Golden marketing, Zagreb, стр.89,
4. Robert L. Mathis and John H. Jackson, (2012): Цитирано дело, стр. 146,
5. Mark A. Huselid, Susan E. Jackson, and Randall S. Schuler, "Technical and Strategic Human Resource Management Effectiveness as Determinants of Firm Performance,"Academy of Management Journal 40, no.1(2007): 171-188; and John T. Delaney and Mark A. Huselid, "The Impact of Human Resource Management Practices on Perceptions of Organizational Performance ", Academy of Management Journal39, no.4(2010);949-969;
6. Riki V. Grifin,(2012): "Principles of Management", Prantice Hill, Usa, str.76,
7. James N.Baron and David M.Kreps, "Consistent Human Resource Practices," California Management Review 41, no.3 (Spring 2009)29-53;
8. Повеќе за тоа: Добри практики в - Институт Уърлдуоч. Може ли един град да бъде устойчив?, Състояние на планетата 2016. (2016) София: Книжен тигър. стр.133-137.

човечките ресурси во ерата на глобализираното општество се третираат како капитал кој од своја страна бара внимателно и иновативно управување. Од друга страна, слична таква констатација го помага заклучокот дека на раководителите и менаџерите треба да им се обезбеди значително повеќе форми на власт и самостојност за да управуваат со персоналот (Тромпенаарс, Хембдън-Търнър, 2005). Од друга страна, глобализацијата врши притисок и во насока на фактот дека управувањето на човечкиот фактор, на персоналот, треба да се адаптира поблиску до специфичните околности во различните организации и дека треба да се обрне значително повеќе внимание на развивање на сеопфатна стратегија за менаџмент на персоналот, планирање на потребите од персонал, развој на лидерски вештини и мотивирање на вработените. Или, како се има изјаснето Клаус Шваб (2016, 13-14) „премногу ниското ниво на лидерство и разбирање на промените", дополнително ги изострува проблемите во управувањето на персоналот. (Василев, Ефремовски, 2018)

Од аспект на организираноста и организационата структура, во менаџментот на највисоко ниво во туризмот спаѓаат: бордот на менаџери, претседателот на бордот на менаџери, генералниот менаџер и стратегискиот менаџмент. Генералниот менаџер во туризмот има десет позначајни улоги коишто се класифицирани во три групи. Првата група улоги се од доменот на интерперсоналните односи, втората информативни и третата група улоги се улоги на одлучување .

Менаџментот на стратегиско ниво во туризмот е група на луѓе која е одговорна за формулирање на стратегијата, извршување на стратегијата и оценување и контрола на извршувањето. Тоа се оние менаџери коишто се одговорни за донесување одлуки коишто се од посебна важност за туристичкото претпријатие. Овој менаџмент ги одржува екстерните односи на компанијата со другите фирми, со владини агенции, со туристички асоцијации и со локалната власт. Тие се заинтересирани за долгорочниот успех на претпријатието.

4.СОСТОЈБАТА НА УПРАВУВАЊЕТО СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ТУРИЗМОТ, ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Современиот менаџмент во туризмот, не е само натпреварување со конкуренцијата во давањето на туристички услуги, квалитетот и другите елементи на работење. Во исто време тоа е борба на умови, иницијатива, храброст, организациони вештини и друго.

Модерните менаџери во туризмот во потполност го елиминирале шаблонскиот начин на работа, влијанијата надвор од окружувањето, пасивноста и брзоплетоста. Менаџерите треба побрзо да размислуваат од другите. Општо е настојувањето на менаџерот во туризмот конкуренцијата да се победи со знаење, умеење и способност.

Менаџментот во туризмот во Република Македонија има свои специфичности и карактеристики, или :

- Одлучување по интуиција: И во наши услови, слично како и во развиениот свет, менаџментот во туризмот има пресудно влијание врз мобилизирањето на сите фактори на производство т.е. давање туристички услуги.
- Самодоволност и самозадоволство: Во Република Македонија ниско е рангиран конкурентскиот дух (сфатен како проширување и реагирање

на надворешната перспектива), што е доказ повеќе за самодоволноста и самозадоволството во коешто обично запаѓаат организациите што го поминале зенитот и се наоѓаат во фазата на рана или доцна бирократизација.

» Информирање во затворен круг: Негативниот предзнак од ваквиот атрибут произлегува од следново: информирање за (не)задоволството на корисниците на производите, услугите се врши со непосредни контакти со нив но, тоа се прави повремено или по потреба, никој посебно не е задолжен за следење и информирање во туристичкото претпријатие за состојбите во окружувањето, и информирањето, пак, на раководните структури внатре во организацијата во 40% од случаите се обезбедува преку состаноци кои се одржуваат по потреба, во 11% од случаите во меѓусебни неформални контакти, а само 2% преку информативниот систем на туристичкото претпријатие, додека комбинирано во 23% од случаите.

» Индолентност кон знаењето: Како што е познато од теоријата на организациите, зрелите претпријатија треба да одлучуваат за иднината, потпирајќи се на застарена опрема, класично давање туристички услуги и луѓе кои што се исто така со застарени знаења, што секако се проблеми што ги немаат младите компании.

» Флексибилен стил на раководење: Македонските менаџери истакнуваат дека е евидентно поместувањето од автократски кон флексибилен стил на раководење.

» Подготвеност за ризик: Високо е изразена подготвеноста за преземање ризик.

ЗАКЛУЧОК

Туризмот е „човечка индустрија“, па квалитетот на персоналот е пресуден за квалитетот на угостителската услуга. Добро одбрани, обучени, информирани и мотивирани вработени се сметаат како услов за опстанок и напредување на модерните компании, односно главна улога на менаџерот за човечките ресурси своето ангажирање да допринесе за зголемување на продуктивноста на вработените, а со самиот тим и квалитет на производите и услугите. Еден од основните начини на постигнување на конкурентските предност на глобалниот пазар е смислено пристапување на управување на кадрите, односно нивните потенцијали. Оптималната употреба на кадровскиот потенцијал во процесите на организација овозможува остварување на предностите на пазарот со зголемен квалитет, конкурентска цена, намалени трошоци на делување. Квалитетна услуга е, всушност, и резултат на добра тимска работа, каде што луѓето можат да го дадат својот максимум и одржување на високи перформанси, да се пренесе позитивна слика на хотелот и зголемување на профитот.

КОРИСТЕНА ЛИТАРАТУРА

1. Василев, В., Ефремовски, И. (2018) Организациска култура и мотивација на персоналот – Теоретски основи и добри практики. МЦСП: Свети Николе
2. Pfeffer, J. (2013): The Human Equation (http://www.shrm.org./hrmagazine/srticles/0298book.htm) ,
3. Robert L. Mathis and John H. Jackson,(2012): Human Resource Management: Essential Perspectives, 2nd ed.(Cincinnati, OH: South –Western Publishing),

4. Pirjevec, B. (2008): Ekonomska obiljezja turizma, Golden marketing, Zagreb,
5. Mark A. Huselid, Susan E. Jackson, and Randall S. Schuler, "Technical and Strategic Human Resource Management Effectiveness as Determinants of Firm Performance,"Academy of Management Journal 40, no.1(2007): 171-188; and John T. Delaney and Mark A. Huselid, "The Impact of Human Resource Management Practices on Perceptions of Organizational Performance ", Academy of Management Journal39, no.4(2010);
6. Riki V. Grifin,(2012): "Principles of Management", Prantice Hill, Usa,
7. James N.Baron and David M.Kreps, "Consistent Human Resource Practices," California Management Review 41, no.3 (Spring 2009),
8. Радосављевиќ, Ж., Савремени менаџмент у угоститељско-туристичком предузечу, Туристички савез Србије и часопис„Туризам-Угоститељство-Бизнис", Саветовање, Велика Плана, 2014,
9. www.tourismmacedonia.gov.mk.

005.336.4

Доц. д-р Трајанка Макреска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Доц. д-р Јулијана Силјаноска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Вон. проф. д-р Лидија Ѓошевска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

ИНТЕЛЕКТУАЛНИОТ КАПИТАЛ, ОРГАНИЗАЦИИТЕ И НОВАТА ЕКОНОМИЈА

Апстракт: Ерата на глобализација базирана на технолошката и информатичката револуција ја отсликува сегашноста во која доминира планетарниот процес на се поголема меѓузависност, кој се карактеризира со компресија време-простор, создавање глобални пазари, делување на далечина, ширење на исти облици на организација и начин на живот. Присутна е потрагата за нови парадигми кои ќе овозможат натамошен напредок на организациите. Процесите на глобализација и дерегулација влијаат на промените на односите на оние кои продаваат и купуваат од една страна, и измеѓу оние кои вршат инвестирање во капитал и оние кои вршат инвестирање во способности. Информационите технологии во ерата на глобализацијата ги прават финансиските пазари отворени и транспарентни. Големата моќ од рацете на продавачите оди во рацете на купувачите.

Клучни зборови: интелектуален капитал, организации, знаење, вредност

INTELLECTUAL CAPITAL, ORGANIZATIONS AND NEW ECONOMY

Abstract: The era of globalization based on the technological and information revolution reflects the present in which the planetary process of increasing interdependence dominates, which is characterized by time-space compression, creation of global markets, distance management, dissemination of the same forms of organization and way of life. There is a search for new paradigms that will enable further advancement of organizations. The processes of globalization and deregulation affect the changes in the relationships of those who sell and buy on the one hand, and between those who invest in capital and those who invest in capabilities. Information technologies in the era of globalization make the financial markets open and transparent. Great power from the hands of the sellers goes into the hands of the buyers.

Keywords: intellectual capital, organizations, knowledge, value.

Творец и носител на интелектуалниот капитал е човечкиот потенцијал. Во современата економија клучен развоен и економски ресурс е интелектуалниот капитал, а целната основа е знаењето.

Основните ресурси денес се информациите базирани на знаење и тие стануваат центар на работењето. Знаењето како основа на интелектуалниот капитал станува основен стратешки ресурс, генератор на информации и перфоманси на организацијата. Моќта сега се пресели кај оние кои во своите деловни активности го вложуваат сопственото знаење, за разлика од порано, каде моќта била кај оние кои во своите деловни активности вложувале пари.

Само оние организации кои ќе бидат способни да произведуваат, управуваат и постојано да го зголемуваат сопствениот интелектуален капитал, ќе можат да осигураат опстанок, развој и раст. Интелектуалниот капитал се смета за релативно нова и комплексна економска категорија, која ги подразбира сите оние елементи на работењето кои не се експлицитно изразени во традиционалните официјални финансиски извештаи.

Важно е да се истакне дека интелектуалниот капитал создава нова дополнителна вредност и битно влијае на долгорочната профитабилност и конкуретност на организацијата. Интелектуалниот капитал претставува инвестиција и развоен потенцијал на организацијата, но не му се посветува доволно внимание и се уште се набљудува како трошок на организацијата. Присутни се тешкотии и во постапките на мерењето, како и неговото книговодствено следење.

Сите организации кои се засноваат на знаењето како ресурс, можат да остварат исклучителен развој. Реализацијата на организацијата по вредност е многу поголема од книговодствената. Софтверските организации, високотехнолошките организации и услужните организации се таков тип на организации.

Во новите услови е изменета улогата на менаџментот и лидерството, бидејќи не е фокусот командување или контрола, туку насочување на вработените кон она што е битно за реализација на деловните активности. Во структурата на вредности на организацијата доминантно учество има нематеријалниот имот, а кои го сочинуваат знаењето, компететноста на вработените, репутацијата на организацијата, односите со купувачите, софтверот, патентите и друго, а сето тоа претставува т.н.интелектуален капитал на организацијата.

Посебно внимание се посветува на тоа да се укаже дека луѓето вработени во организациите (а не скапите технологии и софтвери) се главни носители на корпоративното знаење.

Емпириските истражувања треба да презентираат информации за нивото на свеста на раководителите за значењето на интелектуалниот капитал, како тој се разбира како поим и во која мера се имплементира во организациите во национални рамки. Бидејќи се работи за неквантифицирани елементи проблематиката на вреднување е многу сложена

Организациите би требало да започнат со поадекватно вреднување и евидентирање на интелектуалниот капитал и негово трансформирање во додадена вредност, а се со цел подигање на квалитетот на метриката на деловните перфоманси.

Денешната ситуација е крајно комплексна, условите на стопанисување се крајно сложени, посебно последните години обоени со економско-финансиски кризи и периоди на рецесија. Во периодот на сиромаштија интелектот е ставен на маргините на општеството, но знаењето е единствена светлина која може да доведе до успех. Знаењето заедно со искуството претставуваат комбинација која

ја водат организациијата кон успех.

Економијата на обем на која се засниваше досегашното работење е недоволна, но тоа не значи дека економијата на обем повеќе не е релевантна, туку ја изгуби својата конкурентска предност. Тоа било времето за нови идеи и нови стратегии.

Новата ера на економијата е економија базирана на знаење. Денес влегуваме во општеството на знаење во кој основните економски ресурси не се повеќе капиталот , природните ресурси и работната сила, туку тоа е и ќе биде знаењето.

Интелектуалниот капитал претставува сума на се што во компанијата знаат, а што му дава конкурентска предност на пазарот.

Во денешните организации знаењето како невидлив имот добива се повеќе на значење, бидејќи во најголема мера придонесува за зголемување на добивката. Знаењето може да се трансформира во дизајн, задоволни купувачи, современи производни методи, патенти.

Набљудувајќи од аспект на организацијата, најмногу се споменуваат експлицитното и тацит (невидливо) знаење. Експлицитното знаење може да се идентификува, видливо е и достапно на сите вработени во организацијата. Едноставно е преносливо, лесно се опишува. Може да се категоризира како формално или систематско. Документирано е во организацијата. Го содржи комјутерскиот систем на организацијата, или се наоѓа во хартиена форма и се дистрибуира вербално, по пат на процедури во хартиена форма или бројни комуникациони мрежи. За разлика од него , невидливото знаење се наоѓа во главата на вработените, потешко се идентификува, не е кодифицирано, но претставува двигател на промените. Тоа е извор на иновации, т.е. претставува најважна основна вредност на организацијата. Се врзува за поединците и претставува знаење, креативност, и способност за реагирање на вистински начин во вистинско време. Тацит(невидливо, скриено) знаење иницира нови чекори во организацијата.[1]

Бидејќи е во интерес на организацијата да развие методи за усвојување и пренос на ова знаење, се смета дека најдобар начин е организирање заедничка пракса, менторства и други облици т.н. „учење преку пракса."

Деловната активност на организацијата низ учиноци, придонеси и резултати може да се прикаже од квантитативен и квалитативен аспект преку соодветен сет на индикатори односно преку перформансите на организацијата. Се препознаваат перфомансите на ресурсите (трајност, конкуретност, супститивност, расположивост, рочност на финансиските средства, амортизираност), перфоманси од употреба на ресурсите (успешност во употреба на физички, финансиски, човечки и други интелектуални ресурси) и перфоманси на општествена одговорност (зачувување на здравјето, социјална одговорност, економски перфоманси, еколошки, заштита при работа).Висината на остварените перфоманси зависи од бројни екстерни и интерни фактори.

Во последно време, дефиниција која често ја истакнуваат оние кои го истражуваат интелектуалниот капитал е интелектуалниот капитал е нешто што не може материјално да се одреди, но може да ве направи богати и да ви донесе конкурентска предност. Значи за интелектуалниот капитал се уште нема, потполна, точна и единствена дефиниција, но е дефинирана неговата структура.

1. Steward, T. A. (1997): „The Intellectual Capital: the New Wealth of Organizations", Doubleday/Currency, New York, p. 9.

Стручњаците кои се занимаваат со изучување на поимот интелектуален капитал и нематеријалниот имот нагласуваат дека новата вредност и конкурентската предност се создава со проток на знаење внатре во организацијата и трансформирање на тоа знаење во вредност која поприма облици на релациски, човечки и структурен капитал-составни елементи на интелектуалниот капитал, т.е. создавање синергиски врски на составните елементи на интелектуалниот капитал.

Поедини стручњаци ја прошируваат дефиниција на човечкиот капитал , освен знаењето, искуствата и вештините, придодаваат индивидуални карактеристики како што се креативност, иновативност, мотивација, ставови (за животот, за работењето...) одговорност, упорност, самоиницијативност, успешност во комуникацијата, способност за решавање на проблемите, критичко размислување, самостојно учење, флексибилност и адаптибилност,т.е. способност за делување во различни ситуации со цел создавање материјални и нематеријални средства.[2]

Сите овие елементи се меѓусебно поврзани и заеднички придонесуваат за успехот, а мотивацијата и ставот се еден од најважните фактори на патот кон успехот. Квалитетниот човечки капитал знае да ги постави вистинските цели во вистинско време. т.е. да поседува способност за разбирање на сигналите од надворешното опкружување.

Човечкиот капитал е единствениот кој е во состојба да прифати и примени нови знаења во секојдневната пракса, па низ процесот на креативност да ги претвори во нови концепти: иновација, имитација, адаптација и материјализација.

Иновативноста на организациите се темели на стручноста и мотивираноста на сите вработени, а иницијативата и самостојноста им пружаат голема слобода за создавање нови идеи, т.е. индивидуален и групен развој.

Според тоа, успехот на организациите зависи од вработените и менаџментот т.е. "паметни" работници кои поседуваат скриено знаење. Скриеното знаење е најзначаен извор на конкурентска предност бидејќи е складирано во главите на поединците, а негови карактеристики се вредност, реткост и неможност за имитирање.[3]

Секоја организација треба да настојува тоа скриено знаење да го претвори во експлицитно, кодифицирано, т.е. материјализирано знаење кое претставува сопственост на организацијата и се претвора во структурен капитал.

Структурниот капитал е отелотворување на човечкиот капитал и негова инфраструктурна поддршка. За разлика од човечкиот капитал, структурниот капитал може да се квантифицира и вредносно да се одреди.

Структурниот капитал ги претставува сите чинители кои во организацијата остануваат после завршувањето на работното време на вработените. Тие чинители ги опфаќаат интелектуалната сопственост на организацијата и организациските процеси.

Интелектуалната сопственост на организацијата е целокупното материјализирано, кодифицирано знаење,патенти, лиценци, авторски права, франшизи, софтверски програми и сиот останат материјализиран вредносен човечки капитал.

Организациската култура често се поврзува со кредибилитетот и имиџот на организацијата (т.н. корпорациски идентитет) бидејќи тешко е да се создаде, а

2. Ristic, Ţ. (1999): „Menadţment ljudskih resursa", Cigoja, Beograd, str. 394.
3. Wig, K. (1997): "Integrating Intellectual Capital in Knowledge Management", Vol. 30, No. 3 p.399-405

многу лесно се уништува и губи.

Вредноста на организациската култура се гледа во склоноста и прифаќањето на одреден начин на однесување, што кај вработените создава чувство за идентификација со организацијата, ги мотивира да бидат креативни, иновативни и продуктивни, па можат полесно да ги извршуваат своите работни обврски.

Поединецот исто така може да има високо ниво на интелект, меѓутоа ако организацијата во која работи нема насоки за остварување на целите (низ визија, мисија, стратегија), има слаб состав и процедура за комуникација и следење на активностите на своите вработени, целокупниот интелектуален капитал на организацијата нема да го постигне својот целосен потенцијал, т.е. организацијата ќе се соочи со неуспех.

Во услови на силна конкуренција имиџот на организацијата т.е. корпорацискиот идентитет има исклучително важна улога во освојување и задржување на потрошувачите.

Јакнеењето на имиџот / идентитетот во јавноста доведува до унапредување на конкурентската позиција и зголемување на долгорочниот профит на секоја деловна организација, бидејќи за потрошувачите поголемата вредност на организацијата значи подобро позиционирање на имиџот на пазарот.

Позиционирањето на корпорацискиот имиџ /идентитет во најголема мера зависи од брендот(пазарната марка).

Меѓутоа битието на брендот е во чуството кое тој го пробудува кај потрошувачите.

Брендот се обликува креативно, а во согласност со мисијата, визијата, целите и стратегијата на организацијата.

Денешните најуспешни корпорации првенствено произведуваат брендови , а не производи. Нивната главна работа не е производството, туку маркетингот, продажба на доживувања, продажба на идентитети. Продажбата на производите бара машини , алати и слично, додека производството на бренд бара поинаков сет на алати и материјали.

Најуспешни претпријатија се оние кои континуирано ја следат дефиницијата за вредност (сите важни фактори за услугите и производите) во очите на потрошувачите, па врз основа на тие информации дизајнираат производ или услуга кој ќе ја оправда дефиницијата на таа вредност.

Лидерот треба да има длабоко чуство за цел, треба да осмисли одличен начин како да ја вгради својата вредност во компанијата. Парите се целосно легитимно средство за добра продажба или за извршена услуга. Но со нив не се смета вредноста. Само некој што заработува многу не значи дека работи нешто што е вредно. И обратно, само затоа што некој малку заработува не значи дека она што го нуди нема вредност. Вредноста е чувство, а не калкулација. Работата е во набљудувањето.

Но сепак , вредноста е релативна, не е калкулација и затоа компаниите толку инвестираат во брендот. Силниот бренд, како и сите други неопипливи фактори кои придонесуваат за вредноста, почнува со јасно чуство за ЗОШТО.

Ако оние надвор од организацијата го делат вашето ЗОШТО и ако сте способни да ја артикулирате својата верба во се што работите и зборувате, се јавува доверба и вредноста расте. Кога тоа ќе се случи, лојалните купувачи секогаш ќе рационализираат зошто мора да платат повеќе или да трпат непријатности.Тоа се надворешни фактори и тоа чуство во целост доаѓа од нив. Кога луѓето можат да и покажат на организацијата и јасно да го артикулираат она што во компанијата верува, а тоа да го прават со зборови што вклучуваат цена, квалитет, услуга и карактеристики, тоа е доказ дека

компанијата успешно излегла од расцепот.Кога луѓето ќе ја опишат вредноста како нешто што го чуствуваат во стомакот, кај нив се јавува воодушување, го споменуваат зборот сакам и тоа е јасен знак дека постои ЗОШТО кое е јасно.

Размислете за тоа како работиме. Секогаш се натпреваруваме против некој друг. Секогаш се трудиме да бидеме подобри од некој друг. Подобар квалитет. Подобри перфоманси. Поголема сила. Подобри услуги. Секогаш се споредуваме со другите. И никој не сака да ни помогне. Што ќе се случи ако секој ден доаѓаме на работа за да бидеме подобри од самите себе. Што ќе се случи ако целта ни е само оваа недела да бидеме подобри од претходната? Овој месец да бидеме подобри од претходниот? Затоа што сакаме организацијата да ја оставиме во подобра состојба од онаа во која сме ја затекнале.

Сите организации почнуваат со зошто , но само кај најдобрите тоа зошто останува јасно и по многу години. Оние кои ќе забораваат зошто ја основале организацијата секојпат се тркаат само да надминат некој друг, не себе. За оние кои изгубиле од вид зошто се тркаат, тоа е само копнеж за медал или победа над некој друг.

Што ќе се случи ако следниот пат кога некој праша: Која е вашата конкуренција? Ќе одговорите:" не знам". Што ќе се случи кога следниот кога ќе ве прашаат: "Па зашто сте подобри од конкуренцијата?" Ќе кажете: "не сме подобри од нив во се." А што ако кога некој следен пат ќе не праша: "Зошто да работам со вас?" Ние ќе кажеме : "Затоа што сега работиме подобро одошто работевме пред шест месеци. А за шест месеци ќе бидеме уште подобри. Зашто секој ден се будиме знаејќи зошто доаѓаме на работа.

Замислете секоја организација да почнува со ЗОШТО . Би било поедноставно да се донесуваат одлуки. Лојалноста би била поголема. Довербата би била нормална појава. Ако нашите лидери се вредни и почнуваат од зошто, ќе владее оптимизам и иновациите ќе се множат.Без оглед на големината на организацијата, видот на индустријата, без оглед на производот или услугата, ако сите одговорно тргнеме од зошто и ги инспирираме другите да го направат истото,тогаш заедно можеме да ја подобриме економијата. А тоа е прилично инспиративно.

Најголем предизвик е да се трансформира човечкиот капитал во структурен.

Сите три составни делови на интелектуалниот капитал се наоѓаат во постојана интерактивна врска со синергетски ефект.

Затоа би можело да се каже дека на ресурсот знаење не влијае законот на опаѓачки (гранични приноси), туку законот на (експоненцијално) растечки приноси.

Законот на растечки приноси покажува дека секоја единица инпут резултира со зголемување на добивката . Постои растечки принос на инпутите.

Ретроспективно набљудувано, односот измеѓу вработените и нивните организации биле во фокусот на многу програми на рационализирање и реформирање,во фокусот на научниот менаџмент, реинженеринг на деловните процеси.

Денес во центарот на интерес на корпоративните менаџери е како да обезбедат знаење како да управуваат со него и како да го мерат. Крајната цел е да се идентификува нов вид на капитал кој најчесто се споменува како интелектуален капитал, а кој претставува пандан на традиционалниот концепт на финансискиот капитал.

Во смисла на дискурсот за интелектуалниот капитал знаењето стана предмет на управување и интерес на сметководствената теорија и пракса, областа на менаџментот и човечките ресурси.

Новиот правец на менаџментот е управување со знаењето. Управувањето

со знаењето е колективна фраза за група процеси и пракса кои организациите ги користат за да ја зголемат својата вредност подобрувајќи ја ефективноста на создавањето и примената на интелектуалниот капитал."Управувањето со знаењето претставува уметност на создавање вредности од невидливи средства."[4]

Ресурсите: земја, труд и капитал се на граница на своето економско исцрпување. Силно се јакнее "Економијата на насилство". "Економијата на насилство" може да ја смири само интелектуалниот капитал,со цел на насилството да не се одговара со насилство.

За секоја промена е потребно време, па би требало треба да се има во предвид латинската поговорка "Periculum in mora"-опасноста е во одложувањето.

Можеби денес треба да се нивелира материјалната и духовната страна. Крајностите никогаш не водат кон натамошен напредок. Секогаш само добар баланс води кон успех.

ЛИТЕРАТУРА

1. Izvor: KLM, Inc. Management Consultation: The Strategic Significance of Brands, 2004. <http://www.klminc.com/branding.html>
2. Belić, I; Aćimović Pavlović, Z; Đuričić, M. (2011): „Obrazovanje – intelektualni kapital", Akademska misao, Beograd
3. Andriessen, D. (2004): „Making Sense of Intellectual Capital: Designing a Method for the Valuation of Intangibles", Elsevier, Butter Worth – Heinemann, Burlington, USA
4. Bahra, N. (2011): „Competitive Knowledge Management", Plgrave, New York.
5. Bogićević, B. (2003): „Menadţment ljudskih resursa", Ekonomski fakultet Beograd
6. Chernatony, L; McDonald, M. (2003): „Creating Powerful Brands", Elsevier
7. Copeland, T; Koller, T; Murrin, J. (2000): „Valuation: Measuring and Managing the Value of Companies", third edition, McKinsey &Company Inc.

4. Haijilji, B. (2012): „Intelektualni kapital kao determinanta kreiranja vrednosti i konkurentske prednosti kompanija", Socioeconomica – the Scientific Journal for Theory and Practice of Socioeconomic Development, Vol. 1, No. 2, p. 306.

005.95-057:159.954

Проф. д-р Дејан Крстевски
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

ВАЖНОСТА НА КРЕАТИВНОТО РАЗМИСЛУВАЊЕ ЗА ГРАДЕЊЕ УСПЕШНА БИЗНИС ПРИКАЗНА

Апстракт: Способноста за справување со тешкотии и за решавање проблеми, повеќе од сé друго, ќе го одреди сето она што ќе ни се случува во кариерата. Поединци кои поседуваат помалку вештини за креативно размислување, ќе мора да работат за оние кои имаат подобро развиени вештини за креативно размислување. Или, оние со подобро развиени вештини за креативно размислување, ќе имаат поголем успех во животот и кариерата.

Добра вест е што Креативноста е вештина, што може да се научи и да се развива со практикување. Една единствена идеја може да биде доволна за да се промени насоката на една кариера или на цела компанија. Личните достигнувања зависат од сопствениот креативен придонес. За жал, поголем дел од луѓето многу малку или воопшто не размислуваат креативно. Заглавени се во т.н. КОМФОРНА ЗОНА, во која се спремаат да останат во согласност со она што го имаат направено и кажано во минатото. Еден познат мислител напишал: “Глупавото упорно стремење е лоша навика на малите умови“. Тие ја пропуштаат можноста за напредок и успех која им е достапна на сите.

Клучни зборови: Креативно размислување, вештини, визуелизација, талент, самокритични прашања, предизвикувачки идеи, отворен ум, флексибилност, начин на размислување..

THE IMPORTANCE OF CREATIVE THINKING TO BUILD A SUCCESSFUL BUSINESS STORY

Abstract: The ability to handle difficulties and solve problems, more than anything else, will determine everything that will happen to us in the career. Individuals with less creative thinking skills, will have to work for those who have better developed creative thinking skills. Orn those with better developed creative thinking skills, will have more success in life and careers.

The good news is that creativity is a skill, which can be learned and developed by practicing. One single idea may be sufficient to change the direction to one career or the whole company. Personal achievements depend on their own creative contribution. Unfortunately, most people do not think very creatively or at all. They are stuck in the so-called a common zone, in which they are prepared to remain in line with they have done and spoken in the past. A famous thinker wrote: “The foolish persistent striving is a bad habit of the little minds”. They miss the opportunity for progress and success that is available to all.

Keywords: Creative thinking, skills, visualization, talent, self-critical issues, challenging ideas, open mind, flexibility, way of thinking.

ВОВЕД

Секој човек, секој поединец е креативен. Креативноста е природна, спонтана карактеристика на позитивни индивидуи со високоразвиена САМОДОВЕРБА. Компаниите (институциите, организациите) кои создаваат позитивна работна средина, добиваат постојан проток на идеи од секој вработен. Многу истражувања покажуваат дека, 95% од луѓето поседуваат потенцијал да покажат висок степен на креативност.

Креативноста е алатка која природата му ја дала на човекот за да си го осигура своето преживување, како и да може да се справува со неизбежните проблеми и предизвици на секојдневното живеење. Единствена разлика е во тоа што, некои луѓе користат многу од својата вродена креативност, а некои ја користат многу малку.

1.Поттикнувачи на креативноста

Понекогаш некои луѓе велат (и така се чувствуваат) дека не се сметаат за особено креативни. А се родени со толку голема креативност, што не можат целата да ја искористат. Нивна задача е само да ја разбудат и да ја отклучат својата вродена креативност.

Колку појасно знаеме што е она што навистина го посакуваме и колку сме повозбудени да ја постигнеме таа цел, толку ќе бидеме покреативни и ќе ни надоаѓаат идеи. Колку посилно посакуваме нешто, толку е поголема веројатноста дека ќе најдеме креативни начини за негово остварување.

Токму затоа постои непишано правило: не постојат некреативни луѓе, туку само луѓе кои немаат цели што премногу ги посакуваат.

Неодложувањето на решавање на проблемите е еден од најголемите стимулатори што водат до поголема креативност. Доколку постои проблем или пречка што стои на патот кон целта, ќе се зачудиме, колку можеме да станеме креативни при нивното отстранување. Суштинско значење за креативното размислување има ЈАСНОСТА (т.е. ВИЗУЕЛИЗАЦИЈАТА).

Способноста да си поставуваме прашања себеси, но и на другите, кои ќе нé натераат подлабоко да размислуваме за својата ситуација, е ГОЛЕМ СТИМУЛ за КРЕАТИВНОСТА.

Самокритични прашања (соочување со самиот себе):

1. Што имам направено во споредба со тоа што можев да направам?
2. Што преземам за успех во споредба со тоа, што за мене би било возможно?
3. Дали ова што денес го работев навистина ме приближува кон мојата цел?
4. Дали можам да извлечам повеќе од себе? Зошто така не работам?

Често треба да си поставуваме сурови, жестоки, незгодни прашања, кои ќе нé натераат длабоко да размислуваме за ситуацијата.

Еден од најмоќните начини да се поттикне креативноста е континуирано да се тестираат сопствените главни мотиватори (бенефити). Мора да се биде сигурен дека, целите, проблемите и прашањата кои се поставуваат (ги поставуваме на самите себе) се вистинските за одредена ситуација.

Континуирано треба да се прашуваме: "Кои се нашите мотиватори"? "Кои се нашите очигледни мотиватори"? Дали е тоа работата, парите, наградите, кариерата,... или нешто друго.

2. Методи на креирање предизвикувачки идеи

Креативноста е впишана во нашиот генетскиот код, во нашата ДНК, пренесена од нашите предци. Нашите предци секогаш биле окупирани и морале да се снаоѓаат, да измислуваат ФИНТИ (начини, техники, методи) за егзистенција.

Човекот поседува огромни количества резерви на креативност, кои може да ги стимулира со користење на различни техники. Нашиот мозок поседува 100 милијарди клетки, од кои секоја е поврзана директно или индиректно преку ганглиите и нервните клетки со приближно 20000 други клетки. Математички кажано ова значи дека:

• Бројот на идеи или мисли кои можеме да ги произведеме изнесува:
100 милијарди X 20000 = ?

• Ова значи дека СЕКОЈ ЧОВЕК Е ПОТЕНЦИЈАЛЕН ГЕНИЈАЛЕЦ.

Секој поединец кој сака да биде успешен во бизнисот, животот, мора да научи да си поставува фокусирани прашања.

Понекогаш работиме сé понапорно, а постигнуваме сé помали резултати.!? Зошто?

Тоа значи дека сме потпрени на погрешен sид!!! Секој напор да напредуваме е залуден. Што треба да направиме?

Треба да си дадеме ТАЈМ АУТ и да се запрашаме:

• "Навистина, што се обидувам да направам"?

o Дали имам јасни цели?

o Дали имам поставено критериуми за мерење на ефектите?

o Дали ги стимулирам (наградувам) супериорните дејствувања?

3. Како да се развие, пробуди талентот?

За многу луѓе низ историјата, кои биле сметани за генијалци, е докажано дека, повеќето од нив имале просечна или малку повеќе просечна интелигенција (рационална). За сите нив заедничко е тоа што имале три (3) начини на однесување:

A. Концентрација на само едно нешто.

B. Способност да се види ГОЛЕМАТА СЛИКА.

C. Систематски (подреден) пристап при решавање на проблеми.

Талентираните, креативните ја развиле способноста да се концентрираат само на ЕДНО НЕШТО и да ИСКЛУЧАТ сé што може да им пречи.

Ова се нарекува Концентрирана Умствена Моќ – КУМ (Concentrated Mind Power – CMR) и е составен дел од сите креативни напредоци и достигнувања.

Посветената концентрација е неопходна за:

» Постигнување на важни цели.
» За менаџирање на времето.
» За завршување на поставените задачи и
» За секоја креативна работа.

Успешните, креативните, талентираните луѓе секогаш остануваат со ОТВОРЕН УМ и ФЛЕКСИБИЛНИ.

Оваа способност да се види големата слика го опфаќа процесот на ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА. Од што се состои?:

» Од силно фокусирано размислување во слики, и создавање силни чувства (емоции).
» Наместо еден настан да го сметаме за ОДДЕЛЕН, ги гледаме сите нешта

кои довеле до него, како и оние кои можат да се случат по него.

» Нашата ситуација ја гледаме како дел од една поголема слика, и ги земаме во предвид сите различни меѓуврски.
» Мора да се одбегнува ВРЗУВАЊЕ, ВЉУБУВАЊЕ во некое објаснување или решение на некој проблем.
» Треба да се размислува со ОТВОРЕН УМ. Треба да се биде ФЛЕКСИБИЛЕН дури и кога се има идеја за која се мисли дека е НЕВЕРОЈАТНА.

Каква и да е одредена идеја, треба ВЕДНАШ да се работи на неа. Не смее да се има (да постои) КОЛЕБАЊЕ. Бидејќи, често пати, идеите кои доаѓаат имаат "ВРЕМЕНСКИ РОК".

Ако веднаш се преземе АКЦИЈА, можат да се случат ПРЕКРАСНИ РАБОТИ. (останав три дена дополнително) Но, ако се чека неколку часа или неколку дена, за да се преземе Акција, многу често може ДА СЕ ИСПУШТИ МОМЕНТУМОТ. Не треба да дозволиме да ни се случи тоа.

4. Начини на размислување

Начинот на кој размислуваме:

» Или ја ПОПРЕЧУВА нашата вродена креативност,
» Или ја ОСЛОБОДУВА.

Во раното детство учиме да размислуваме како што размислуваат нашите родители (преку имитирање), бидејќи сме премлади за да знаеме што се случува.

Различните стилови на размислување се развиваат НЕСВЕСНО и БЕЗ ПРОМИСЛУВАЊЕ. Тие се резултат на ОПКРУЖУВАЊЕТО (несигурноста и непредвидливоста на светот околу нас). Позитивно е што овие стилови на размислување (кои се научени), можат да се ОДУЧАТ (да се променат). Во спротивно НИ НЕМА СПАС.

Преку континуирано учење можеме да го НАДМИНЕМЕ БЕСПОМОШ-НИОТ начин на размислување, и да го ЗАМЕНИМЕ со ПОЗИТИВЕН и ПОДИНАМИЧЕН начин на размислување.

Постојат два вида на размислување:

» Механичко размислување, и
» Приспособливо размислување – размислување со отворен ум.

Механичките размислувачи се ригидни, нефлексибилни и се целосно фиксирани на своите идеи и ставови. Тие се потпираат на АВТОМАТСКО размислување.

Карактеристика на приспособливото размислување е: Висок степен на ФЛЕКСИБИЛНОСТ при пристап кон било кој проект, проблем или цел. Ваквиот вид на размислување е карактеристика за генијалци и мошне креативни луѓе.

ЗАКЛУЧОК

Вештините на креативното размислување имаат витално значење за успех на секој човек. Просечен менаџер минува половина од своето време (и повеќе) во решавање проблеми. Способноста за справување со тешкотии и за решавање проблеми, повеќе од сé друго, ќе го одреди сето она што ќе ни се случува во кариерата. Секој човек, секој поединец е креативен. Креативноста е природна, спонтана карактеристика на позитивни индивидуи со високоразвиена САМО-ДОВЕРБА. Компаниите (институциите, организациите)

кои создаваат позитивна работна средина, добиваат постојан проток на идеи од секој вработен.

Исто така, добра вест е дека сите се наследно креативни. Креативноста е алатка која природата му ја дала на човекот за да си го осигура своето преживување, како и да може да се справува со неизбежните проблеми и предизвици на секојдневното живеење. Единствена разлика е во тоа што, некои луѓе користат многу од својата вродена креативност, а некои ја користат многу малку.

Колку посилно посакуваме нешто, толку е поголема веројатноста дека ќе најдеме креативни начини за негово остварување. Токму затоа постои непишано правило: Не постојат некреативни луѓе, туку само луѓе кои немаат цели што премногу ги посакуваат

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. See Berry and Taggart, "Managing Technoly and Innovation", Economic journal, 2015.
2. F. Warner, "Brains for Sale", 2016.
3. S. Finkelstein, "Managing Professional Intellect: making the most of the best< Harvard business rewiev, 2013.
4. Imai, Masaaki, Kaizen: The Key to Japan's Competitive Succes, McGraw-Hill, New York, 2006.
5. Juran, Joseph M., & Frank, M. Gryna: Quality Planning and Analysis, McGraw-Hill, New York, 2013.
6. Leung, Kenneth: "Keep This in Mind about Internet Marketing", Marketing News, June 2017.

334.722:004.738.5]:658.89

Проф. д-р Дејан Крстевски
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Е – ПРЕТПРИЕМНИШТВО И МЕНАЏМЕНТ НА ОДНОСИ СО ПОТРОШУВАЧИТЕ

Апстракт: Во новата дигитална ера, можностите и придобивките на електронскиот бизнис и електронскот тргување претставуваат значаен потенцијал кој во иднина треба да се искористи на најдобар и најефикасен начин. Интернет технологијата доживува забрзан развој последните неколку децении. Како мрежа на сите мрежи тој е основа за развој на новата дигитална ера. Интернетот стана најбрзо растечки продажен и маркетиншки канал во историјата и најефикасна комуникациска алатка во светот. Тој ги урна бариерите на просторот и времето, со што влијае на менување на формите и начините во економијата.

Клучни зборови: Претприемништво, потрошувачи, бизнис потенцијална енергија, проактивност, реактивност, начин на размислување, креативност, иновативност, е-бизнис, е-трговија..

E – ENTREPRENEUR AND CUSTOMER RELATIONSHIP MANAGEMENT

Abstract: In the new digital time (era), opportunities and benefits in electronic business and electronic commerce represent important potential what in the future should to use in the best and most effective way. Internet technology is experiencing accelerated development in the last a few decades. As network it is basic for development to new digital era. Internet became the fastest growing sales and marketing channel in history and the most effective communication tool in the world. It crashed the barriers in space and time, which affects the changing to forms and ways in the economy.

Keywords: Entrepreneur, customers, mindset, business potential energy, proactivity, reactivity, creativity, inovation, e-business, e-commerce.

ВОВЕД

Компаниите во светот се соочуваат со голем број можности кои се нудат од страна на современите информациони системи и дигиталната технологија. Во исто време, со развојот на компјутерските технологии и процесот на глобализација, настануваат суштински промени на сите деловни активности во бизнисот. Менаџерите на моќните компании, но исто така и на малите и средни претпријатија, ја разбраа важноста на придобивките што ги овозможуваат компјутерските технологии во креирање нови бизнис решенија и во самиот процес на носење одлуки.

Сите овие придобивки од модерната технологија треба да бидат искористени во развој на можностите за креирање нови производи и услуги кои ќе бидат понудени и продавани на пазарот. Тоа овозможува да се прошири изборот на потенцијални клиенти, да се обезбеди намалување на трошоците во процесот на создавање нов производ, и што е многу значајно, преку овој начин ќе се постигнат услови за побрз и поефикасен развој во работењето на сите останати деловни субјекти.

1. Основни карактеристики на процесот претприемништво

Претприемништво е процес на основање бизнис потфат, организирање на неопходни ресурси и проценување на поврзаните ризици и добивки. Претприемачот:

» Препознава идеја за бизнис производ или услуга и ја остварува, со тоа што наоѓа и собира неопходни ресурси – пари, луѓе, опрема, локација.
» Го пресметува ризикот и ги зема добивките од бизнисот.
» Ги пресметува финансиските и правните ризици од сопственоста и го добива профитот од бизнисот.

Постојат луѓе кои имаат знаење и креативност, вешти се и интелигентни, истрајни и упорни,... но, сепак не се претприемачи. Работат за друга компанија или пак во некоја државна служба. Тие не се претприемачи не заради тоа што немаат знаење или не се интелигентни, или не ги поседуваат останатите карактеристики од факторите за успешност, туку заради тоа што НЕ ГО НАПРАВИЛЕ ПРВИОТ ЧЕКОР, односно, НЕ ПРЕЗЕМАЛЕ АКЦИЈА ДА СТАНАТ ПРЕТПРИЕМАЧИ.

Каков е профилот на еден ВРВЕН претприемач?

» Спремен е да превземе акција која ја надградува со знаење и креативност, при што ги комбинира вештините и интелигенцијата.
» Истраен е и упорен.
» Има способност да работи во тимови.
» Превзема ризик, но не луд ризик (туку интелигентен).
» Има самодоверба и искуство.
» Чесен е.
» Понекогаш има среќа и има одредени контакти кои можат да го подбутнат во бизнисот.

Успешни претприемачи знаат како да ги следат трендовите во подрачјето на нивниот бизнис. Постојат луѓе кои креираат трендови и луѓе кои ги разбираат трендовите. Остатокот се луѓе кои ниту креираат, ниту следат трендови. Истото е и кај бизнисите.

2. Бизнис потенцијална енергија

Потенцијална енергија е термин од физиката кој често се користи во бизнис аспекти. На пример, во бензинот, што го користиме во автомобилот има потенцијална енергија, кој кога ќе се запали ги придвижува клиповите и се претвора во кинетичка енергија (движење на нашиот автомобил). Бизнисот е составен од различни елементи или активности кои можат да го забрзат или забават развојот на бизнисот. Затоа сметаме дека секој елемент (претприемач, вработени, производи или услуги, финансии,...) или активности (планирање, контролирање, продажба, маркетинг активности,...) кои се преземаат за секојдневно функционирање на бизнисот, имаат сопствена потенцијална енергија.

Некои елементи и активности имаат поголема, а некои помала потенцијална енергија. Колку е поголема потенцијалната енергија на елементите, толку ќе биде поголема веројатноста да се овозможи поголема брзина во движењето на бизнисот кон успехот. Работата на претприемачите е ПОСТОЈАНО ДА ЈА ЗГОЛЕМУВААТ ТАА ПОТЕНЦИЈАЛНА ЕНЕРГИЈА во секој од елементите или активностите на бизнисот. Но, постојат два спротивставени случаи:

a. Нашите елементи и активности имаат голема потенцијална енергија, но не можеме да ја претвориме во кинетичка енергија. Тогаш, ЈАБЕ НИ Е што нашиот бизнис има голем потенцијал. Ние не го искористуваме. Затоа, мора да се насочиме да го искористиме потенцијалот на Нашиот бизнис.

b. Нашите елементи и активности имаат слаба потенцијална енергија. Доколку ја претвориме во кинетичка енергија, ТОА Е ВО РЕД, но развојот на бизнисот сепак ќе биде доста бавен. Затоа мораме да се насочиме на зголемување на потенцијалот на Нашиот бизнис преку зголемување на потенцијалната енергија на елементите и активностите што ги преземаме.

На пример, имаме добра бизнис идеа која има одлична потенцијална енергија. Средството (активноста) со кое тој потенцијал (потенцијална енергија) ќе се претвори во успешен бизнис (кинетичка енергија) претставува БИЗНИС ПЛАНОТ. Доколку направиме лош бизнис план за одлична бизнис идеа, не можеме да очекуваме успешен бизнис, барем не за подолго време. А за тоа време некој друг ќе ја искористи нашата добра бизнис идеа.

3. Промена на сопствениот претприемачки начин на размислување (mindset)

За да го вклучиме купувачот да биде наш основен Фокус, постојат три важни компоненти за промена на нашиот претприемачки мајндсет (начин на размислување, пристап):

1. Проактивност наместо реактивност. Може ли да имаме подобар начин за обезбедување на проактивност без купувачи? Сигурно НЕ! Најдобри идеи за преземање на иницијативност (проактивност) ќе дојдат од купувачите. Тие се искрени и нема да дадат лажна надеж. Затоа, најдобар начин ЗА ПОБЕДА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА Е ДА СЕ СЛУШААТ КУПУВАЧИТЕ.
2. Зголемување на креативноста. Креативност се идеите односно можноста за генерирање на идеи за подобрување. Но, за кого ни е потребно тоа подобрување? Потребно ни е за Нашиот бизнис, но крајниот резултат од нашиот бизнис е КУПУВАЧОТ, и тоа е ФАКТ. Затоа вклучувањето на идеите на купувачите е важен фактор за ОБЕЗБЕДУВАЊЕ на Нашиот УСПЕХ.
3. Зголемување на иновативноста. Без разлика дали станува збор за Иновации во однос на производи или услуги кои директно ќе се користат од страна на нашите купувачи, или пак Иновација во ПРОЦЕСИТЕ кои помагаат да се реализираат и да стигнат до рацете на купувачите тие производи или услуги, купувачите може да одиграат голема и значајна улога во ИНОВАТИВНИОТ ПРОЦЕС НА НАШИОТ БИЗНИС, дури и од нив да започне самиот процес.

4. Клучни фактори на Е – менаџмент на односи со потрошувачите (e-CRM)

Пред менаџментот на секоја компанија постојат многу предизвици за успешно водење на бизнис процесите во компанијата. Сублимирано, најважните предизвици можат да се претстават во следните значајни прашања на кои треба да се дадат релевантни одговори од страна на менаџерите кои ја водат компанијата:

1. Дали ги разбираме нашите потрошувачи? Разбирањето на потрошувачот, особено неговите потреби и како да се одговори на нив, е најкритичен дел од центарот на маркетингот на потрошувачот. За да се надмине, компаниите треба да ги задоволат и задржат потрошувачите, и менаџментот мора да го следи целиот процес на маркетингот, продажбата, одржувањето и услугите кои следат.

2. Што потрошувачите бараат од технологијата? Комплексниот животен стил, разнолика и распарчена популација, и силата на технологијата придонесуваат за промена на потребите и очекувањата на потрошувачите во дигиталната ера. Во одредени општества, Е-трговијата станува се попопуларна бидејќи заштедува време, а не поради тоа што заштедува пари. Технологијата, исто така, му обезбедува на потрошувачот можност многу побрзо да ги земаат специјали-зираните производи. Продавачите би требало да ги разберат овие врски и да ги искористат нивните предности во маркетиншките напори.
3. Какво е нашето време за одговарање? Треба да бидат поставени прифатливи стандарди за одговор на услугите на потрошувачите. На пример, потрошу-вачите сакаат потврда за нивниот прашалник во рок од 24 часа. Многу компании сакаат да обезбедат одговор на време и да го направат тоа со најмали трошоци.
4. Како ја оценуваме и подобруваме услугата на потрошувачот? Интернетот обезбедува извонредна платформа за испорака на извонредна услуга, наспроти користењето на други алатки. Проблемот е во тоа што повратните одговори се најчесто неопипливи и можат да бидат реализирани само во далечна иднина.
5. Дали CRM е вистинска? CRM е потреба. Поголем број компании треба да имаат само малку CRM со цел да преживеат. Проблемот е во колкав обем тој да се обезбеди? Но секако тешко е да се оправда воведувањето на CRM, а од друга страна, постојат многу програми на CRM од кои треба да се избере. Затоа, треба да бидат направени внимателни анализи.
6. Дали треба да користиме електронски подржан CRM? За големи компании, CRM е потреба. Економски не е изводливо на друг начин да се обезбеди ефективен CRM. Некои CRM програми како што е Е-маил, се скапи. Како и да е, големите повикувачки компјутеризирани центри се скапи за инсталирање и функционирање.
7. Дали треба да употребиме интелигентни агенти? Секоја компанија вклучена во Е-трговија мора да ја испита можноста за користење интелигентни агенти заради зголемување на услугата на потрошувачите, и најверојатно да го подржи маркетинг-истражувањето. Трговските агенти се достапни на пазарот по разумна цена. За посложена употреба, компаниите можат да развијат специјализирани агенти.
8. Кој ќе го води истражувањето на пазарот? B2C изискува распространето истражување на пазарот. Ова истражување не е лесно да се реализира, ниту пак е евтино. Одлучувањето дали да се додели на фирма за истражување на пазарот или да се ангажира домашен персонал за истражување на пазарот, е главен менаџерски проблем.
9. Дали потрошувачите се задоволни со нашиот Web сајт? Ова е клучно прашање, и може да биде одговорено на неколку начини. Поголем број на продавачи се достапни за да помогнат: некои обезбедуваат бесплатен софтвер. За дискусија како да се подобри задоволувањето на купувачите, може да се види на webhelp.com и e-satisfy.com. За подобрување на Web сајтот може да се види на futurenovine.com
10. Можеме ли да ги користиме маркетинг методите на B2C и истражувањето од B2B? Некои методи може да бидат употребени со корекции, а други не. B2B маркетингот и маркетинг истражувањето изискуваат специјални методи.

ЗАКЛУЧОК

Технологиите на електронска трговија им овозможуваат на продавачите да знаат, што е можно повеќе за потрошувачите и да бидат во можност поефикасно да ја искористат оваа информација од кога и да било во минатото. Истите овие технологии им овозможуваат на продавачите да дознаат повеќе за останатите продавачи од кога и да било во минатото. Ова претставува можност дека продавачите би можеле да се договараат за цените, отколку да се натпреваруваат меѓу себе и да ги придвижат нагоре просечните цени. Електронскиот бизнис нуди повеќе можности и предности во однос на конвенционалниот начин на правење бизнис активности. Креативност се идеите односно можноста за генерирање на идеи за подобрување. Затоа вклучувањето на идеите на купувачите е важен фактор за обезбедување на нашиот успех. Колку е поголема потенцијалната енергија на елементите, толку ќе биде поголема веројатноста да се овозможи поголема брзина во движењето на бизнисот кон успехот. Работата на претприемачите е постојано да ја зголемуваат таа потенцијална енергија во секој од елементите или активностите на бизнисот.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Afuah, A., Tucci, C., „Internet Business Models and Strategies“, 2d ed. New York: McGraw-Hill, 2003.
2. Arnscheidt, K., Bruchert, L., Puhl, H., Walter, M., „Mobile documentation with integrated PDAs—A real world example“, In Proceedings of Mobile Computing in Medicine (MoCoMed), Heidelberg, April, 2002.
3. Bakos, J.Y., Brynjolfsson, E., “Bundling and Competition on the Internet: Aggregation, 2013.
4. Ivkovic, M., Radenkovic B., editori, „Internet i savremeno poslovanje, monografija, Tehnički fakultet „Mihajlo Pupin“, Zrenjanin 2008.

339.727.22(73)
339.727.22(4)

Доц. д-р Елизабета Спироска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

ТРАНСФЕР НА ТЕХНОЛОГИИ: НЕКОИ ОСНОВНИ ПРАШАЊА

Апстракт: Трансферот на технологии е процес на пренесување на иновации од една институција или држава до друга, а со цел понатамошен развој или комерцијализација. Целта на овој труд е да ги анализира некои од основните прашања поврзани со трансферот на технологии. Трудот е составен од вовед, два дела и заклучок. Трудот започнува со презентирање на основното значење на поврзаноста на иновациите и трансферот на технологии. Во првиот дел се анализирани поимот и основните карактеристики на процесот. Вториот дел е посветен на видовите на трансфер на технологии. Заклучокот вклучува проценки на анализираните прашања и препораки. Резултатите во овој труд се генерирани со анализирање на правни и политички акти и користење литература и студии поврзани со анализираните прашања.

Клучни зборови: трансфер, технологија, иновација.

Elizabeta Spiroska

TECHNOLOGY TRANSFER: SOME BASIC QUESTIONS

Abstract: Technology transfer is a process of transferring innovations from one institution or country to another for the purpose of further development or commercialization. The purpose of this paper is to analyze some of the basic issues connected to the technology transfer. This paper is composed of Introduction, two parts and Conclusion. The paper begins with the presentation of the basic meaning of the connection between innovation and the technology transfer. The first part analyzes the concept and basic characteristics of the process. The second part is dedicated to the types of technology transfer. The conclusion includes assessments of the analyzed questions and recommendations. Results in this paper are generated by analyzing official legal and political acts and using literature and studies connected with the issue.

Key words: Transfer, technology, innovation.

ВОВЕД

Владетелот во денешниот свет базиран на знаење е иновацијата. Способноста да се биде иноватор и да се користат иновациите од поголемиот дел од општеството е широко призната како клучен извор на конкурентна предност за економиите. До крајот на 1950-тите, широко прифатено беше сфаќањето дека производството на една економија, а со тоа и нејзиниот продуктивен потенцијал, се потпира само на два елементи: труд и капитал. Во крајот на 1950-тите Роберт Солоу, економист од Технолошкиот институт во Масачусетс, ја доведе во прашање оваа теза. Всушност, Солоу ја освои својата Нобелова награда врз основа на сфаќањето дека за да се објасни повоената економска експанзија во Америка, по која веднаш

следеа економиите на Европа и Јапонија, мора во претходната широко прифатена теорија да недостасува некоја состојка. Ова од причина што евидентно било дека повоената експанзија во овие држави била над нивото добиено само како збир од капиталот и трудот. Оваа состојка која што недостасувала, денес е откриена и сфатена како примена на нови технолошки знаења односно иновации.

Секаде каде што ќе погледнете во денешниов свет, се натрупуваат напорите за забрзување на процесот на иновации, во обид да поттикнат профит, вработување, регионален развој и национална конкурентност. Затоа, охрабрувањето на институциите кои вршат истражувања и претпријатијата од приватниот сектор да работат заедно е важен елемент во секоја национална стратегија насочена кон зајакнување на процесот на трансфер на технологии.

Релевантноста на иновациите за економски раст и конкурентност резултираше со зголемено внимание врз процесите преку кои идеите и знаењата се пренесуваат од истражувачките организации и особено универзитетите на и кон пазарот. Ова пренесување не е анархично, туку се одвива преку содветен процес. Еден од овие процеси е трансферот на универзитетски технологии.

1. Поим и основни карактеристики на трансферот на технологии

Постојат многу дефиниции за процесот трансфер на технологии, делумно поради тоа што терминот има многу различни конотации, делумно поради тоа што трансферот на технологија не е ист процес кај различни учесници, и на крај, перцепцијата на сите учесници за овој процес (универзитети, истражувачите, корпорации, развиени држави, држави во развој) е исто така различна.[1] На пример, универзитетите на трансферот на технологии гледаат како на трансформирање на иновациите развиени на универзитетите во производи за широка комерцијална употреба. Од друга страна, трансферот на технологии од страна на корпорациите се смета за можност за проширување и развивање на бизнис, за добивање конкурентни предности и поголем профит.

Трансферот на технологии наједноставно може да се дефинира како „процес на пренесување на научни откритија, иновации, технологии, вештини, знаење, методи на производство, примероци на производство (прототип, мостра) од една институција или држава до друга, а со цел понатамошен развој или комерцијализација."

Истражувањата покажуваат дека процесот на трансфер на технологии се спроведува согласно политиките и вредностите на секоја држава и институција. Кога трансферот на технологии се анализира во оваа рамка, недвосмислено произлегува заклучокот дека за секој аспект од процесот на трансфер на технологии, економските, политичките и социо-културните фактори се од особена важност.[2]

Процесот на трансфер на технологии обично вклучува збир на компоненти: идентификување на нови технологии; заштита на технологии преку патенти и авторски права; формирање на стратегии за развој и комерцијализација, како што се маркетинг и лиценцирање од постојните претпријатија во приватниот сектор или создавање нови компании базирани на технологијата.[3]

1. Види: Choi, H. J. (2009). Technology Transfer Issues and a New Technology Transfer Model. Journal of technology studies, 35(1), 49-57.

2. Види: Al-Thawwad, R. M. (2008). Technology transfer and sustainability-Adapting factors: Culture, physical environment, and geographical location. In Proceedings of The 2008 IAJC-IJME International Conference (Vol. 152); Cohen, G. (2004). Technology transfer: strategic management in developing countries. Sage Publications India.

3 Види: Report on National understandings of transfer processes and Reference model of transnational transfer, 2016, достапно на https://www.interreg-central.eu/Content.Node/Report-on-national-understan-

Процесот на трансфер на технологии, исто така, вклучува различни актери како што се државни агенции за финансирање, универзитети, организации за истражување и трансфер, различни видови на приватни компании, канцеларии за трансфер на технологии, како и индивидуални научници, претприемачи и бизнис ангели.[4] Успехот на трансферот на технологии зависи од интеракцијата помеѓу овие актери и нивната способност да се справат со голем број предизвици на патот. Долгорочната цел на трансферот на технологии е да се изгради економски раст со поместување на иновациите од лабораторија во комерцијалниот мејнстрим.

Универзитетите се сè почести клучни играчи во процесот на иновативност, а во изминатите две децении се забележа појава на структурирани механизми за трансформирање на универзитетските пронајдоци во комерцијални производи и услуги. Овие механизми се критични елементи на трансферот на универзитетски технологии, процесот со кој откритијата направени во лабораторија се трансформираат во комерцијални производи и се предмет на интензивен надзор од страна на креаторите на политиката, академиците, бизнисмените и инвестициската заедница. Формалниот процес на трансфер на технологија всушност е процесот со кој новите идеи отелотворени во академските пронајдоци и откритија се трансформираат, бидејќи тие се движат од лабораторија во индустрија. Во овој процес како особено важно се поставува прашањето за правата на интелектуална сопственост.

Во државите каде што претприемачки вредности се веќе развиени, како што е САД, бизнисот и иновациите се широко поврзани токму преку тие претприемачки способности и вредности. Во други држави, повеќето дипломирани студенти и академски истражувачи ги немаат овие вештини. Истражувањата покажале дека успешните иновации делумно зависат и од културните атрибути на членовите на едно општество. Во оваа насока, ако универзитетите се сфаќаат како особено значајни канали за ширење на културните вредности, тие можат многу да придонесат кон подобрување на поширокиот контекст во кој се случува трансферот на технологии.

Треба да се забележи фактот дека, трансферот на технологии во некои индустрии има поголеми шанси за успех отколку во други. Така на пример здравството е едно поле кое е подобро усогласено со универзитетските истражувачки активности, благодарение на неговата „зависност" од иновативни и структурирани развојни процеси. Напредокот во медицинската опрема и другите уреди ја унапреди болничката индустрија во многу области. Потоа, во земјоделскиот сектор, употребата на опрема и машини го направи рачниот труд многу лесен. Но, во сите овие, а и други случаи не смее да се занемари чувството за реализам – трансферот на технологии од универзитетите во индустријата не е лесен процес, и ограничен е од низа фактори на животната средина. Од друга страна пак, иновациите претставуваат повеќе од половина од вкупниот економски раст во развиените земји.

Успешниот трансфер на нови технологии од истражувачката лабораторија во комерцијалниот сектор има многу придобивки како: поголем профит, нови работни места и нови решенија за општествените проблеми.[5] Во врска со ова,

dings-of-transfer.pdf; The Innovation Policy Platform, Process of technology transfer and commercialisation, достапно на https://www.innovationpolicyplatform.org/content/process-technology-transfer-and-commercialisation.

4. Karlsson, M. (2004). Commercialization of Research Results in the United States–an Overview of Federal and Academic Technology Transfer. ITPS, Swedish Institute for Growth Policy Studies, стр.15.

5. Види: Fisher, L. M. (1998). The innovation incubator: Technology transfer at Stanford University. Strategy and

треба да се забележи фактот дека пренесувањето на универзитетските технологии создава бенефиции за универзитетите кои под економски притисок треба да создадат рамнотежа помеѓу наставата и академските истражувања и компаниите кои постојано се во потрага по брз успех.

2. Видови на трансфер на технологии

Трансферот на технологии се појавува во различни видови.[6] Овој процес вклучува различни формални и неформални средства: неформални интеракции помеѓу поединци, работилници, размена на кадар, колаборативно истражување, издаваштво, консултации, ралични ангажмани на дипломирани студенти, заеднички проекти кои вклучуваат групи на експерти од различни организации, потоа, патентирање, лиценцирање и договори за истражување.[7]

Основната разлика е направена помеѓу вертикалниот трансфер на технологија и хоризонталниот трансфер на технологија. Вертикален пренос на технологии се случува кога иновациите се пренесуваат од основните истражувања до применети истражувања, од применети истражувања до развој, и од развој до производство.[8] Хоризонтален трансфер на технологии се случува кога иновацијата што се користи на едно место, организација или контекст, се пренесува и се користи на друго место, организација или во друг контекст.[9]

Кога се анализираат видовите на трансфер на технологии треба да се напомене дека трансферот на технологии се случува по различни оски: меѓу универзитетите, од универзитетите до индустријата, помеѓу компаниите, од државите до индустријата, меѓународно преку границите на државите. Трансферот на технологии помеѓу приватните компании најчесто се остварува преку лиценцирање, но и со други механизми, како што се заеднички вложувања, истражувачки конзорциуми и партнерства за истражување. Во обид да се зголеми примената на резултатите од државните истражувања во индустриските технолошки проблеми (а со тоа да се зголеми и економскиот раст базиран на технологии), државите носат серија закони со цел поттикнување на трансферот на технологии од различните државни лаборатории во индустријата. Во фокусот на овие активности е лиценцирањето на новите технологии. Имајќи ја во вид крајната цел на трансферот на технологии, а тоа е олеснување на животот на граѓаните, државата треба да води сметка од процесот на лиценцирање да се исфрлат сите значителни тешкотии. Во денешниот свет особено големо значење има трансферот на универзитетски технологии. Овој процес беше дефиниран во неодамнешниот извештај на Мекмилан групата за добрите практики во трансферот на технологии како: „Комерцијализација на резултатите од истражувањата кои се во сопственост на универзитетот преку лиценцирање на правата од интелектуална сопственост (патенти, авторски права, know-how, бази на податоци и права на дизајн) на веќе постоечки компании и/или основање на нови компании."[10] Со други зборови, универзитетскиот трансфер на технологии е процес на конвертирање на научните наоди во комерцијална вредност.

Business, 76-86.

6. Види: Kundu, N., Bhar, C., & Pandurangan, V. (2015). Development of Framework for an Integrated Model for Technology Transfer '. Indian Journal of Science and Technology, 8(35).

7. Organisation for Economic Co-operation and Development (OECD), Commercialising Public: New Trends and Strategies, Paris, 2013, стр. 18-21.

8. Види : Mansfield, E. (1982). Technology transfer, productivity, and economic policy. Norton

9. Ibid.

10. University Knowledge Exchange (KE) Framework: good practice in technology transfer: Report to the UK higher education sector and HEFCE by the McMillan group. HEFCE, 2016. стр.11.

Институции кои ја олеснуваат комерцијализацијата на научните наоди се канцелариите за трансфер на технологии. Нивните имиња може да се разликуваат: Канцеларија за лиценцирање технологија, Канцеларија за трансфер на технологија, Канцеларија за лиценцирање, Канцеларија за интелектуална сопственост, Канцеларија за иновации и комерцијализација и сл. Механизми кои ја олеснуваат оваа комерцијализација се: патенти, лиценцирање и стартапи. [11]

ЗАКЛУЧОК И ПРЕПОРАКИ

Во последниве години, поттикнати од искуството на САД, креаторите на политиките во развиените држави, претпријатијата, инвеститорите и академиците во целиот индустријализиран свет посветија поголемо внимание на улогата на универзитетите како двигатели на иновациите. Во последните неколку децении, економиите на развиените земји стануваат сè повеќе зависни од знаењето. Знаењето стана суштински елемент во производството на производи и услуги и денес е клучен двигател на продуктивноста и долгорочниот економски раст. Затоа, економиите во западниот свет стануваат се повеќе зависни од производителите на знаење. Сепак, за економиите да го искористат ова знаење, резултатите од истражувањето треба да се пренесат од универзитетот во општество. Оваа специфична форма на валоризација на знаењето е позната како трансфер на технологии. Универзитетскиот трансфер на технологии всушност значи трансформирање на плодовите на универзитетското истражување во комерцијална вредност.

Несомнено, денес постои зголемен интерес за улогата на универзитетот во алхемијата на иновациите, но исто така присутен е и проблемот на т.н.„иновативен парадокс“ - недоволната искористеност на резултатите од истражувањата. Овој проблем е веќе препознат и признат, и предизвикува голема загриженост за политиката во Европа и во САД. Овој факт доведува до признанието дека резултатите постигнати со истражувањата финансирани од државата можеби не се доволни за да истражувањето се трансформира во социјални и економски придобивки за општеството.

Во повеќе меѓусебно поврзани и глобализирани светови на науката, технологијата и трговијата, ваквата соработки треба да се прошири надвор од националните граници, бидејќи во иднина успехот се повеќе ќе се мери со способноста да се формираат динамични, интегрирани и заемно корисни мрежи кои ги опфаќаат државите и институциите, а со крајна цел подобрување на животот во целокупното општество.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Al-Thawwad, R. M. (2008). Technology transfer and sustainability-Adapting factors: Culture, physical environment, and geographical location. In Proceedings of The 2008 IAJC-IJME International Conference (Vol. 152);
2. Choi, H. J. (2009). Technology Transfer Issues and a New Technology Transfer Model. Journal of technology studies, 35(1), 49-57;
3. Cohen, G. (2004). Technology transfer: strategic management in developing countries. Sage Publications India;
4. Costas, I., Euro, A., Echarri, J. M., Piqué, R., & Condom, P. (2012). From research to market: key issues of technology transfer from public research centres to businesses. Imprimeix SL;

11. Costas, I., Euro, A., Echarri, J. M., Piqué, R., & Condom, P. (2012). From research to market: key issues of technology transfer from public research centres to businesses. Imprimeix SL, стр.61.

5. Fisher, L. M. (1998). The innovation incubator: Technology transfer at Stanford University. Strategy and Business, 76-86;
6. Karlsson, M. (2004). Commercialization of Research Results in the United States–an Overview of Federal and Academic Technology Transfer. ITPS, Swedish Institute for Growth Policy Studies;
7. Kundu, N., Bhar, C., & Pandurangan, V. (2015). Development of Framework for an Integrated Model for Technology Transfer '. Indian Journal of Science and Technology, 8(35);
8. Mansfield, E. (1982). Technology transfer, productivity, and economic policy. Norton;
9. Organisation for Economic Co-operation and Development (OECD), Commercialising Public: New Trends and Strategies, Paris, 2013;
10. Report on National understandings of transfer processes and Reference model of transnational transfer, 2016;
11. The Innovation Policy Platform, Process of technology transfer and commercialization;
12. University Knowledge Exchange (KE) Framework: good practice in technology transfer: Report to the UK higher education sector and HEFCE by the McMillan group. HEFCE, 2016.

005.334:336.71

М-р Андреј Илиевски
НЛБ Тутунска Банка - Скопје
Република Северна Македонија

М-р Кристина Митревска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

РИЗИЦИ ВО БАНКАРСКО РАБОТЕЊЕ

Апстракт: Ризиците во банкарското работење се извесна појава.Тие не само што постојат, туку имаат и големо влијание врз работењето на банките. Колку и да има аверзија кон ризиците, ниту една банка не може да се заштити од појавата на ризици во своето работење, ниту пак нив може целосно да ги избегне. Впрочем не е ниту задача на банките да ги избегнуваат ризиците, туку професионално да управуваат со нив, односно да ги „дисциплинираат“.Тоа во основа, значи остварување на доволна стапка на принос на акционерскиот капитал при одреден степен на ризик. Централен проблем на којшто банките треба да обрнат внимание при управувањето со ризиците е урамнотежувањето на ризикот и приносот. Игнорирањето на ризикот, како и неговото предимензионирање, се штетни за правилното одлучување и управување со средствата на банките. Заради тоа, ризикот треба да се постави на соодветно место, затоа што од тоа зависи големината на профитабилноста на банките. Управувањето со ризиците во банкарското работење ја има токму таа цел. Трендовите на финансискиот пазар покажуваат дека во последната декада, како генератори на финансиските кризи се јавуваат таканаречените некредитни (пазарни и оперативни) ризици. Софистицираните техники на управување со таквите ризици претставуваат подрачје според кое во иднина ќе се разликуваат успешните од неуспешните банки.

Клучни зборови: ризици, видови на банкарски ризици.

BANKING RISKS

Abstract: Banking risks are a certain phenomenon. They not only exist but also have a major impact on banks› operations. No matter the risks aversion, there is no bank that can protect itself from the emergence of risks in its operations, nor can it completely avoid them. Indeed, it is not a task of the banks to avoid risks but to professionally manage them, i.e. «discipline» them. That basically means achieving a sufficient rate of income from capital to a certain degree of risk. Central problem which the banks should pay attention to risk management is the equalization of risk and income. Ignoring the risks and its setting, are detrimental for the proper decision-making and management of the assets of banks'. Therefore, the risk should be placed in an appropriate place, because the size of the banks' profitability depends on it. Risk management in banking operations has exactly this goal. The financial market trends show that in the last decade, the so-called non-credit (market and operational) risks are emerging as generators of financial crises. Sophisticated techniques for managing such risks represent an area in which the successes of failed banks will be differentiated in the future.

Keywords: risks, types of banking risks.

ВОВЕД

Според Cade (1999), прифатлива дефиниција за ризикот во банкарскиот сектор, претставува изложеност на неизвесност при исходот. Во оваа дефиниција се опфатени изложеноста, која е често изоставена во дефинирањето на ризикот и која е индикатор за состојбата на исходот, потоа исходот кој претставува консеквенца на одредени превземени активности и на крај неизвесноста која е поврзана со веројатноста. За причините за соодветно управување со ризиците од страна на банките постои определен консензус. На пример, Pyle (1997) напоменува дека основната причина за управување со кредитниот ризик е законската регулатива и обврската за нејзина имплементација, меѓутоа основна грешка е доколку ова е единствена или најзначајна причина, бидејќи на менаџерите во банките им се потребни доследни мерки и проценки за обемот на потенцијални загуби за да останат во рамки на потребната ликвидност за кредиторите, комитентите и регулаторот. Исто така, потребен им е механизам за следење на состојбата и факторите за прудентно управување со ризиците од страна на секторите и вработените. Според Oldfield and Santomero (1997), постојат три типови на ризици: а) ризици кои можат да се отстранат или да се избегнат преку едноставни работни процедури; б) ризици кои можат да се пренесат на други страни, и в) ризици кои можат да се управуваат на ниво на организацијата. Постапките за одбегнување на ризиците опфаќаат процес на утврдување на подобност за одобрување на финансиски услуги, премостување или управување со активата и пасивата, реосигурување или синдикација и due diligence. Во сите овие случаи, целта е организацијата да се ослободи од ризиците кои не се есенцијални за финансиските институции или да апсорбира само оптимално ниво на определен вид на ризик. Вториот тип на ризици, се оние кои можат да се пренесат, односно да се продадат преку слободен пазар и за кои нема потреба да останат инхерентни во портфолиото. На крај, постои трет типризици кои се инхерентни и мора да бидат апсорбирани од страна на организацијата. Во овој тип постои потреба за агресивно управување со ризиците и постои потреба за дополнително ангажирање на ресурси.Покрај оваа поделба, Santomero (1997) прави и категоризација на ризиците во банкарскиот сектор: а) системски ризик (пазарен ризик) е ризикот за промена на вредноста на средствата во зависност од системски фактори и заради неговата природа може да биде премостен, меѓутоа не може да биде целосно диверзифициран. Во банкарскиот сектор, во однос на овој ризик постојат две основни грижи - промените во каматните стапки и релативната вредност на валутите; б) кредитен ризик кој претставува нефункционалност на кредитоткорисниците, односно неможноста или пак одбивање за плаќање на обврските превземени со потпишаните договори. Овој ризик е можно да биде диверзифициран, меѓутоа не може да биде целосно отстранет, бидејќи делумно е поврзан и со гореспоменатиот системскиот ризик; в) ризикот на договорните страни кој произлегува од неможноста за плаќање на една од договорните страни и тој е сличен на кредитниот ризик; г) ликвидносниот ризик може едноставно да биде објаснет како ликвидносна криза, и тој може да настане заради големи отписи, губиток на доверба или кризи на национално ниво како валутна криза; д) оперативниот ризик произлегува од процедурите, менувачкото работење, водење на сметководството, процесирањето на податоците и усогласувањето

со законската регулатива. Овој ризик во добро водените институции е на многу ниско ниво, меѓутоа ова се постигнува со високо ниво на трошоци; ѓ) правниот ризик може да биде поврзан со промени во законската регулатива, или пак измами, односно изигрувања на регулативата, а се поврзани со менаџментот и вработените во организацијата. Последиците може да доведат до катастрофални загуби.

ВИДОВИ НА БАНКАРСКИ РИЗИЦИ

Во стручната литературата евидентна е поделбата на следните категории на ризици: кредитен ризик, ликвидносен ризик, каматен ризик, оперативен ризик, инфлациски ризик, пазарен ризик, ризик на земјата и ризик на девизен курс.

Кредитен ризик

Реалното утврдување на вредноста на средствата и прудентното признавање на приходите и расходите, се основни фактори за оценка на финансиската состојба и ефикасноста на работењето на финансиските институции. Имајќи во предвид дека најголем дел од средствата на банките се пласираат во форма на кредити, оценката на квалитетот на банкарските кредити и нивното влијание врз финансиската состојба на банките е од суштинско значење. Една од најголемите потешкотии, која воедно е и причина за пропаѓање на банките, е ненавремено идентификување на проблематичните кредити. Билансот на состојба честопати не ја рефлектира вистинската финансиска состојба, а билансот на успех покажува повисок профит од реалниот. Ваквото прикажување на повисок профит прелиминарно се должи на неуспехот да се воспостават реални резервации за потенцијалните загуби, отписи за вистинските загуби или суспендирање (отпишување) на каматата врз основа на нефункционалните побарувања.Во услови на традиционално банкарство најголем дел (околу 80%) од активата на секоја банка го сочинуваат различните кредитни пласмани. Евентуалното неврaќање на кредитот за банката претставува загуба, која таа мора да ја покрие со своите резерви или во најлош случај, со нејзиниот акционерски капитал. Ако тие загуби станат толку големи што банката не може да ги покрие со акционерски капитал, таа станува несолвентна и може, дури, и да банкротира. Заради тоа, од исклучителна важност е секоја банка да настојува да го минимизира кредитниот ризик во своето работење. Кредитниот ризик, најчесто и наједноставно, се дефинира како веројатност должниците на банката да не ги исполнат своите кредитни обврски во согласност со договорените услови. Меѓутоа, таа дефиниција крие неколку други ризици поврзани со одобрувањето кредити на комитентите. Така, покрај квантитативни (износ на кредитот), кредитниот ризик содржи и квалитативни елементи (слабост на колатералот за негово враќање и сл.) Заради тоа, Bessis (1999), смета дека кредитниот ризик може да се подели во три дела: а) ризик од неврaќање (default risk); б) ризик наизложеност (exposure risk); в) ризик на наплата (надоместување) на кредитот (recovery risk).

Ликвидносен ризик

Банка претставува финансиска организација која е основана како акционерско друштво, која вршејќи депозитни, кредитни и други банкарски работи врз начелата на ликвидност, сигурност и рентабилност треба да оствари добивка. Банката во своето работење користи средства од сопствени извори, како

што се: акционерскиот капитал и различни форми на резерви, како и туѓ капитал обезбеден од домашни и странски физички и правни лица. Туѓиот капитал има рок на доспевање и него банката мора да го стави на располагање на сопствениците во согласност со договорените рокови. Така, обезбедените средства по одбивањето на задолжителната резерва на централната банка и резервите за одржување на ликвидноста на банката се вложуваат во кредитни и некредитни пласмани.Со оглед на тоа што неликвидноста на банката може да има значајни последици врз нејзиното работење и врз работењето на нејзините клиенти и тоа, како на оние кои вложуваат, така и на оние кои користат кредити и други посреднички услуги, потребата на банката да биде ликвидна во секој момент не е ништо посебно и ново, туку нешто нормално и вообичаено. Базелскиот комитет за банкарска супервизија наведува дека ликвидноста е способност да се финансира порастот на активата и да се подмират обврските кога ќе достасаат за наплата и дека е важна за одржување во живот на било која финансиска институција. Според тоа, управувањето со активата е една од најважните активности на банката. Важноста на одржувањето на ликвидноста е многу важна за целиот банкарски систем, затоа што недоволната ликвидност на една банка може да има последици врз целиот банкарски систем. „Ризикот на ликвидност се појавува како резултат на разликата (гап) помеѓу големината на активата и пасивата на банките, како и на разликите помеѓу нивните рокови на достасување. Кога пасивата е поголема од активата, не постои ризик на ликвидност, туку каматен ризик затоа што постои неизвесност дали вишокот на средствата банката ќе може да ги пласира и да остварува приходи“ (Basel Committee on banking Supervision, 2000). Кога активата е поголема од пасивата, банката се соочува со недостаток на средства. Во тој случај, кај неа се појавува ризик на ликвидност што се манифестира во неизвесност дали потребната ликвидност може да ја обезбеди на пазарот на пари, при што се додава и ризикот за плаќање повисоки трошоци за позајмените пари од вообичаените, кога на тој пазар се настапува во вообичаени услови. Од претходно наведените дефиниции за ликвидноста произлегува дека ликвидносниот ризик е веројатност дека банката со средствата со кои располага, нема да биде во можност да ги плати доспеаните обврски кон своите депоненти, како и обврските за одобрените кредити, издадените гаранции, авали итн. Меѓутоа, ликвидноста на банката во пракса треба да се сфати не само како способност за подмирување на достасаните обврски, односно како способност за финансирање на порастот на активата, туку и како едно од основните начела на банкарското работење. Во таа смисла треба да се прави разлика помеѓу: ликвидност на поединечно побарување, ликвидност на активата и ликвидност на целокупното банкарско работење (Неновски, 2005).

Каматен ризик

При вршењето на своите две основни функции, собирање на депозити (извори на средствата) и нивно насочување во кредитни пласмани, хартии од вредност и други форми на пласмани, банката се соочува со еден од основните ризици во нејзиното работење, а тоа е каматниот ризик. Банката се изложува на каматниот ризик при извршување на функцијата на финансиски посредник. Каматниот ризик за банката се појавува при трансформација на краткорочно прибраните средства во долгорочни пласмани. Во своето работење банката често е изложена на каматниот ризик и според тоа не е возможно да се изолира од влијанието на промените на каматните стапки. Кога каматните стапки растат,

приходите на банката можат да паѓаат кога таа своите обврски ги отплаќа по повисоки каматни стапки, од оние што таа ги наплаќа на нејзината актива (Joetta, 2007).Многу банки можат да ја прилагодат структурата на својот биланс за да ја зголемат изложеноста на каматен ризик со цел да остварат поголем приход од работењето во обичното финансиско посредување. Од друга страна пак, избегнувањето на ризикот на банката може да ѝ претставува проблем, како што е на пример: потреба од често реструктурирање на билансот, ограничено време за делување, ограничена профитабилност, изложување на други ризици и сл. Намалување на профитот на банката заради погрешно или несоодветно управување со каматниот ризик може да ја ограничи нејзината способност да расте т.е. да биде доведен во прашање опстанокот. Банката може да се соочи со прашање за опстанок доколку се изложи на висок каматен ризик со цел да оствари краткорочен профит. Односот помеѓу управувањето на ризикот, профитабилноста и растот на банката денес е клучен елемент во управувањето на банката. Во тој триаголник значајно место има каматниот ризик, затоа што тој е„срцето“ на секоја банкарска работа, па заради тоа посебно внимание треба да се обрне на неговите облици и влијанието врз работењето, како и методите на мерење, управување и обезбедување на банката од каматен ризик (Joetta, 2007).Секоја банка како кредитор и доверител се соочува со ризикот од промена на каматните стапки. Изложеноста на кредиторот на ризикот на каматните стапки е симетрична. Не е возможно да се избегне ризикот на каматната стапка, односно овој вид на ризик не е можно да се неутрализира во работењето на банката. Меѓутоа, можно е и потебно е да се постигне најповолна изложеност на каматниот ризик согласно плановите за управување со активата и пасивата (asseset-liabilitiy management) кои постојат во банката. Управувањето со активата и пасивата претставува прв модел кој е насочен кон управување со каматниот ризик кој се појавува во структурата на билансот на банката (Madura, 2002).

Оперативен ризик

Во последните две децении дојде до силен технолошки развој, кој незаобиколно е вклучен во работењето на банките. За да се приспособат кон новонастанатите конкурентски услови на финансискиот пазар, предизвикани и со процесите на забрзана дерегулација и глобализација, банките почнаа во своето работење да внесуваат бројни иновативни производи и услуги, со цел да ја унапредат својата оперативна ефикасност (Heffernan, 1996).Од една страна, банките воведуваат сè поголем број на производи за своите комитенти (економија на обем), а од друга страна на своите комитенти тие им нудат повеќе од еден производ со правење на исти трошоци (економија на опфат). Тоа ѝ дава предност на конкретната банка во однос на другите банки што не ги прифатиле тие иновативни технолошки решенија (Joetta, 2007). Меѓутоа, често се случува економијата на обем или економијата на опфат да не ги дадат очекуваните резултати во поглед на намалување на трошоците. На пример, прекумерната нова технолошка опрема или прекумерниот вкупен капацитет на банката може да предизика дури и дисекономија на обем или дисекономија на опфат, односно растежот на банката да не ги намалува нејзините трошоци. Тогаш се појавуваат таканаречените технолошки ризици, чија што последица може да резултира со загуби во работењето на банките, со натамошни далекусежни негативни последици за банките. Заради нивната поврзаност со вкупното оперативно работење

на банките, појавите кога постојната технологија или системите за нејзина поддршка ќе откажат или погрешно ќе функционираат, се карактеризираат како оперативни ризици. Оперативен ризик е ризик кој може да предизвика загуба заради неадекватни процедури и неуспешни интерни процеси, човечки фактор, системски или екстерни случувања. Оваа дефиниција за оперативен ризик е вградена во рамка за адекватност на капиталот – Basel II.Терминот оперативен ризик е актуелен во последните неколку години. Тој се дефинира како опасност или негативен ефект кој може да резултира од потенцијалните идни активности (Basel Committee on banking Supervision, 2001).Банката за меѓународни порамнувања, оперативниот ризик го дефинира како ризик на директни или на индиректни загуби што се резултат на неадекватни или на погрешни внатрешни процеси во банката, грешки на нејзините вработени или на нејзиниот систем или пак, се резултат на надворешни случувања. Во последните неколку години се истражува основниот концепт на оперативниот ризик. Дефиницијата може да се подели во две категории.

Останати ризици во банкарското работење - пазарен ризик

Изложеноста на банката од пазарен ризик зависи од доминантната дејност на банката. Тоа е важна компонента на ризикот кај инвестиционите банки или кај банките кај кои голем дел од активностите е поврзан со пазарната книга. Неговите основни двигатели се каматните стапки, девизните курсеви, берзанскиот индекс итн. „Пазарот брзо реагира на различните сигнали со корекција на цената на хартијата од вредност и со тоа влијае на вредноста на портфолиото на банката"(Luhmann, 1991). Најважниот фактор во управувањето со пазарниот ризик е „периодот на држење" или периодот во кој банката има отворена позиција на некоја актива. Рокот на доспевање на финансиските инструменти во тој случај не е посебно значаен за постапката за управување со ризикот од причина што било која хартија од вредност е можно да се продаде на секундарниот пазар пред рокот на доспевање или е можно да се изврши премостување. Воглавно, „периодот на држење" зависи од типот на инструментот. Кај девизните курсеви се работи за период од еден ден, додека кај дериватите можно е тоа да трае подолго (некогаш се изразува и во месеци). Јасно е дека колку е подолго времето, толку е поголема и изложеност на дејствување на овој ризик. Регулаторните власти во своја надлежност имаат определување на оптимален период на држење на поедини позиции, со што на соодветен начин ќе се управува со тој ризик. Според (Luhmann, 1991), банката може да биде изложена на дејството од пазарниот ризик кај следните позиции: хартии од вредност со фиксна и каматна стапка; акции; деривати со различна актива во нивната основа – опции, фјучерси итн. Пазарниот ризик често е испреплетен со ризикот на ликвидност и оперативниот ризик. Зголемувањето на цената на хартиите од вредност во голема мера зависи од степенот на ликвидност на пазарот. Ако пазарот не е ликвиден, многу е тешко да се пронајде друга страна и со самото тоа нестабилноста на цената е поголема, отколку во услови на висока ликвидност на пазарот. Книговодствената вредност на активата, пасивата и на нето-вредноста (капиталот) на банката, многу често е различна од нивната пазарна вредност.

ЗАКЛУЧОК

Банките се институции кои се вбројуваат во редот на бизнис со ризици, односно дека во процесите со кои обезбедуваат финансиски услуги тие се соочуваат со различни видови на ризици.Банкарскиот менаџмент постојано прави компромиси помеѓу големината на ризикот и големината на стапката на приходи.Банките со пласманот на кредити генерираат приходи, но од друга страна пак, тие се соочуваат и со кредитниот ризик, кој не може целосно да биде елиминиран. Кредитниот ризик е најважниот ризик во банкарската индустрија. Од тие причини, адекватното управување со овој ризик е основна цел на банките. Тој се дефинира како можност од загуба, поврзана со намалување на кредитниот квалитет на должникот или на договорните страни. Во портфолиото на банката, загубите произлегуваат од неплаќање на обврските заради неспособност или неподготвеност на клиентот или другата договорена страна да ги исполни обврските по користените кредити, тргување и други финансиски трансакции. Кредитниот ризик, вообичаено произлегува од дадените кредитни пласмани на клиентите и други банки, издадени гаранции и акредитиви и вложувања во хартии од вредност.Заради тоа, потребно е банките постојано, да ги следат и да ги анализираат пазарните движења и повремено да вршат приспособување на своите инструменти кон пазарните услови (mark to market), користејќи ги притоа, расположливите техники за управување со ризиците, како што се на пример, мерките на VAR и CAR, стрес тест симулациите на пазарниот ризик, моделот Risk Metrics, што го дизајнирала банката J. P.Morgan и кој се користи за мерење на дневната изложеност на банките на пазарниот ризик итн. (Basel Committee on banking Supervision, 2001).VAR моделот се користи за мерење на пазарниот ризик на банката и затоа има различна примена од RORAC. Од неодамна е приспособен за мерење на пазарниот ризик. Карактеристична особина на VAR е акцентот на загубите, кои произлегуваат како резултат на варијабилноста на средствата, спротивно на варијабилноста на приходите (Basel Committee on banking Supervision, 2001).

ЛИТЕРАТУРА

1. Bank for International Settlements, Sound Practices for the Management and Supervision of Operational Risk, Basel, 22 July 2003.
2. Basel Committee on Banking Supervision (1999). Principles for the Management of Credit Risk, Konsultative paper issued by the Basel Committee on Banking Supervision, http://www.bis.org/publ/bcbs54.htm.
3. Basel Committee on banking Supervision, (2000)."Principles for the Management of Credit Risk", Basle, September.
4. Basel Committee on Banking Supervision, (2003). Principales for the Management and Supervisin of Interest Rate Risk, Basel.
5. Bessis, J. (1999). „Risk Management in Banking", John Wiley&Sons, Chichester,England.
6. Bessis, J. (2001). Risk Management in Banking, 2nd ed., Willy & Sons Ltd., Chichester, England.
7. BIS, (2003). Credit risk transfer. Basel: Committee on the Global Financial System.
8. Давитковски,О. (2011). «Перформансите накредитните портфолија на комерцијалнитебанки во Југоисточна Европа, компаративнаанализа со Р.Македонија», Докторскадисертација, Економски факултет, Скопје.

9. Dedu, V. and Nexhif, R. (2010). Banking Risk Management in the Light of Basel II, Teoretical end Aplplied Ekonomics Vo;ume XVII, http://www.ectap.ro/articole/445.pdf.
10. Joetta, C. (2007). „Credit Risk Management", Mercy College,USA.Mishkin, S. Frederic (2006). Monetarnaekonomija, bankarstvo I finansijska trzista, prevod, Data Status, Beograd.
11. Santomero, A.M. (1997). Commercial Bank Risk Management: an Analisis of the Process, Newharmon Finansial Institutions Center, http://ideas.repec.org/p/wep/pennin/95-11.html.
12. Saunders, A., Cornett, M. M. (2006). Financiainstitutions management – a risk management approach, McGraw-Hill/Irwin, New York.
13. Неновски, Т. (2005). Формирање цени на производите и услугите на корпоративните банки, Скопје: Нампрес.
14. Неновски, Т., Делова-Јолевска, Е. (2012). Пари и банкарство, Универзитет Американ колеџ, Скопје.
Доброто познавање на јазикот, јасното говорење, гестовите, оставаат добар впечаток на клиентите, што влијае на репутацијата на туристичката организација и често преку лична пропаганда го зголемува бројот на клиентите во организацијата. Познавањето на комуникациски вештини помага правилно да се пренесе порака, со цел да се произведе„желба" кај клиентот, како би се одлучил да посети некое место. Во тоа, преку писмена комуникација, помагаат летоците, брошурите и проспектите, кои не овозможуваат директен контакт, но на тој начин информациите стигнуваат до голем на луѓе.

Со развојот на технологијата во туризмот, исто така е присутна и електронска комуникација, која по пат на уредени сајтови и социјални мрежи обезбедува низа потребни информации.

Ефикасното користење на комуникациски вештини придонесува за позитивни искуства на клиентите.Персоналот во туризмот треба да биде компетентен, едуциран и постојано да развива сопствени комуникациски вештини.

3. ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИЈА ВО ТУРИЗМОТ

Од моментот на продирањето на интернетот во секојдневното работење, овозможено е надминување на просторната и временска дистанца во комуникацијата. Туристичките агенции во краток рок започнаа во целост да се потпираат на електронскиот начин на размена на информации, па денес претежно комуницираат по пат на електронска пошта, SMS (Short Message Service)и MMS (Multimedia Messaging Service)пораки, како и бројни мобилни апликации и социјални мрежи.

Сето ова е од исклучителна важност во општеството во кое времето пртставува едно од најважните ресурси, па потрошувачите бараат моментални, прецизни и проверено точни информации, а нивното трпение може да се мери во наносекунди, а не во секунди. Интернетот претставува моќно средство за градење односи со клиенти, овозможува намалување на трошоците, зголемена брзина, ефикасност и флексибилност.[7]

Туристичките агенции денес се наоѓаат на една пресвртница на која мораат да ја одберат електронската комуникација и продажба, затоа што во спротивно ќе бидат истиснати од пазарот од страна на конкуренцијата. Многу туристички агенции поседуваат во целост прилагодени веб страни, на кои клиентите можат самостојно по пат на livechat платформа, да вршат пребарувања со можност за директна комуникација со соодветни лица.

Кога е во прашање интерната комуникација во рамките на агенцијата како систем, технологијата овозможува поефикасно поврзување на back office (управа, креирање аранжман, сметководство, техничка поддршка и слично) и front office (информирање и продажба). Директната размена на информации помеѓу овие два, односно сите постоечки сектори, продажни места и локации е овозможено со помош на внатрешна интранет мрежа во која се складираат сите информации од работењето на агенцијата кои се од големо значење за нејзиното работење (продадени аранжмани, податоци за клиенти, платни трансакции, распоред за слободни и зафатени капацитети за превоз и сместување и слично).[8]

7. Bush, M. (2000), "Internet will not replace traditional reservation systems", Hotel and Motel Management, Vol.215 no.17, pp.31

8. Law, R., Leung, K.R. & Wong, J. (2004)," The Impact of the Internet on Travel Agencies", International Journal of

ЗАКЛУЧОК

Современите туристички патувања веќе не се едноставна комбинација од превоз и сместување, туристичките потреби стануваат се покомплексни, клиентите се поискусни и попребирливи, па и задачите на туристичките агенции се движат кон далеку поширок спектар на услуги, со неопходна специјализација и фокусирање на потесни целни групи. Во потребите на современите туристи преовладуваат различност, контраст, богатство на содржини и облици, новитети и иновативни производи со акцент на квалитет.Постигнувањето на наведените елементи претпоставува и постигнување на нови квалитети во сите аспекти од туристичката понуда.

Од сето ова произлегува дека туристичките агенции првенствено мораат да се фокусираат на други компетенции и да обезбедат нови услуги со дополнителна вредност која ќе ги привлече и задржи потрошувачите.Нивната суштинска компетенција која ги разликува од конкуренцијата на интернет е советодавната улога. Како би изградиле бизнис модел кој се темели на оваа предност, туристичките агенции мораат да сметаат на тековните слабости на интернет каналите: информациите на интернет се фрагментирани, потребно е повеќе време да се пронајдат добри информации дури и за патници со искуство, а доверливоста и веродостојноста на многу извори не секогаш може да се докаже.

Пред да се фокусираат на поставувањето информации како расположливи, вработените во туристичките агенции треба да се фокусираат на прилагодување на целните информации за потрошувачите, претходно идентификувајќи ги нивните вистински потреби.Информациите не треба да бидат само точни, правовремени, доверливи и комплетни, туку и доволно богати за да ја заробат фантазијата на корисникот и на тој начин да овозможат неговата/нејзината скриена информација за потребата за патувањето да излезе на виделина.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Andreu, L., Aldas, J., Bigne, J., & Mattila, A. (2010). "An analysis of e-business adoption and its impact on relational quality in travel agency-supplier relationships". Tourism Management, Vol.31, pp.777- 787
2. Buhalis, D. & Laws, E. (2001), Tourism Distribution Channels: Practices, Issues and Transformations, Continuum International Publishing Group, London
3. Bush, M. (2000), "Internet will not replace traditional reservation systems", Hotel and Motel Management, Vol.215 no.17, pp.31
4. Čavlek N.; Bartoluci M.; Prebežac D.; Kesar O.; i suradnici (2011), Turizam - ekonomske osnove i organizacijski sustav. Školska knjiga, Zagreb
5. Đorđijev, J. (2010). Satisfakcija potrošača u turizmu. Univerzitet Singidunum, Beograd
6. Gradinac, O., & Jegdić, V. (2016). "Međudestinacijska saradnja kao faktor jačanja konkurentnosti turističke destinacije". Poslovna ekonomija 10(2), 284–300.
7. Law, R., Leung, K.R. & Wong, J. (2004)," The Impact of the Internet on Travel Agencies", International Journal of Contemporary Hospitality Management, vol.16, no.2 100-107
8. Milenković, S., Delić, K.(2011), Komunikologija i poslovna komunikacija, CPI, Beograd

Contemporary Hospitality Management, vol.16, no.2 100-107

005.7:336.71(497.7)"2014/2017"

Проф. д-р Стевчо Димески
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Проф. д-р Љупчо Вчков
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

ОРГАНИЗАЦИОНЕН МЕНАЏМЕНТ ВО ФУНКЦИЈА НА ПРОФИТАБИЛНОСТА СО ОСВРТ НА БАНКАРСКАТА ИНДУСТРИЈА

Апстракт: Банките во насока на остварување на својата цел имаат избор да аплицираат организациона корпоративна поставеност којашто ќе ја сметаат за адекватна. Остварувањето на целта, подразбира исполнување на барањата на стејкхолдерите. Тоа подразбира, дека, во самата деловна политика треба да бидат инкорпориани, но и промовирани трансапретноста и одговорноста, како значајни предуслови за успешно функционирање.

Тезата што се поставува е: Колку и како организационата поставеност во банкарската индустрија, со самото тоа и имплицитно менаџирањето, согласно на дадената поставеност влијае врз созадавање на конкурентска предност, а со самото тоа и профитабилноста?

Клучни зборови: банка, организација, профитабилност

ORGANIZATIONAL MANAGEMENT IN THE FUNCTION OF PROFITABILITY WITH THE REFERENCE OF THE BANKING INDUSTRY

Abstract: Banks in order to achieve their goal have the choice to apply an organizational corporate setup that they consider adequate. The achievement of the goal implies the fulfillment of the requirements of the stakeholders. This implies that, in the business policy itself, they should be incorporated, but also promoted transparency and responsibility, as important preconditions for successful functioning.

The thesis is: How much and how does the organizational setup in the banking industry, and thus implicitly, the management, in accordance with the given placement, influence the creation of a competitive advantage, and therefore the profitability?

Keywords: bank, organization, profitability.

АПЛИКАТИВНА ОРГАНИЗАЦИЈА, ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА И ОРГАНИЗАЦИСКО РАКОВОДЕЊЕ

Теоретската апаратура, еволутивно ја развива теоријата на организација и организационата структура. На самите зачетоци, класична теорија на организација, САД (USA) - Микроорганизациски пристап - Метод на индукција – од посебно кон општо

» Проучување на работното време на работниците, во насока на подобрување на организацијата на работа;

- » Начин на кој се извршува работата;
- » Условите во кои се работи
- » Систем на плаќање на работниците (по број на саати)

Тејлор воведува

- » Норми и стимулативна плата;
- » Функционален систем на организирање (1 подреден има повеќе надредени)

Останати теоретичари

- » Гилберт – прв воведува филмска камера за одредување на време / норма
- » Емерсон – се залага за штабна функција, штабно линиски состав на раководење
- » Форд - производна лента, сериско производство
- » Европа - Макроекономски пристап - Метод на дедукција – од општо кон посебно
- » H. Fayol – научен пристап за зголемување на ефикасноста

Останати теоретичари

- » Fritz Nordisck
- » Max Weber
- » Школа за меѓучовечки односи - Elton Mayo, Rethlisberger, Dickson
- » Теорија за мотивација - Maslow, Argiris, Herzberg
- » Системски пристап на организацијата - Herbert Spencer, Talkot Persons
- » Теорија на одлучување - Bernard & Simon, Feldman & Herchel
- » Останати теории - Peter Drucker, Filip Kotler, T.Peeters, R.Waterman, H. Mintberger

Во поглед на организациската структура, истата е дефинирана од целите, елементите – (ресурси – опрема, кадри, раководење, временски тајминзи), па соодветно се пристапува кон начини на структурирање – (Top-down, Basis-upward, комбиниран) и се аплицира сегмент од видовите на организациска структура (формална, неформална, стварна), функционална, дивизиона, проектна, процесна, матрична.

ЗАКОНСКИ ДЕФИНИРАНА РАМКА ЗА БАНКИТЕ [1]

Накратко, таксативно ќе ги наведеме суштинските генерално дефинирани тела:

1. Собрание на банка (член 86)
   - » Собранието на банката не може да именува член на надзорен одбор на банка без претходна согласност на гувернерот
2. Надзорен одбор (член 88)
   - » надзорниот одбор на банка го сочинуваат најмалку пет, но не повеќе од девет члена;
   - » најмалку една четвртина од членовите мора да бидат независни членови;
   - » мандатот на членовите трае четири години;
   - » исто лице не може да биде независен член подолго од три последователни мандати.

1. Извадок од Законот за изменување и дополнување на Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/19)

3. Одбор за управување со ризици (член 90)
» се состои од најмалку три, но, не повеќе од девет члена
» се состанува најмалку еднаш неделно

4. Одбор за ревизија (член 91)
» се состои од најмалку пет, но, не повеќе од девет члена и
» мнозинството се избираат од редот на членовите на надзорниот одборнајмалку еден член треба да биде овластен ревизор.

5. Управен одбор (член 92)
» се состои од најмалку две, но, не повеќе од седум лица;
» шест години успешно работно искуство од областа на финансиите или банкарството или три години како лица со посебни права и одговорности;
» мора да се во постојанен работен однос во банката и барем еден мора да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и да има постојано живеалиште во Република Македонија

Исто така, пропишано е дека, со статутот на банката поблиску се уредуваат бројот, составот, надлежостите, правата, должностите, одговорностите и начинот на работење на органите на банката.

ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА И ПРОФИТАБИЛНОСТ НА БАНКАРСКАТА ИНДУСТРИЈА

Банкарскиот систем го сочинуваат 15 банки, групирани во три категории, согласно на големината на вкупната актива. Имајќи го во предвид фактот дека, сите истражувања покажуваат дека успехот не е во корелација со еден, но, со низ на фактори, од кои најзначајни се опкружувањето, стратегијата, големината, примената на технолошки достигнувања, во банкарскиот сектор се прктицираат различни организациски модели. Темелните модели од типот на функционална, дивизиона и матрична се повеќе се среќаваат како варијации со изградени механизми за минимизирање на негативностите од дефинираниот базичен модел. Со самото тоа, се применува и редизајниран менаџмент, што отстапува теоретско дефинираниот пристап.

Како дополнителна предност на банките во Република Македонија е во примената на традиционалното банкрaство, коепто се заснива на депозитно – кредитно работење. Истото, во смисла на тоа дека банкарскиот сектор покажа отпорност на глобалната економска и финансиска криза. Секако, показателите за профитабилност се влошија за време на кризата. Но, значајно е да се истакне дека следеше заздравување со повисок интензитет, компаративно со европскиот просек и просекот на земјите во регионот. Преведено низ бројки, стапките на повраток на каитал и активата за периодот 2013-2018 година изнесуваат 11,7% и 1,3% во просек, со што се надминати и преткризните остварувања.

Показатели	Банкарски систем			
	31.12.2014	31.12.2015	31.12.2016	31.12.2017
Стапка на поврат на просечната актива (ROAA)	0.8%	1.1%	1.5%	1.4%
Стапка на поврат на просечниот капитал (ROAA)	7.4%	10.4%	13.6%	13.5%
Оперативни трошоци/Вкупни редовни приходи(Cost-to-income)	55.5%	51.6%	49.8%	48.7%
Некаматни расходи/Вкупни редовни приходи	61.8%	58.5%	57.2%	56.5%
Трошоци за плати/Вкупни редовни приходи	22.0%	20.9%	20.1%	19.7%
Трошоци за плати/ Оперативни трошоци	39.6%	40.5%	40.5%	40.4%
Исправка на вредноста за финансиски и нефинансиски средства/Нето каматен приход	38.1%	34.9%	28.9%	31.7%

Табела 1

Показатели	Големи банки			
	31.12.2014	31.12.2015	31.12.2016	31.12.2017
Стапка на поврат на просечната актива (ROAA)	1.0%	1.3%	1.7%	1.7%
Стапка на поврат на просечниот капитал (ROAA)	9.1%	12.5%	16.0%	16.5%
Оперативни трошоци/Вкупни редовни приходи(Cost-to-income)	48.4%	43.7%	43.1%	41.1%
Некаматни расходи/Вкупни редовни приходи	53.5%	49.3%	49.8%	47.9%
Трошоци за плати/Вкупни редовни приходи	19.2%	17.8%	17.6%	16.9%
Трошоци за плати/ Оперативни трошоци	39.5%	40.8%	40.7%	41.2%
Исправка на вредноста за финансиски и нефинансиски средства/Нето каматен приход	45.3%	41.3%	31.0%	36.1%

Табела 2

Извор: Извештаи од НБРМ

НАМЕСТО ЗАКЛУЧОК

Појдовно, тезата беше да го утврди каузалитетот на организационата поставеност во банкарската индустрија, со самото тоа и имплицитно менаџирањето, согласно на дадената поставеност влијае врз создавање на конкурентска предност, а со самото тоа и профитабилноста?

Имајќи го во предвид фактот дека и во рамки на големите банки (согласно класификација на НБРМ) се практицира различна организација, се применува неунифицирана организациона структура, а големите банки (видно од табелата) ја генерираат профитабилноста на целата индустрија, недвосмислено упатува на заклучок на непостоење на каузалитет.

Како заеднички именител е дека остварувањето на преферираните таргети е во тесна корелација со HR сегментот, всушност, како што ќе забележи Jack Welch „Поставување на вистинските луѓе на вистинските места е поважно од развивање на стратегија“

338.121:334.722]:159.954(100)

Вон. проф. д-р Синиша Цветковиќ
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

КРЕАТИВНИТЕ ИНДУСТРИИ КАКО ПОТТИКНУВАЧКИ ФАКТОР НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ НА ЗЕМЈИТЕ

АПСТРАКТ: Промените на економскиот амбиент на глобален план во изминатите децении, придонесоа за менување на погледите врз факторите на растот на националните економии. Новиот концепт, економија базирана на знаење, во преден план го нагласува значењето на знаењето и технолошката способност како извори на раст и развој на земјите. Насочувањето на ресурсите во тој правец, го продуцира концептот на креативната економија која во моментов се применува за широк спектар на активности и професии. Целта на овој труд е да ја истакне и да ја документира важноста на овој нов вид на економија која ги става човечките ресурси и нивната креативност во сржта на развојот на нациите ширум светот преку создавање на нови идеи, нови бизниси, нови работни места и научни, технолошки и уметнички достигнувања.

Клучни зборови: културна индустрија, креативна индустрија, креативна економија, знаење, иновации

CREATIVE INDUSTRIES AS A INCENTIVE FACTOR OF ECONOMIC GROWTH AND DEVELOPMENT OF THE COUNTRIES

ABSTRACT: Changes in the economic environment on a global scale over the past decades have contributed to changing views on the growth factors of national economies. The new concept, a knowledge-based economy, emphasizes in the foreground the importance of knowledge and technological capability as sources of growth and development of countries. Managing resources in this direction produces the concept of a creative economy that is currently being applied to a wide range of activities and professions. The aim of this paper is to highlight and document the importance of this new type of economy that puts human resources and their creativity at the heart of the development of nations around the world by creating new ideas, new businesses, new jobs and scientific, technological and artistic achievements.

Key words: cultural industry, creative industry, creative economy, knowledge, innovations

ВОВЕД

Препознавајќи го потенцијалот на креативните индустрии како еден влијателен сектор и фактор за раст и развој на националните економии, креаторите на економските политики во последните години придаваат сè поголемо значење на овој сегмент. Со тоа се создава амбиент и простор во кој националните културни специфичности и антропогени вредности можат да станат видливи и препознатливи. Поврзувањето на културната дејност

со индустрискиот сектор овозможува новите идеи, уметничкото творештво и нивната креативна примена да бидат важни фактори во обликувањето на развојните перформанси на една национална економија.

Поимот креативни економии, ги опфаќа и анализира аспектите на процесот на производство, дистрибуција и потрошувачка на креативните добра и услуги во услови на пазарна економија. Денес, научната јавност нашироко ја прифаќа идејата дека креативните економии настануваат и се развиваат врз темелот и користењето на информатичките и комуникациските технологии (Flew, 2012; Florida, 2002).

Најчесто цитирана дефиниција на креативната економија е од Министерството за култура, медиуми и спорт на Обединетото Кралство (DCMS). Тие под поимот на креативната економија ги подразбираат "оние индустрии кои произлегуваат од индивидуалната креативност, вештина и талент и кои имаат потенцијал за создавање богатство и работни места преку генерирање и експлоатација на интелектуалната сопственост" (DCMS, 1998, стр.3).

ИСТОРИСКИ ОСВРТ НА РАЗВОЈОТ И ПОДЕМОТ НА КРЕАТИВНИТЕ ЕКОНОМИИ

Според документот на Европска комисија "Зелена книга - Отклучување на потенцијалот на културните и креативните индустрии"(2010), поимот културни индустрии се однесува на индустриите кои комбинираат креација, производство и комерцијализација на креативни содржини кои во основа се нематеријални, искажани пред сè, преку уметничка форма, без оглед за кој вид на уметничко изразување станува збор. Културните индустрии вклучуваат создавање, заштита и презентација на уметнички дела и артефакти од сите категории на културно наследство; печатење; издаваштво и мултимедија; аудиовизуелни производи; фонографски и кинематографски продукции; занаети; дизајн и сл.

Според дефиницијата на Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој (УНКТАД) (2006), "културни индустрии се оние кои создаваат, произведуваат и комерцијализираат нематеријални културни содржини. Таквите содржини, во форма на производи или услуги, вообичаено се заштитени со авторски права ".

Значаен теоретски придонес во развојот на концептот претставува книгата "Културни Индустрии" (2002) на Дејвид Хесмондхалг, каде што истите се дефинирани како "оние активности чија примарна цел е комуникација со публиката и создавање/креирање содржини". Меѓународен документ важен за разбирање на концептот на културните индустрии и нивниот развој, претставува Декларацијата од Есен:"10 Аксиоми на Европските Културни Индустрии" (1999). Во овој документ се нагласува важноста на културните индустрии за локалниот и регионалниот развој на европските земји.

Концептот на културните индустрии, базиран на тесната дефиниција на уметноста и културата, во услови на брзиот развој на технологијата и новите медиуми се покажал како недоволен, па како резултат на тоа во раните 1990-ти воведен е терминот креативни индустрии. Креативните индустрии претставуваат таков вид дејност со која се продуцираат конкретни материјални производи, информации и услуги и се врши пазарна размена на идеи од областа на културата, уметноста, науката, техниката, технологијата. Она што всушност го продаваат креативните индустрии претставува повеќе идеја, отколку материјална форма преку која таа се пласира. Креативните индустрии, се одличен медиум за: остварување и размена на социо-културните вредности; промовирање на знаењето и вештините

како вредност на општеството и како главен извор на моќ (економска, политичка, културна, и сл.); создавање услови за размена и продавање духовни творби, со што секторот на наука, култура и уметност стануваат продуктивни наместо потрошувачки субјекти; универзализација на одредени културни вредности, со што непречено ќе се одвива процесот на препознавање на културните разлики; овозможување нови вработувања, мобилност во економската размена и афирмација на претприемништвото.[1]

Креативните индустрии се финансираат од различни извори. Фондовите се обезбедуваат преку државата, локалните институции, приватните инвестиции, сопствени извори, здружување на средства меѓу јавниот и приватниот сектор, како и приватни и државни донации и фондации од домашно и странско потекло. Во литературата најчесто се среќаваат и разгледуваат неколку модели за да се илустрираат начините на кои се дефинирани креативните индустрии: Моделот на Џон Хокинс, Моделот (UK DCMS), Модел на Концентрични кругови, Модел на авторски права WIPO, Моделот на Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој UNCTAD.

Терминот креативни економии за првпат е употребен во книгата на Џон Хокинс "Креативна економија: Како луѓето прават пари од идеи" (The Creative Economy: How People Make Money From Ideas (2001)), каде што под креативна економија се подразбира размена на креативни производи или услуги што произлегуваат од креативноста и имаат економска вредност. Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој (УНКТАД), креативната економија ја дефинира како концепт кој се развива врз основа на креативните средства кои потенцијално генерираат економски раст и развој (2008). Според нив, главни аспекти карактеристични за креативната економија се: поттикнување и раст на приходите и создавање нови работни места; промоција на социјална инклузија, културна разновидност и човечки развој; опфат на економските, културните и социјалните аспекти; збир на економски активности базирани на знаење со развојна димензија и меѓусебна поврзаност на макро и микро нивоа со целокупната економија; развојна опција за иновации и мултидисциплинарен пристап за спроведување на економски политики.[2]

Со текот на годините, креативната економија се претвори во важен сектор на глобалната економија, која продолжува да се развива во контекст на општеството базирано на знаење и иновации. Тоа е присутно и во политиките на ЕУ кои се однесуваат на креативните индустрии. "Креативна Европа" и "Европа 2020" се две важни стратегии на Европската унија чија главна цел е поддршка на интелигентниот и одржлив развој преку истражување и развој и иновации, со што се стимулира економски раст кој треба да биде инклузивен и поволен за создавање нови работни места. Поддршката од програмата "Креативна Европа" за креативниот сектор изнесува 1,46 милијарди евра за периодот од 2014-2020 година.[3]

1. Проект на Министерство за култура на Република Македонија и Британски совет во Македонија, 2010, Мапирање на Креативните Индустрии во Република Македонија, Скопје
2. The Creative Nova Scotia Leadership Council, 2012, Creative Economy Literature Review, Nova Scotia Department of Communities, Culture and Heritage, p.5
3. https://ec.europa.eu/programmes/creative-europe/about_en

ПОСТИГНУВАЊАТА НА ЗЕМЈИТЕ ВО ДОМЕНОТ НА КРЕАТИВНАТА ЕКОНОМИЈА СПОРЕД ИНДЕКСОТ НА ГЛОБАЛНАТА КРЕАТИВНОСТ (GCI)

Доменитe на делување на креативната економија се поврзани со креативните индустрии и културните сектори, каде што заштитата на правата на интелектуална сопственост е многу важна за продукцијата, напредокот и развојот на новите производи и услуги. Низ годините на анализа и проучување на овој концепт, во научните кругови особено се истакнува важноста на човечката креативност, сметајќи ја како еден од најважните економски ресурси. Во таа насока за развој на националните економии се нагласува значењето на моделот "3Т" (талент, технологија, толеранција) (Флорида, 2002).

Во 2015 година од страна на (Martin Prosperity Institute), објавена е студија наречена Индекс на глобалната креативност 2015 (Global Creativity Index (GCI)), кој ја поврзува креативноста со глобалниот економски развој. Студијата рангира 139 земји според моделот "3Т", во трите столба - талент, технологија и толеранција.[4]

Според резултатите од истражувањето, најкреативна економија на глобален план е Австралија (0.970), потоа САД (0.950), Нов Зеланд (0.940) и Канада (0.920). Што се однесува до земјите од окружувањето на Р.Македонија: Словенија (0.822) рангирана на 16 место, потоа Црна Гора (0.516) на 46 место, Бугарија (0.505) на 48 место, Србија (0.484) на 54 место, Хрватска (0.481) на 58 место и Р.Македонија (0.391) на 74 место. Полош резултат имаат Босна и Херцеговина (0.253) на 108 место и Албанија (0.197) на 116 место. За рангирањата по основ на резултатите од поединечните столбови состојбата е следна:

1) Индекс на технологија - се мери преку вредноста на индексот за истражување и развој (ИР) како издвојувања од БДП за ИР и преку стандардна мерка за иновации изразена со бројот на применети патенти по глава на жител. Најдобро рангирана е Јужна Кореја, потоа Јапонија, Израел, САД, Финска, Австралија итн. Од земјите од окружувањето Словенија е рангирана на 17 место, Црна Гора на 51 место, Хрватска на 60 место, Србија на 70 место, Р.Македонија на 76 место, БиХ на 77 место, Бугарија на 78 место, Албанија на 83 место.

2) Индекс на талент - се мери преку уделот на работната сила во креативната класа и учеството на возрасните во високото образование. Најдобро рангирана е Австралија, Исланд, САД, Финска, Сингапур, Данска итн. Од земјите од окружувањето Словенија е рангирана на 8 место, Црна Гора на 34 место, Бугарија на 38 место, Хрватска на 39 место, Србија на 45 место, Р.Македонија на 63 место, БиХ на 70 место, Албанија на 90 место.

3) Индекс на толеранција - се мери врз основа на анкета за толерантноста на жителите дали нивната средина е добро место за етничките и расните малцинства и од уделот на оние кои сметаат дека нивната средина е прифатливо место за луѓето со поинаква сексуална ориентација. Најдобро рангирана е Канада, Исланд, Нов Зеланд, Австралија, Велика Британија, Холандија, Уругвај, Ирска, Норвешка , Шведска итн. Од земјите од окружувањето Словенија е рангирана на 35 место, Бугарија на 47 место, Србија на 58 место, Р.Македонија на 70 место, Хрватска на 81 место, Црна Гора на 83 место, Албанија на 118 место, Босна и Херцеговина на 119 место.

4. Richard Florida, Charlotta Mellander, Karen King, 2015, The Global Creativity Index 2015, Martin Prosperity Institute, School of Management University of Toronto

Трите столба може да се опишат на следниов начин: талентот - се однесува на учеството на возрасните во високото образование и уделот на работната сила во креативната класа; технологијата - се однесува на инвестициите во истражување и развој и патентите по глава на жител; толеранцијата - го вклучува третманот на имигранти, лицата со различна сексуална ориентација, како и расните и етничките малцинства.

Ранг	Земја	Технологија	Талент	Толеранција	Индекс на глобалната креативност (GCI)
1	Австралија	7	1	4	0.970
2	САД	4	3	11	0.950
3	Нов Зеланд	7	8	3	0.940
4	Канада	13	14	1	0.920
16	Словенија	17	8	35	0.822
46	Црна Гора	51	34	83	0.516
48	Бугарија	78	38	47	0.505
54	Србија	70	45	58	0.484
58	Хрватска	60	39	81	0.481
74	Македонија	76	63	70	0.391
108	Босна и Херцеговина	77	70	119	0.253
116	Албанија	83	90	118	0.197

Табела 1. Рангирање на земјите според Индексот на Глобална креативност
Извор: The Global Creativity Index 2015, Martin Prosperity Institute

Индексот на глобалната креативност (GCI) ја поддржува идејата дека во рамките на економијата базирана на знаење каде што производството и потрошувачката се заснова на интелектуалниот капитал, креативноста и "3Т" позитивно се поврзани со социјалниот и економскиот развој. Земјите кои се рангирани високо според Индексот на глобалната креативност (GCI) имаат повисоки нивоа на економско производство, претприемништво, економска конкурентност и висок индекс на човечки развој. Креативноста тесно е поврзана со урбанизацијата, така што повисоко урбанизираните средини постигнуваат повисок ранг на листата на Индексот на глобалната креативност (GCI). Земјите кои имаат повисоки нивоа на индексот (GCI) истовремено бележат пониски нивоа на нееднаквост.

ЗАКЛУЧОК

Денес, општествениот развој влегува во ерата на новата економија, во која информацијата и иновацијата се основа за повисок и подинамичен економски и социјален раст. За да се учествува во современиот глобален натпревар, мора постојано да се развива конкурентноста, односно, да се создаваат нови производи и услуги и да се иновираат постојните. Со тоа се отвора простор за нови сектори, при што, креативните индустрии недвосмислено стануваат составен дел на новата економија. Основна претпоставка за успешно реализирање на новата креативна економија е развивањето и промовирањето на претприемништвото во сите сфери на општествениот живот. Со порастот и развојот на новите технологии (како што се интернетот, е-бизнисот, е-трговијата и електронските документи итн.), глобализацијата го реализира своето длабоко влијание врз креативните индустрии овозможувајќи размена, трговија и конзумирање на културни стоки и услуги полесно и побрзо од кога и да било претходно. Токму затоа, денес, сè повеќе се потврдува сознанието за растечкиот економски потенцијал на креативните економии и нивната

најважна улога преку пазарот да влијаат врз поттикнување на претприемничкиот дух, творечките потенцијали и културната разноликост меѓу нациите.

Постигнувањето на земјите според Индексот на глобалната креативност (GCI) 2015, ги открива слабостите односно домените каде што економските политики треба да делуваат во насока на подобрување на амбиентот за развој и унапредување на креативната економија. Од таму произлегуваат следниве општи заклучоци и препораки за развој и унапредување на креативната економија: подигнување на свеста на национално и локално ниво за значењето на креативната економија за локалните заедници и земјата во целина; утврдување на придонесот на креативните индустрии во развојот на општеството во сите негови сфери (економија, култура, политика, социјала); евроинтегрирање преку хармонизација на законската регулатива која се однесува на креативната економија; определување на приоритетите во доменот на креативните индустрии како составен дел на националните политики од сферата на културата; утврдување на методологија за развивање на претприемништво во доменот на креативната економија; регулирање на интелектуалната сопственост и авторските права, како и на други видови законска регулатива; внесување соодветни содржини во системот на образование кои ќе бидат во функција на стекнување знаења и вештини; утврдување механизми за финансиска поддршка на креативните индустрии; формирање на Национално координативно тело итн.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Проект на Министерство за култура на Република Македонија и Британски совет во Македонија, 2010, Мапирање на Креативните Индустрии во Република Македонија, Скопје
2. Лорета Георгиевска- Јаковлева, Мишел Павловски, 2014, Креативни Економии: Ново Знаење за Нови Иницијативи, Центар за култура и културолошки студии, Скопје
3. The Creative Nova Scotia Leadership Council, 2012, Creative Economy Literature Review, Nova Scotia Department of Communities, Culture and Heritage,
4. Richard Florida, Charlotta Mellander, Karen King, 2015, The Global Creativity Index 2015, Martin Prosperity Institute, School of Management University of Toronto
5. UNCTAD, 2015, Creative Economy Outlook and Country Profiles: Trends in Interntional Trade in Creative Industries, United Nations
6. Kathrin Muller, Christian Rammer, Johannes Truby, 2008, The Role of Creative Industries in Industrial Innovation, Centre for European Economic Research
7. Robin Brighton, Chris Gibbon and Sarah Brown, 2016, Understanding the Future of Productivity in the Creative Industries, Strategic Labour Market Intelligence Report
8. Svetlana Jovičić, Hristina Mikić, 2006, Kreativne Industrije - Preporuke za Razvoj Kreativnih Industrija u Srbiji, British Council Serbia and Montenegro
9. Ivana Rašić Bakarić, Katarina Bačić, Ljiljana Božić, 2015, Mapiranje Kreativnih i Kulturnih Industrija u Republici Hrvatskoj, Zagreb
10. https://ec.europa.eu/programmes/creative-europe/about_en

338.121:061.23(470+571)

Юхачёв Павел Сергеевич, магистрант
Тамбовский государственный университет имени Г.Р. Державина
Российская Федерация

ТРЕТИЙ СЕКТОР ЭКОНОМИКИ – НЕПРИБЫЛЬНЫЕ НЕКОММЕРЧЕСКИЕ ОРГАНИЗАЦИИ. ОСНОВНОЙ ИСТОЧНИК СРЕДСТВ – ПОЖЕРТВОВАНИЯ

Аннотация: в статье рассматриваются особенности развития и функционирования третьего сектора экономики (СО НКО) в современных условиях. Определены основные исторические этапы, актуальные тенденции и технологии развития. Более детально изучена деятельность благотворительных фондов, основной ресурс развития которых – пожертвования.

Ключевые слова: некоммерческий сектор, благотворительный фонд, развитие, пожертвования, социальная значимость.

THE THIRD SECTOR OF THE ECONOMY IS NON-PROFIT NON-COMMERCIAL ORGANIZATIONS. THE MAIN SOURCE OF FUNDS FOR DEVELOPMENT IN THIS CASE IS DONATIONS

Abstract: the article is focused on the features of the development and functioning of the third sector of the economy in the modern world. The main historical stages, current trends and development technologies are identified in the article. The activities of charitable foundations, the main resource for the development of which is donations, are also studied in more detail.

Keywords: non-profit sector, charitable foundation, development, donations, social significance.

Некоммерческие организации сегодня – это важный и динамично развивающийся инструмент, помогающий государству в решении социальных проблем населения. НКО функционируют во всех сферах жизни общества. В данной статье мы более подробно рассмотрим значение некоммерческих организаций для социальной сферы (СО НКО) на примере частных благотворительных фондов, основными ресурсами для работы которых являются пожертвования.

Само определение НКО и их отличительная особенность исключает коммерческую составляющую деятельности – это объединения, основными задачами которых не должно быть получение прибыли от своей работы. Социально ориентированные НКО – функционируют для оказания помощи людям, попавшим в сложную жизненную ситуацию. Высокая социальная значимость определяется долгосрочным положительным эффектом достигнутых изменений, постоянным взаимодействием с другими секторами экономики, заинтересованность непосредственных и сторонних участников. Благотворительный фонд в рамках своей специализации, используя все разрешенные на законодательном уровне способы привлечения финансирования, осуществляет сбор пожертвований от физических и

юридических лиц для оказания помощи социально незащищенным слоям населения.

Согласно российскому ФЗ от 11.08.1995 N 135-ФЗ «О благотворительной деятельности и добровольчестве (волонтерстве)» наиболее распространенными формами НКО являются фонды и общественные объедения, допускаются и другие. Благотворительные фонды бывают частными и публичными – в зависимости от количества учредителей и организационной структуры. Независимо от основных целей и задач деятельности организации, она направлена на оказание благотворительной помощи и функционирует за счет пожертвований. Пожертвование – это дар, передача денег или имущества в пользу какой-либо организации или лица, а также добровольная оплата какого либо товара или услуги на безвозмездной основе в пользу организации и ее благополучателей.

Число социально-ориентированных организаций, в том числе благотворительных фондов, действующих на территории Российской Федерации, постоянно растет. На сегодняшний день их более 140 000. Важно отметить увеличение количества региональных и районных НКО, которые способствуют развитию местных сообществ. Вместе с тем отмечается формирование новой культуры благотворительности. Современный этап развития филантропии в России начался в 1989 году. Произошедший стремительный рывок, позволил охватить все виды филантропических организаций и в значительной мере увеличить масштабы целевой аудитории и объем благотворительных пожертвований.

По данным Фонда «КАФ», ключевой организации, содействующей развитию филантропии в РФ, основным достижением минувшего десятилетия является увеличение количества частных пожертвований, преимущественно от представителей среднего класса. По итогам проведенных опросов и мониторинга данных – 49% россиян совершали пожертвования в течение 2018 года. Большая часть передана наличными – 44%, 36% средств переданы - онлайн и 36% через СМС.

Лидирующими по количеству собранных пожертвований и распространенности в целом являются три направления: помощь детям, поддержка религиозных организаций и помощь бедным; далее идут фонды, помогающие пожилым людям, животным и экологии. Еще одно важное направление в благотворительности – это правовая зашита и осуществление юридических консультаций населения. Такие организации в основном существуют за счет финансирования учредителем, иностранных инвестиций и грантов на свою деятельность, от физических лиц пожертвования в такие фонды практически не поступают. В течение предыдущих 3-5 лет ситуация осложнилась из-за резких запретов и ограничений на осуществление финансирования из-за рубежа. Введен термин «иностранный агент», который идентифицирует организации, финансируемые за счет иностранного капитала, предъявляет повышенные требования и проводит более детальный контроль. Вводятся ограничения, что в значительной мере усложняет деятельность.

Доступные источники финансирования в некоммерческой организации - взносы учредителей, благотворительные пожертвования. Дополнительно это могут быть: доходы от продажи товаров и услуг; доходы от ценных бумаг; иные поступления, не запрещенные законодательством РФ (при обязательном отражении в Уставе организации и дальнейшем использовании поступлений для ее развития и расходования на ведение уставной деятельности).

Рассмотрим более детально процесс поступления благотворительных пожертвований в организацию. Пожертвование может быть совершено напрямую –

перевод на расчетный счет или передача наличных средств с заключением договора пожертвования и опосредованно – через ящики-копилки или онлайн ресурсы.

В зависимости от формы и структуры фонда основная часть финансирования осуществляется:

- » учредителем (чаще всего это фонды, открытые крупными бизнесменами, звездами эстрады и кино, известными спортсменами), которые направляют на благотворительность собственные ресурсы (например: «Фонд Хабенского», БФ «Обнаженные сердца» Натальи Водяновой, БФ «Вера»).
- » юридическими и физическими лицами, поддерживающими деятельность фонда, направляющими на благотворительность часть прибыли организации или личного дохода. Такие фонды имеют высокий уровень доверия и известность среди населения (БФ «Старость в радость», «Российский детский фонд», в зависимости от региона – местные НКО). Особую роль в увеличении объемов пожертвований в рамках данного направления играет корпоративная благотворительность.
- » с помощью механизма фандрайзинга и краудфиндинговых проектов;
- » за счет средств грантов (предоставляются государственными учреждениями, Фондами - грантодателями; коммерческими организациями).

Наибольшее развитие и совершенствование происходит в направлении краудфандинга и фандрайзинга. Это метод сочетает в себе несколько факторов, которые требуют от сотрудников фондов постоянного мониторинга, изучения и подстраивания к изменяющимся условиям. В основном - это комплекс задач и форматов: благотворительные онлайн сборы на реализацию того или иного проекта, благотворительные акции в публичных местах (торговые центры, открытые городские площадки, совместные проекты с товаропроизводителями). Реализация данного направления невозможна без применения информационных технологий, маркетинговых стратегий, новых каналов коммуникации, сотрудничества с другими компаниями, создания информационного контента в социальных сетях.

Развитие фандрайзинга происходит благодаря росту частных пожертвований (преимущественно за счет среднего класса). Основной формат – проектные онлайн-сборы на краудфандинговых площадках. Лидерами в благотворительном секторе являются: «Планета.ру», «Dobro.mail», «Благо.ру», «Нужна помощь», «Все вместе», «Boomstarter». На сегодняшний день основная особенность таких проектов – адресный характер. В проекте рассказывается: судьба человека, история борьбы за жизнь конкретного ребенка, или взрослого человека, путь создания приюта для животных, или история их спасения. Затем дается информация о том, как любой желающий может помочь герою проекта: оплата лечения, приобретение оборудования/техники, оплата продуктов питания, строительства филиала приюта и т.д. Каждый проект по своему уникален, а его реализация позволит спасти человеческую жизнь, исполнить заветную мечту, или внести вклад в создание системных изменений. Общедоступность и открытость проектов – одна из движущих сил таких сборов. Большой охват Интернет пользователей, позволяет найти поддержку среди них. Важные составляющие успешных сборов – это репутация и добросовестность краудфандинговых площадок, а, соответственно, и фондов, размещающих на том или ином ресурсе свои проекты. Для присоединения к сообществу и размещения проекта на площадке необходимо

пройти проверку системой безопасности (у каждой площадки свои механизмы и требования к фондам) и соответствовать единым требованиям: период деятельности (от 6 месяцев до 1,5 лет), размещение ежемесячной и годовой отчетности о результатах деятельности; добросовестное ведение сайта организации, наличие активных страниц в социальных сетях; опыт реализации проектов и достигнутые результаты; количество благополучателей; участие в партнерских программах; публикации в СМИ. Перечисленные критерии и дополнительные внутренние проверки, позволяют сотрудникам краудфандинговой площадки сделать выводы об организации, дать оценку деятельности и на основе собранных данных разрешить или отказать в размещении сбора. По итогам реализации проекта предоставляется отчетность, которая необходима как для отдела контроля, так и для спонсоров – людей, поддержавших проект (независимо от суммы). Таким образом, достигается честность, открытость и целенаправленность сбора. Это своего рода проверка и подтверждение благонадежности и результативности деятельности фонда или НКО.

Краудфандинговые проекты оказывают значительное влияние на развитие культуры благотворительности, расширяя границы распространения (технически проект может поддержать любой Интернет-пользователь, независимо от географического расположения) и увеличивая количество людей, участвующих в благотворительности. Увеличение онлайн - пользователей, перечисляющих пожертвования в пользу определенного фонда или поддерживающих одно из направлений проектов, свидетельствует об увеличении сумм поступлений. Важным фактором подтверждения доверия к фондам является рост доли пожертвований в формате ежемесячных автоплатежей.

Изучая данные статистики, необходимо отметить, что все же основная часть частных пожертвований осуществляется спонтанно (трогательный текст поста в социальных сетях или эмоциональная реклама), а не регулярно. Лидирующие позиции у СМС пожертвований (распространенность благодаря поддержке благотворительных сборов в теле и радио эфирах федеральных каналов), онлайн-переводов (через прямой платеж на странице проекта или раздела на сайте фонда, онлайн-банкинга и электронных кошельков) или наличными - через денежный ящик для сбора пожертвований, установленный в общественных местах. Основные мотивы при осуществлении пожертвования – это сопереживание социальной проблеме, осознание значимости помощи, причастность к добрым делам.

Один из новых видов онлайн-краудфандинга является «интеллектуальное волонтерство», механизм прост - фонд размещает задание, помощь в выполнении которого необходима (например: создание сайта, макетов для проведения акций, написание текстов, разработке стратегий развития, PR-продвижение и т.д.). Волонтеры – благотворители, зарегистрированные на платформе обладают навыками и техническими возможностями для профессионального выполнения представленных задания, и делают это бесплатно.

Обратим внимание, на еще одно преимущество размещения проектов на краудфандинговых площадках – это представление организации среди потенциальных доноров и благотворителей, многие из которых работают в коммерческих организациях могут и в будущем помогать фонду: в реализации новых проектов (онлайн и оффлайн), участвуя в создании совместных проектов, предоставляя продукцию или услуги на безвозмездной основе. Оказание помощи в натуральной форме или предоставление услуг – тоже пожертвование, которое оформляется надлежащим образом (договор пожертвования, акт приема-

передачи работ) и отражается в бухгалтерском учете с указанием стоимостной оценки. Такой метод особенно удобен для благотворителей, так как предоставляет полную информацию об объекте, цели пожертвования, потребности и значимости для организации и ее благополучателей, гарантирует целевое использование. По данным «КАФ» в 2018 году 47% респондентов готовы чаще осуществлять пожертвования, если будут уверены в том, на что потрачены деньги и 58% готовы помогать больше или на постоянной основе, если будут больше зарабатывать.

Вместе с положительной динамикой и качественными изменениями отметим проблемную тематику данного сектора. На данном этапе развития филантропии профессиональное сообщество ведет борьбу с мошенниками в сфере благотворительности, которые негативно влияют на репутацию всего сектора. Ситуация связана с широким распространением попрошаек с ящиками на улицах городов и «лже-сборов» на личные банковские карты, которые формируют негативное отношение ко всему сектору среди населения. Деятельность таких организаций практически невозможно отследить, проверить достоверность сбора и действительные объемы поступлений, а так же адресность и целевой характер использования. Данные действия являются мошенническими, но слабая законодательная база в сфере благотворительности не позволяет качественно решить и искоренить данную проблему. Инициативы, направленные на решение сложившейся ситуации разрабатываются непосредственно СО НКО, которые честно и открыто ведут свою деятельность, а результаты их работы и доверие среди населения, помогают им быть услышанными.

В 2017 году в Москве состоялась первая всероссийская конференция «Все вместе против мошенников», на которой были озвучены и закреплены основные принципы добросовестной работы и механизмы борьбы с мошенниками. По итогам конференции была подписана резолюция, основные положения которой, направлены на просветительскую и информационную деятельность, межведомственное взаимодействие, сотрудничество со СМИ и коммерческим сектором, социальными сетями, а так же защиту уникальности наименований фондов. Позднее была разработана и размещена в открытом доступе «Декларация о добросовестности в сфере благотворительности при сборе средств через ящики-копилки», которую на сегодняшний день подписали более 500 благотворительных фондов России. Особое внимание уделяется повышению прозрачности сборов с использованием ящиков – копилок.

Существуют сложности связанные с несовершенством нормативно-правовой системы и отсутствия универсальных критериев оценки эффективности СО НКО. Поэтому только консолидация усилий в рамках профессионального благотворительного сообщества позволит укрепить систему в целом, минимизировать деятельность организаций мошенников и тем самым увеличить объем благотворительных пожертвований, доходящих до адресатов. Важно поддержание достигнутых результатов и укрепление доверия населения благотворительным фондам.

Благотворительные фонды и другие формы СО НКО вносят значительный вклад в развитие социальной сферы, помогая в решении острых социальных проблем. Основным источником финансирования их деятельности являются пожертвования (в основном от внешних источников) от юридических и физических лиц. Все денежные поступления организации в соответствии с законодательством обязаны направлять на ведение уставной деятельности.

Развитие некоммерческого сектора невозможно без постоянного взаимодействия органов государственной власти, бизнеса, СМИ, общественных объединений и инициативных групп, участия населения. В свою очередь благотворительные организации обязаны обеспечивать информационную открытость и соблюдение законодательства в рамках всех составляющих своей деятельности.

Основной положительной тенденцией современного этапа развития филантропии является динамичный рост объема частных благотворительных пожертвований от представителей среднего класса. Теперь благотворительность не «только для богатых», оказать помощь нуждающимся может каждый из нас, направив средства лично или дистанционно в пользу выбранного фонда. Доступность и простота механизма онлайн-пожертвований определяется развитием информационных технологий, которые сделали этот процесс легким и технически простым. Существующие варианты совершения пожертвований успешно функционируют, позволяя некоммерческим организациям формировать капитал для осуществления благотворительной деятельности и помощи социально незащищенным категориям населения.

СПИСОК ИСПОЛЬЗОВАННЫХ ИСТОЧНИКОВ

1. Федеральный закон «О благотворительной деятельности и добровольчестве (волонтерстве)» от 11.08.1995 N 135-ФЗ
2. Краудфандинг – новые возможности для открытия малого бизнеса [Электронный ресурс]. URL: https://malbusiness.com/kraudfanding-novyie-vozmozhnosti-dlya-otkryitiya-malogo-biznesa/
3. Краудфандинг – что это такое, список российских и мировых краудфандинговых площадок [Электронный ресурс]. URL: http://kakzarabativat.ru/nachinayushhim-predprinimatelyam/kraudfanding/#2
4. Электронный журнал о благотворительности «Филантроп» [Электронный ресурс]. URL: https://philanthropy.ru/analysis/2018/01/30/60168/
5. Официальный сайт Фонда поддержки и развития филантропии «КАФ» [Электронный ресурс]. URL: http://cafrussia.ru/
6. Официальный сайт проекта «Все вместе против мошенников» [Электронный ресурс]. URL: https://stop-obman.info/

ОБЛАСТ

БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО

331.45:631.372(497.7)"2010/2017"

Доц. д-р Слободан Бундалевски
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Проф. д-р Лидија Јолеска Буреска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Доц. д-р Сузана Зиковска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

ИСТРАЖУВАЊЕ Н ОПАСНОСТИТЕ И БЕЗБЕДНОСТА ПРИ РАБОТА СО ТРАКТОР

Апстракт: Во овој труд претставено е земјоделството како дејност каде постои висок ризик од повреди на учесниците во процесот на производството. Затоа е потребно да се знаат опасностите во процесот на земјоделското производство, а со цел истите да се елиминираат, односно намалат на најмало можно ниво и да се минимизира можноста за повреди. Една од најексплоатираните земјоделски машини е тракторот и најмногу несреќи се случуваат токму од неговата примена. Анализирани се причините за несреќи кои се случиле при управување и користење на тракторот. Со цел да се елиминираат или намалат бројот на несреќи при користење на тракторот, потребно е да се применуваат доследно комплексот на превентивни мерки, а особено да се потенцира важноста од едукација на управувачите на тракторот.

Клучни зборови: трактор, опасности, безбедност при работа

EXPLORING HAZARDS AND SECURITY AT WORK WITH TRACTOR

Abstract: This paper presents agriculture as an activity where there is a high risk of injury to the participants in the production process. It is therefore necessary to know the dangers in the process of agricultural production, in order to eliminate them, ie to reduce to the lowest possible level and to minimize the possibility of injuries. One of the most exploited agricultural machines is the tractor and most accidents occur precisely from its use. The causes of accidents that occurred during the operation and use of the tractor were analyzed. In order to eliminate or reduce the number of accidents when using the tractor, it is necessary to consistently implement the complex of preventive measures, and in particular to emphasize the importance of educating the tractor steering.

Key words: tractor, danger, safety at work

ВОВЕД

Денес во современото земјоделско производство се користи бројна земјоделска механизација, а една од најупотребуваните основни машини е тракторот. Тракторите, имајќи предвид сознанијата и податоците, се многу опасни влечни машини и тоа особено доаѓа до израз ако не се користат согласно правилата и регулативите за безбедност, превенција и заштита1,2.

Имајќи предвид дека земјоделството е дејност со многу висок ризик по работниците и може сериозно да влијае на здравјето и животот на учесниците во процесот на земјоделското производство, неопходно е да се осознаат и анализираат изворите на опасност во земјоделството и при тоа да се одредат методите за безбедност при работа, а со цел да се минимизира можноста за повреда или, степенот на повреда и бројот на повреди да се сведат на најмала можна мерка3,4.

Согласно студијата на Светската здравствена организација, несоодветните условите за работа учествуваат со 40% во вкупното оптоварувањето со болест, а потоа следат бучавата со 22%, а професионалните и канцерогени заболувања со 18%.

Денес, многубројните производители на трактори во светот се соочуваат со предизвикот да дизајнираат трактор кој ќе ги задоволи различните барања во текот на работниот процес, но исто така и да ја осигураат безбедноста и сигурноста на трактористите и другите учесници во земјоделското производство. Особено важно е да се посвети внимание на едукација на трактористите.

Согласно податоците во врска со земјоделското производство, повредите и несреќите со трагични последици претставуваат црна точка, така што во САД годишно со смртни последици се околу 800 луѓе, во Франција 14 луѓе, во Ирска 31, во Словенија 35, во Србија 75, а во Република Македонија се 14 луѓе. Според истражувањата, на 40 повредени земјоделци има еден загинат тракторист5,6,7.

Според анализата спроведена од страна на Healt and Saefty Autorithy - HSA, се констатира дека најчести причини кои резултираат со смртни последици се: работа со трактори и земјоделска механизација8.

Просечната старост на тракторите во Република Македонија (околу 100.000 трактори) изнесува 26 години, што укажува дека безбедноста на трактористите во земјоделството е на многу ниско ниво. На зголемување на ризикот од повреди и значително намалување на нивото на безбедност при експлоатацијата на тракторите дополнително влијаат амортизацијата и несоодветното одржување, но сепак тие се побезбедни денес отколку во претходниот период9.

Исто така, недоволната обученост на трактористите директно влијание на бројот на несреќите, па од тука, денес значаен акцент се става на нивна едукација и обука.

РИЗИЦИ И МЕРКИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА СО ЗЕМЈОДЕЛСКИ МАШИНИ

Несомнено, земјоделството претставува една од најопасните професии во светот. Во некои земји, стапката на фатални несреќи во земјоделството е двојно поголема од стапката на фатални несреќи во сите други индустрии. Според проценките на МОТ, 250 милиони несреќи годишно се случуваат во текот на работниот процес во светот, при што, од вкупно 335.000 фатални несреќи при работа, околу 170.000 смртни случаи се однесуваат на земјоделските работници. Најголем број на смртни случаи се регистрирани при употребата на тракторите и жнеалките (слика 1).

Според истражувањата за структурата на земјоделските стопанства може да се забележи дека, бројот на тракторите е релативно константен за периодот 2014-2017 година и се движи помеѓу 67.349 во 2014 до 70.420 во 2017 година. Во 2013 година тој број изнесува 92.708 и најмногу се должи на поволните кредитни линии. Од друга страна имаме намалување на обработливите површини, така што од 546.000 хектари во 2005 година, од кои 131.000 хектари се угари, се намалува на 509.000 хектари во 2013 година од кои 132.000 хектари се угари 9.

Слика 1: Несреќи со трактор

Кога се работи за ризикот од повреди поради превртување на тракторот, а во зависност од нивната заштита, тие може да бидат со висок ризик (трактор без заштита за возачот), среден ризик (трактор со заштитна конструкција при превртување) и мал ризик (трактор со кабина) (слика 2).

Висок ризик Среден ризик Мал ризик

Слика 2: Ризикот од повреди поради превртување на тракторот

Ергономскиот пристап во дизајнирањето на современите трактори придонесува за подигање на безбедноста при работа10. Денес, современите трактори имаат вградено ергономско дизајнирани кабини во кои има инкорпорирано ергономско седиште со сигурносни појаси. Исто така, предвидена е и добра звучна и термичка изолација, како и добра прегледност при управување со тракторот.

РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО И АНАЛИЗА

Според резултатите од истражувањето, во периодот од 2010 до 2017 година во Република Македонија имало вкупно 398 несреќи поврзани со користење на трактор (слика 3).

Слика 3: Причини и број на несреќи кои вклучуваат човек и трактор во периодот од 2010 до 2017 година; Извор: Институт за јавно здравство

Најголем број несреќи 191 (или 48%) се должат на непочитување на сообраќајните знаци и прописи од страна на трактористи и возачи на други моторни возила.

84 несреќи (или 21%) се однесуваат на човечкиот фактор, односно психофизичката состојба на трактористите и возачите на други моторни возила или поради недоволното искуство при управување со трактор.

Поради невнимание на трактористот при управување со трактор, особено во земјоделски услови или поради технички неисправен, дефектен трактор, се случиле 71 (или 18%) несреќи.

Грешките на пешаците, патниците и техничкиот дефект на возилото се причини за 52 (или 13%) несреќи.

Според графичката презентација (слика 4), од вкупниот број на несреќи во периодот од 2014 до 2017 година кој изнесува 398, најголем број на несреќи се меѓусебни судари на трактори и други моторни возила и изнесува вкупно 226 (или 56,8%) несреќи.

Слика 4: Вкупен број на несреќи со трактори во периодот 2010-2017

Втор по бројност на несреќи е превртувањето на тракторите, каде биле забележани 99 (или 24,8%) несреќи од вкупниот број на несреќи.

Свртувањето на пат е трета причина по бројност од вкупниот број на несреќи и изнесува 46 (или 11,5%).

Газењето е застапено со 37 (или 9,4%) несреќи, удар во паркирано возило е застапено со 30 (7,6%) несреќи, а паѓањето од приколка е причина за 22 (или 5,6%) несреќи.

ЗАКЛУЧОК

Една од основните задачи и цели во индустријата, но и во земјоделството е заштита на здравјето на работниците. Освен идентификацијата на опасностите, проценката на ризикот и воведување на мерките за безбедност, од голема важност е едукацијата на вработените во земјоделскиот сектор, од причини што голем број на повреди се јавуваат од неправилното ракување со земјоделските алатки и машини, но и со добитокот и опасните материи кои се користат во земјоделството. Вкупниот број на повреди во земјоделството не може со точност да се одреди поради непостоење на обврска да се пријават повредите на надлежните институции и државните органи случени во приватните домаќинства..

Причините поради кои се случуваат несреќи при користење на тракторите се:

- » непридржување кон сообраќајните прописи и знаци;
- » психофизичка состојба на операторот на трактерот и возачите на други возила
- » грешки на пешаците, патниците и технички дефект на возилата.
- » невнимание и технички неисправен, дефектен трактор

Покрај едукацијата на работници кои вршат различни процеси во земјоделското производство, потребно е да се почитуваат инструкциите за безбедно работење, почесто следење на спроведувањето на мерките и да се едуцираат земјоделските работници во областа на безбедност при работа, а со цел што е можно поскоро да се отстранат опасностите и ризиците.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. H. Hetzel, 1996, Guide for Safe Tractor Operation. Publication Number 442-091, September.
   Knowledge for the Common Wealth, Virginia Cooperative Extension
2. Z. Dimitrovski et al., 2006, Preventivne mere u sprečavanju udesa sa traktorima u poljoprivredi Republike Makedonije, poljoprivredna tehnika, Poljoprivredni fakultet – Beograd.
3. K. Lipovac, 2000, Analiza opasnosti u eksploataciji traktora sa predlogom preventivnih mera. Preventivno inzinerstvo i osiguranje motornih vozila, radnih masina, transportnih sredstava,sisteme i opreme. Savetovanje sa medjunarodnim ucescem. Beograd.
4. M. Oljaca et al., 2007, Opasnosti i nesreće u eksploataciji mobilne poljoprivredne mehanizacije. Monografija. Beograd.
5. L. Radoja et al., 2000, Nesrećni slučajevi u toku rada poljoprivrednih mašina i njihovi uzroci. Preventivno inžinjerstvo i osiguranje motornih vozila, radnih mašina, transportnih sredstava, sistema i opreme. Savetovanje sa međunarodnim učešćem, str. 255-259, Beograd.

6. K. Taattola et al., 2000, Fatal occupational accidents in agriculture in 1988-1999 in Finland. [7] W. Becker, 1994, An Analysis of agricultural Accidents in Florida . University of Florida,
7. Institute of food and Agricultural Sciences.
8. https://www.hsa.ie/eng/
9. Извештај од Државниот завод за статистика на РМ 2014, 2015, 2016, 2017. Скопје.
10. Радмил Поленаковиќ и др., 2012, Ергономија, Машински факултет - Скопје

616.7-057

Доц. д-р Слободан Бундалевски
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Доц. д-р Сузана Зиковска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Проф. д-р Лидија Јолеска Буреска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

ВЛИЈАНИЕ НА ВОЗРАСТА И РАБОТНИОТ СТАЖ НА СЕДЕНТАРНИТЕ РАБОТНИЦИ ВРЗ СТЕПЕНОТ НА МУСКУЛНО-СКЕЛЕТНИТЕ НАРУШУВАЊА

Апстракт: Во овој труд истражувани се мускулно-скелетните нарушувања, заболувања тесно поврзани со влошените услови за работа, неергономска работна и животна средина, висока репетитивност, прекумерна сила, статичка работа, студ, вибрации, интензификација на работата и стресот. Тие го напаѓаат локомоторниот апарат, односно, мускулите, скелетот, рскавицата, тетивите, лигаментите и нервите. Целта на овој труд е да докаже дека постои разлика околу застапеноста на на мускулно-скелетните нарушувања кај седентарните работници во зависност од возраста и работниот стаж. Резултатите од истражувањата укажуваат на тоа дека значителна поголема застапеност на мускулно-скелетните нарушувања имаме кај постарите работници и кај работниците со поголем стаж.

Клучни зборови: мускулно-скелетните нарушувања, седентарни работници, возраст, стаж

“INFLUENCE OF AGE AND WORKING EXPERIENCE OF SEDENTARY WORKERS ON THE LEVEL OF MUSCULOSKELETAL DISORDERS”

Abstract: In this paper, musculoskeletal disorders have been investigated, diseases closely related to worsening conditions of work, non-ergonomic working environment, high repetition, excessive force, static work, cold, vibration, work intensification and stress. Locomotor system is being attacked including muscles, skeleton, cartilage, tendons, ligaments and nerves. The aim of this paper is to prove that there is a difference in the presence of musculoskeletal disorders in sedentary workers depending on age and working experience. The results of the studies suggest that there is a significant increase in the presence of musculoskeletal disorders among older workers and workers with longer working experience.

Key words: musculoskeletal disorders, sedentary workers, age, working experience

ВОВЕД

Современиот степен на наука и техника многу влијаел на промената на условите во работната и животната средина. Задачите кои денес се поставуваат пред работникот во работниот процес се многу сложени, разноврсни и променливи. Под влијание на технолошкиот и општествениот развој, бројот на занимањата непрекинато се зголемуваат. Според пописот на населението во Англија во 1841 година, биле регистрирани 431 занимање, а сто години подоцна во речникот на Американското статистичко биро, биле наброени 25.000 занимања. Регистрите на Комитетот на Обединетите Нации, само после 40 години, во 80-тите години од минатиот век, бележат пораст од дополнителни 5.000 занимања, значи вкупно 30.000 занимања. Денес, после 40 години, таа бројка е значително поголема1.

Денес, мускулно-скелетните заболувања не се поврзуваат само со репетитивните и тешки услови за работа, туку и со работните места каде работникот поминува голем дел од времето седејќи и претставуваат еден од најголемите проблеми во високо индустријализираните земји. Светската Здравствена Организација ги карактеризира како мултифакториелни, односно голем број на ризик фактори влијаат за појавата и за влошувањето на овие нарушувања и повреди. Овие повреди, освен како мускулно-скелетни заболувања, се нарекуваат уште и како повреди од репетитивно оптоварување, повреди од репетитивни движења и кумулативни трауматски повреди2.

Мускулно-скелетните заболувања може да влијаат на горните и долните екстремитети, како и на долниот дел од грбот. Се дефинираат како оштетувања на телесните структури како што се мускулите, тетивите, лигаментите, зглобовите, нервите, коските како и кардиоваскуларниот систем, предизвикани примарно од самата работа или од работната средина3.

Освен природата на работниот процес и стареењето на работната сила придонесува за широката распространетост на мускулно-скелетните нарушувања и води до перманентна, парцијална или целосна онеспособеност4,5.

Мускулно-скелетните нарушувања ги зголемуваат не само економските трошоци на компаниите, туку и на здравствените системи. Трошоците се должат на губење на продуктивноста, обуката на нови работници и трошоците за компензација6.

Согласно досегашните сознанија и епидемиолошките истражувања може да се заклучи дека за генезата на мускулно-скелетните нарушувања одговорни се неколку групи на ризик фактори:

- Физички фактори: (неудобни положби, присилни напрегања, повторување на исти движења, механичка компресија, студ, вибрации на дланка-рака, вибрации на целото тело);
- Психосоцијални фактори: (работно темпо, циклус работа/одмор, автономија, барања на работните задачи, монотонија, работна несигурност, социјална поддршка од колегите и менаџментот);
- Индивидуални фактори: (пол, возраст, професионални активности, домашни активности, рекреативни активности, спортски активности, пиење алкохол, пушење, претходна историја на мускулно-скелетни нарушувања поврзани со работата)3;

Досегашната статистика и општиот впечаток укажува на тоа дека здравствените проблеми поврзани со мускулно-скелетните нарушувања повеќе преовладуваат кај работниците отколку кај општата популација и претставуваат

главен извор на зголемени трошоци на компаниите, намалени плати и намалена работоспособност кај работниците7.

Забележано е дека возачите и канцелариските работници согласно работните активности кои ги применуваат (продолжено седење, свиткување и репетитивни задачи), страдаат од мускулно-скелетните нарушувања и со тек на времето, истите значајно влијаат врз нивниот личен и социјален живот8.

Според одредени податоци на Бирото за труд, возачите, особено оние на камиони, се наоѓаат на второто место по бројот на професионални болести и повреди во САД. Оттука, во овој труд ќе ја истражиме поврзаноста на на мускулно-скелетните нарушувања со работата кај канцелариските работници и возачите, а во зависност од нивната возраст и работно искуство во секторот за транспорт во Република Македонија.

МУСКУЛНО-СКЕЛЕТНИ НАРУШУВАЊА

Кога се зборува за мускулно-секелетните нарушувања, се мисли на здравствени проблеми поврзани со локомоторниот апарат, односно, на мускулите, скелетот, рскавицата, тетивите, лигаментите и нервите. Тука се вклучени сите форми на нарушувања, почнувајќи од лесните, транзиторни нарушувања па се до иреверзибилните онеспособувачки повреди3.

Мускулно-скелетните нарушувања не се поврзани само со работните активности, туку често пати и со други активности како што се извршување на домашни задачи или одредени спортови9.

Најчести локализации на мускулно-скелетни нарушувања се прикажани на следната слика (слика 1).



Долен дел од грбот | Горни екстремитети (рамо, рака, дланка) | Големи зглобови (на пример колено)

Слика 1: Најчести локализации на мускулно-скелетните нарушувања

Мускулно-скелетните нарушувања се појавуваат кога механичкото работно оптоварување е поголемо од капацитетот за поднесување товар од страна на компонентите на мускулно – скелетниот систем. При тоа се јавуваат повреди на мускулите и тетивите (истегнувања, руптури), на лигаментите (истегнувања, руптури) и на коските (фрактури, незабележливи микрофрактури, дегенративни промени). Покрај овие повреди, можат да се појават и иритации на местата на врзување на мускулите и тетивите, но и функционални рестрикции и рана дегенерација на коските и рскавиците (менискус, пршлени, интервертебрални дискови, зглобови)10.

Мускулно-скелетните нарушувања се манифестираат во неколку фази: рана, средна и доцна фаза11.

- Рана фаза: болката и заморот на засегнатиот екстремитет се појавуваат во тек на работното време но исчезнуваат во текот на ноќта и за време на слободните денови и не влијае на работната изведба.
- Средна фаза: болката и заморот се појавуваат на почетокот на работното време и опстојуваат во тек на ноќта. Капацитетот за репетитивна работа е редуциран.
- Доцна фаза: болката, заморот и слабоста опстојуваат и при мирување со што се јавува неспособност за вршење дури и на лесни работи, како и неможност за спиење ноќно време.

Во основа, ризик факторот зависи од три главни карактеристики и тоа: интензитет (амплитуда), фреквенција и времетраење (слика 2).

Слика 2: Елементи кои ги карактеризираат ризик факторите

ИСТРАЖУВАЊЕ, РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО И АНАЛИЗА

Истражувањето е спроведено на 80 испитаници од машкиот пол без разлика дали се канцелариски работници или возачи, од кои 40 се на возраст од 30-45 години, а 40 на возраст од 46-60 години. Исто така, 40 се со работен стаж до 10 години, а 40 со работен стаж над 10 години. Користени се прашалници за општи информации и за мускулно-скелетните симптоми поврзани со работата. Добиените податоци статистички се обработени со софтверскиот пакет SPSS. Ова истражување е само дел од едно поопсежно истражување12.

Во табелата 1 и графикот на слика 3 и табелата 2 и графикот на слика 4 се прикажани дескриптивните статистички резултати за застапеноста на мускулно-скелетните нарушувања кај седентарните работници во зависност од нивната возраст и работен стаж респективно.

Возраст	N	M	SD	Std. Error Mean
Помлади седентарни работници	40	18.20	3.291	.520
Постари седентарни работници	40	22.08	3.245	.513

Табела 1: Дескриптивни статистички резултати за застапеноста на мускулно-скелетните нарушувања кај седентарните работници со различна возраст

Забелешка: N-број на испитаници; M-аритметичка средина; SD-стандарна девијација



Слика 3: Дескриптивни статистички резултати за застапеноста на мускулно-скелетните нарушувања кај седентарните работници со различна возраст

Работен стаж	N	M	SD	Std. Error Mean
Седентарни работници со помал работен стаж	40	18.77	2.931	.463
Седентарни работници со поголем работен стаж	40	22.55	3.427	.542

Табела 2: Дескриптивни статистички резултати за застапеноста на мускулно-скелетните нарушувања кај седентарните работници со различен работен стаж

Забелешка: N-број на испитаници; M-аритметичка средина; SD-стандарна девијација



Слика 4: Дескриптивни статистички резултати за застапеноста на мускулно-скелетните нарушувања кај седентарните работници со различен работен стаж

Од добиените резултати може да се заклучи дека постои разлика околу застапеноста на на мускулно-скелетните нарушувања кај седентарните работници во зависност од возраста и работниот стаж. Имено, значителна поголема застапеност на мускулно-скелетните нарушувања имаме кај постарите работници и кај работниците со поголем стаж.

ЗАКЛУЧОК

Брзиот технолошки и општествен развој незаобиколно е поврзан со бројни повреди и заболувања не само кај работниците, туку и кај пошироката популација. Едни од почестите заболувања се мускулно-скелетните нарушувања кои се јавуваат скоро без исклучок и кај седентарните работници, односно работници кои поголем дел од работното време го поминуваат седејќи.

Мускулно-скелетните нарушувања се однесуваат на локомоторниот апарат, односно, на мускулите, скелетот, рскавицата, тетивите, лигаментите, нервите и се појавуваат кога механичкото работно оптоварување е поголемо од капацитетот за поднесување товар од страна на компонентите на мускулно – скелетниот систем.

Резултатите од истражувањата укажуваат на тоа дека значителна поголема застапеност на мускулно-скелетните нарушувања имаме кај постарите работници и кај работниците со поголем стаж.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. B. Anđelković, (2010), Osnovi sistema zaštite, Fakultet zaštite na radu u Nišu, R. Srbija
2. Ghosh, S., Bagchi, A., Sen, D. & Bandyopadhyay, P., 2011, Ergonomics: A bridge between fundamentals and applied research. Indian Journal of Occupational and Environmental Medicine, 15(1), 14-17
3. Da Costa, B. R., and Vieira, E. R. (2010). Risk factors for work-related musculoskeletal disorders: a systematic review of recent longitudinal studies. American journal of industrial medicine, 53(3), 285-323.
4. Punnett, L., et al. (2005). Estimating the Global Burden of Lower Back Pain attributed to Combined Occupational Exposure. American Journal of Industrial Medicine48(6), 459-469
5. Grandjean, E., Karl, H., Kroemer, E.(2000). Prilagođavanje rada čovjeku, Ergonomski priručnik, ISBN: 953-191-096-0
6. Dul, J., & Neumann, W. P. (2005). Keynote: Ergonomics contributions to company strategies. Paper presented at the 10th International conference on human aspects of advanced manufacturing: agility and hybrid automation (HAAMAHA 2005), San Diego, USA
7. Green, B.N. (2008). A literature review of neck pain associated with computer use: public health implications. Journal of Canadian Chiropractor Association, 52, 161-7.
8. Kroemer, K. H. E & Kroemer, A. O. (2001). Office Ergonomics. London. Taylor & Francis
9. Felson, D. T. (2002)»Musculoskeletal Disorders. Encyclopedia of Public Health
10. Karwowski, W.,& Marras, W. S. (1999). The occupational ergonomics handbook. Washington, DC: CRC Press.
11. Campbell, M. J., Machin, D., & Walters, S. J. (2007).Medical statistics: A textbook for the health sciences (4thed.). Chichester, UK: Wiley.
12. Бети Јованова (2018), Мускулно-скелетни нарушувања поврзани со работата кај седентарни работници, Магистерски труд

628.3/.4.032:005

Николче Талевски
ЕЛЕМ РЕК - Битола
Република Северна Македонија

Драган Романски
ЕЛЕМ РЕК - Битола
Република Северна Македонија

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА КВАЛИТЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛНИОТ ОТПАД – ТЕХНИЧКО ТЕХНОЛОШКИ АСПЕКТ

Апстракт: Заклучок е состојба во која одредена појава добива еден конечен изглед. Тој изглед секогаш се темели на одредени претходно поставени состојби кои се производ на проблем, предмет во согласност на поставена цел. Ако вака се постават работите конкретно за ова истражување тоа во овај труд би било претставено по следен редослед.

Клучни зборови: Управување со комунален отпад – УКО, Технички аспекти, Технолошки аспекти

CONCLUDING CONSIDERATIONS FOR QUALITY MANAGEMENT WITH COMMUNAL WASTE - TECHNICAL TECHNOLOGICAL ASPECT

Abstract: Conclusion is a state in which a particular phenomenon gets one final appearance. This appearance is always based on certain previously set conditions that are the product of a problem, subject to the set goal. If this is how things are set up specifically for this research, this work would be presented in the following sequence.

Key words: Municipal Waste Management - UCO, Technical Aspects, Technological Aspects

1. ПОЧЕТЕН УСЛОВ ЗА КВАЛИТЕТ

На старт секогаш треба да се изврши влез во проблематиката на истражувањето, се елаборира проблемот, се дефинираа предметот, мотивите и целите за отпочнување на едно вакво истражување. Солидно да се постави научната хипотеза. Прецизно да се дефинираат научните методи кои ќе се употребуваат во трудот. Досегашните истражувања, како и очекуваните придобивки од трудот треба да бидат основа за анализа и донесување на одлука од страна на техника и технологија која ни е денес на располагање. На крај мора прецизно да се направи објаснување и структурна организација на истражувањето. Заклучно согледување од ова би било дека рангот на истражување мора да е на посакуваното ниво за конкретно истражување. Од ова треба да има производ на наслов кој треба да е актуелен и погоден за истражување и натамошен развој во оваа област која не е доволно научно истражувана кај нас од техничко технолошки аспект.

2. ЗАКОНСКА ОСНОВА ЗА КВАЛИТЕТ

Најважно е од овај труд да се претстави управувањето на комунален отпад со потенцирање на видовите и нивоата на комунален отпад, третманот на комунален отпад претставен преку најмалку три аспекти на градски метаболизам, материјални токови и цели на конкретно за управувањето на комунален отпад. Детално и јасно да бидат претставени постојните политики при тоа управување со прецизирање на Република Македонија како место каде ќе се истражува, анализира и донесува одреден заклучок. Мора да се направи пресек на состојбата со управувањето на комунален отпад до денес. Мора да се споредуваат одредени состојби во светски рамки со Република Македонија. На крај мора да се претстават начините, законските рамки, контролата на справување со оваа појава кои владеат во Република Македонија со прецизирање на сите техники и технологии кои одат во прилог на олеснување на секој сегмент од управувањето. Заклучно согледување од ова би било дека управувањето на комунален отпад во Република Македонија секогаш ќе биде во рамки на закон. Република Македонија како државотворна целина мора да ги почитува сите меѓународни прописи, декларации и директиви за повисок квалитет на управувањето на комунален отпад. Но секогаш ќе постои подобра состојба која компаративно се забележува само со споредби и констатации на позитивни и негативни моменти.

3. ВЛЕЗНА ОСНОВА ЗА КВАЛИТЕТ

Посакувана желба од истражувањето е да се престави сегашниот концепт на управувањето на комунален отпад во Република Македонија. Тука мора да се направи и приклучување или старт на техниката и технологијата како научни дисциплини. Од овај моментум секоја постапка на управување ќе биде обременета со техничко технолошки аспекти (технолошки, технички, економски, сообраќајно - транспортни и еколошки), техничко технолошки концепти (просторен, временски и функционален), техничко технолошки задачи, функции и нивоа (оперативни, диференцирачки и диспозитивни), и техничко технолошки принципи (концентрација, специјализација, децентрализација, кооперација и интеграција) со осврт на Република Македонија како место каде се изведуваше истражувањето. Заклучно согледување од ова би било дека техничко технолошки ова истражување има влезни параметри на новиот систем на управување би биле техничко технолошки аспекти (технолошки, технички, сообраќајно ѝ транспортни, економски и еколошки), техничко технолошки концепти (просторен, временски и функционален), техничко технолошки задачи, функции и нивоа ((на оперативно (селекција, собирање, транспорт и депонирање на КО), диференцирачко (мрежи, системи и стратегии), и диспозитивно ниво (менаџмент, згрижување и системско водење)) како и техничко технолошки принципи (концентрација, специјализација, децентрализација, кооперација и интеграција).

4. РЕАЛНА ОСНОВА ЗА КВАЛИТЕТ

Реалната основа од истражувањето е да се претстави Република Македонија како географски дефинирана целина. Тука од овај момент секоја постапка ќе се темели на реални и издржани, јасни и прецизни, точни и недвосмислени податоци на база на официјалност. Податоците прибрани на база на постапки и правила соодветно рангирани и по јасни и прецизни критериуми од страна на (државен завод за статистика на Република Македонија) - ДЗСРМ. Законите на

база на државна функционалност по хоризонтална и вертикална хиерахиска поставеност. Чинителите на овај процес на законска официјалност ќе бидат владата на Република Македонија, министерствата во нејзин состав, регионите како дефинирани целини, општините како функционални целини каде има прописи и закони кои владеат за јавните комунални препријатија, служби и организации кои работат со овај процес. На крај не помалку битен факт е и примената на сите планови стратегии и функционални закони за управувањето на комунален отпад на секое ниво. Изведбата на регионите, типовите на региони, како и постојната законска поддршка преку критички осврт на постојната состојба на регионите ѝ за и против до нивоата на имлементација и заживување на регионите. Тука осум плански региони за Република Македонија ќе бидат строго прифатени како просторни единици за кои ќе се носат заклучоци на оправданост, препораки или ќе се констатираат негативните појави за управувањето на комунален отпад и воопшто за регион како целина. На крај од трудот ќе се проектирааат и оптималните врски и релации од технички и технолошки аспект кои ќе го пратат (за собирање, транспорт и депонирање на комуналниот отпад), кои врски и релации ќе треба да дадат функционалност на мрежата преку соодветно нејзино дефинирање, анализа и ниво на функција. Ова во истражувањето претставува база на податоци и затоа може да биде обременето и со некои ПРИЛОЗИ на официјални регионални и општински податоци потребни за ова истражување. Овие податоци ќе бидат реален влез за моделирање и развој на нов модел потполно уникатен и за прв пат создаден на база на програмски пакет. Заклучно согледување од ова би било дека техничко технолошките аспекти со применета во иновативното инженерство како научна дисциплина за создавање и развој на нов модел би одела во насока на јасно и прецизно дефинирање на посакувани показатели изразено како техничко технолошко влијание и како негови реални влезни елементи. За ова истражување влезни ПОКАЗАТЕЛИ на новиот модел би биле бројот на населените места, вкупното население за секоја општина, создадените колични на комунален отпад за секоја општина, површината на која се протега секоја општина, густината на населеност на секоја општина, бројот на домаќинства во секоја општина како и бројот на станови за секоја општина како дел од некој регион но и како дел од Република Македонија како државотворна целина изразено како техничко технолошки влијание.

5. МЕТОДОЛОШКА ОСНОВА ЗА КВАЛИТЕТ

Научната методолошка основа од истражувањето се применува откако се превзедоја сите постапки кои се констатираа како потреба за нов техничко технолошки модел и дури потоа се пристапи кон примена на методологиите за оформување на нова стратегија за управувањето на комунален отпад и со примена на научна методологија обременета со соодветни анализи и споредби. Тука треба да бидат применети напредните начини на информатичко работење со современа и уникатно моделирана и програмски функционална целина на техничко технолочкиот модел. Тоа со примена на повеќе критериумски анализи, повеќекритериумски влијанија за носење на повеќекритериумска одлука. Ова вака спакувано треба да изврши соодветен системски пристап на работите и примена на современи развојни програми, стратегии на секое ниво за да се добие своја оправданост и имлементација. Ова пак во наредниот дел ќе укаже на оправданоста од поинаков пристап на оваа појава во иднина

и ќе се примени конкретна имлементација која ќе биде соодветно заклучно констатирана. Заклучно согледување од ова би било дека повеќе критериумските анализи, влијанија и одлуки ќе одат во насока на правилно претставени, фазно идентификувани, соодветно планирани и изведени, јасно и прецизно тестирани за функционална и применлива можност на техничко технолошки модел и идна стратегија. Се ова со споредбени можности на овие нови техничко технолошки решенија со постојните класични модели на управувањет на комунален отпад. И на крај софтверски поставени како уникатни модел и стратегија да понудат излез на посакувани техничко технолошки перформаси за квалитет во појавата управувањето на комунален отпад од техничка и технолошка оправдана природа.

6. ПЕРФОРМАНСИ ЗНАЧАЈНИ ЗА КВАЛИТЕТ

Перформансите од истражувањето се претставени преку применливоста, валидацијата и верификацијата на моделот и нивоата на изводливост (менаџерски пристап изразен како технолошка изводливост, пристапот на димензионирање или технички изразен како ефикасна изводливост и стратегискиот еколошки пристап изразен како продуктивна изводливост). За стратегијата треба да се претстави применливоста, валидацијата и верификацијата нивната функционална зависност со политиката, како и нивната поврзаност и научна вредностојност во оформување и развој на техничко технолошки модел на база на податоци како столб за постоење на една современа техничко технолошки оправдана стратегија. Потребата од имлементација на состојба пред и потоа како и соодветните (анализа на трошоци и добивки и анализа на ефикасност) треба да бидат изразени како анализи на се што сака да се подобри во иднина и мора да биде презентирана и соодветна SWOT анализа. Тука во овај дел од истражувањето треба да се прикажани сите јаки и слаби страни како и предности и недостатоци на техничко технолошките оценки, влијанија, сценарија, алтернативи и можности кои се производ од моделот и стратегијата но и за целиот систем на функционалност на управувањето на комунален отпад на ниво на региони во Република Македонија. Заклучно согледување од ова би било дека овај труд вака заокружен претставува една целина која заслужува понатамошни модерни надополнувања, како од еколошки така и од техничко технолошки аспект. При изработката на трудот се заклучи дека секој моментум претставува неисцрпно поле на истражување, а секоја новина која би се применила секогаш е можно да биде подобра. Затоа во иднина со добро испланирана политика и стратегија и со постојано следење на појавата управување на комунален отпад и создавање на се поквалитетни услови за живот.

7. ЗАКЛУЧНА ОСНОВА ЗА КВАЛИТЕТ

На крај од трудот ќе се дадат констатации и заклучните согледувања во врска со обработуваната проблематика. Резимирани определени резултати и заклучоци од направените истражувања и ќе се трасираат насоките за натамошна работа. Ова претставува стратешки поглед на работите за квалитетно управување на комунален отпад.

8. БЕНИФИТИ ОД КВАЛИТЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛНИОТ ОТПАД

Вака заокружен овај труд заслужува научен поглед кој ги задоволува барањата на едно вакво истражување. Бенифит од ова дело би требало да има целокупната наука која ги опфаќа техничките дисциплини. Основата за научен придонес е техниката и технологијата како дисциплини кои се нераскинлив дел од иновативното инженерство и планирање. Во иднина ова дело треба да претставува патоказ кон кој ќе тежнее секое општество за проблематиката управување на комунален отпад и погледите да не бидат само екологија. Ова значи дека за здрава животна средина и висока еколошка свест мора да се разгледуваат низа на научни дисциплини. Тоа во ова истражување еиновативното технолошко и техничко инженерство во функција на создавање на нов и уникатен модел како конечен изглед кој претставува придонес на научната мисла.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Талевски, Н., „Логистички модел за стратешко управување со комуналниот отпад на ниво на региони во Република Македонија“, Докторска дисертација, Технички факултет-Битола, Битола, 2015

658.58:005.21

Проф. д-р Лидија Јолеска Буреска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Доц. д-р Слободан Бундалевски
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Доц. д-р Сузана Зиковска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

НАПРЕДНИ СТРАТЕГИИ ВО СОВРЕМЕНОТО УПРАВУВАЊЕ НА ОДРЖУВАЊЕ

Апстракт: Современите компании од сите дејности, се соочуваат со предизвикот за опстанок и конкурентност на глобалниот пазар и заради тоа имаат потреба од препознавање на неопходниот квалитет и ефикасност во управувањето и одржувањето на средствата, но и нивната улога во постигнување на конкурентски предности. Компаниите се во состојба успешно да ги спроведат напредните стратегии за управување со средствата, како што се RCM-Reliability centered maintenance и CBM-Condition based maintenance преку користење на алатките за пратење на перформансите, автоматизирани workflows, анализа и мониторинг на перформансите на компанијата и на нејзините средства. Потребно е да се воспостават стандардизирани и флексибилни процеси за управување со средствата. Компаниите треба да ги искористат искуствата на другите и да го пронајдат оптималното решение, да се ажурираат доказните процедури и потоа да се имплементираат. Сооглед дека од внатрешното функционирање на компаниите зависи нивното пазарно работење, несомнено е дека управувањето со одржувањето е неизбежен дел од стратегијата на успешното работење на компанијата.

Клучни зборови: Стратегија за одржување, RCM-Reliability centered maintenance, CBM-Condition based maintenance, Централизација/децентрализација на одржување.

ADVANCED STRATEGIES IN MODERN MAINTENANCE MANAGEMENT

Abstract: The modern companies from the all branches are faced with the challenge of survival and competitiveness in the global market and because of that have necessity to recognize the needed quality and efficient maintenance management, but its role in achieving the competitive advantage. These companies are able to implement advanced asset management strategies, such as RCM-Reliability centered maintenance and CBM-Condition based maintenance, through the use of tools for performance monitoring, automated workflows, analytics, and monitoring the performance of the company or its assets. It is necessary to establish a standardized but flexible asset management processes. Companies should take advantage of the experience of others and

find the optimal solution, to update proven procedures and implement them. Given that the internal efficiency depends on company's market efficiency, there is no doubt that maintenance management is an indispensable part of successful business strategy.

Keywords: Maintenance strategy, Reliability centered maintenance (RCM), Condition based maintenance (CBM), Centralization/decentralization of the maintenance.

1. ВОВЕД

Стратегијата на управување претставува индивидуален пристап на компанијата кон предизвиците на управување и како таква ја карактеризира нејзината специфичност. Не постои единствена стратегија заодржување која треба да се преслика и која ќе биде успешна за различни компании и во различни околности. Компаниите со формирање и имплементација на соодветни стратегии за одржување, сами ќе им дадат важност на карактеристиките на дејноста со која се занимаваат, потоа на својата организација, на пазарната позиција, а потоа и на сопствената култура. Конвенционалната стратегија заодржување подразбира три најзастапени форми на одржување: корективно одржување кое се спроведува после појавата на дефект, оштетување, загуби и слично; превентивно одржување кое се изведува според однапред дефинирани интервали со цел да се спречи појавата на дефекти и модифицирање на постројките произлезено од барањата за подобрување на нивната функционалност и расположивост.

Меѓутоа во услови на современо работење и изразениот натпреварувачки дух на глобалниот пазар, може да се забележи дека конвенционалните форми на одржување не се одржливи. Имено, од комаииите се бара стратешки пристап кон одржувањето со долгорочна ориентација првично кон неговите перформанси, а потоа кон запознавање со улогата на управувањето на одржувањето во управувањето со целокупното работење.

2. СОВРЕМЕН ПРИСТАП КОН ОДРЖУВАЊЕТО

Еден од најголемите предизвици кој се поставува пред компанијата во денешно време е нејзината проактивност. Опстанокот на компанијата во услови на изразена конкурентност зависи од нејзината способност проактивно да размислува и делува. Таа треба да ги препознае приликите кои и се пружаат и опасностите кои и се закануваат и за тоа да обезбеди соодветен одговор. При тоа треба да се има во предвид дека успехот на компанијата на пазарот зависи од сопствените внатрешни работни процеси и од одржувањето. Примената на нови стратегии за одржување бара коренити промени во организацијата. Тоа подразбира откажување од традиционалниот пристап на одржување, насочен на поправки во насока на надежност, односно поместување од реактивен кон проактивен начин на размислување, што подразбира: одредување на долгорочни стратегиски цели; прилагодување на системот на наградување на стратегиските цели; поуспешна интеграција на основните дејности на компанијата и одржувањето; реализација на тимска работа и учење кон целта на подредено управување-менаџмент. Разликите помеѓу стариот и новиот концепт на управување со одржувањето прикажани се во табела 1.

Искуствата покажуваат дека за преминување од класично на современо одржување или како што често се нарекува проактивно управување со одржување, потребен е временски период во траење од пет до осум години [7]. Суштинската промена се однесува на напуштањето на краткорочните цели и ориентирање на компанијата кон нејзините долгорочни цели и стратегии. Сигурно е дека со

примена на новиот концепт на одржување знаците за успешност на компанијата ќе се подобрат. Меѓутоа не треба да се занемари значителното влијание на вработените, системот за нивна мотивација и наградување.

Во современото одржување приоритет на вработените е извршување на планираните задачи и процедури од одржувањето. Оние вработени кои своите задачи ги извршуваат според однапред утврдени процедури и во зададен рок ќе бидат наградени. Од друга страна, со унапредување на активностите за одржување и со намалување на потребата за одржување, се намалува и потребата од нови вработувања.

Традиционален пристап на одржување	Современ пристап на одржување
Ориентација на поправки	Ориентација на надежност
Поправи	Унапреди
Гасење на пожар	Предвиди,планирај,програмирај акции
Мајстор	Член на работниот тим
Решавај со откази	Елиминирај откази
Намали ги трошоците за одржување	Зголеми го времето во работа
Акција програма на месецот	Континуирано унапредување
Верување дека отказите се неизбежни	Верување дека отказите се само исклучок
Приоритет се дава на отказите	Приоритет се дава на елиминирање на причините на отказите
Многу откази	Само неколку откази
Низок удел на плански работи	Висок удел на плански работи
Многу рекламации	Малку рекламации
Ниска надежност	Висока надежност
Високи трошоци на одржување	Ниски трошоци на одржување
Краткорочни планови	Долгорочни планови
Непрофитен карактер	Привлекува инвестиции

Табела 1. Разлика помеѓу традиционалното и современото организирање на одржувањето [7]

Во динамичното управување на одржувањето, исклучително важна е подршката од информатичките системи (ИС) и конзистентните софтверски решенија, при спроведувањето на планираните активности за одржување. Изборот на адекватен ИС претпоставува евалуација на одредени критериуми од кои најзначајни се: можноста за примена на избраниот ИС во одржувањето на техничките системи, можноста за негово надградување и прилагодување за конкретните активности од одржувањето, неговата компатибилност и адаптибилност на постоечките законски регулативи, континуитет на давање подршка на корисниците итн. Покрај пресудната улога во креирањето на база за одржување на објектот, евиденција на недостатоци и дисфункционалности на физичкиот имот, генерираат и барања за корективно одржување, потоа евиденција на вработените кои работат на одржување, ИС завземаат се позначајна

улога и во оптимирање на процесот од аспект на трошоците за одржување, рационализација на управувањето и намалување на залихите, исто така го оптимираат бројот и искористеноста на сопствените вработени во одржувањето. Основата за имплементација на стратегијата за одржување ја сочинува добро осмислен и функционален информатички систем.

Во современото управување на одржување, често е присутна и дилемата за организација на одржавањето во смисла на негова централизација и децентрализација. Имено премногу централизирано управување на одржување, кое се темели на изразено планирање и распоредување, не ретко доведува до значителни поместувања. Додека пак децентрализацијата на одржувањето инсистира на приоритетите на работењето, а скоро секогаш резултира со пад на продуктивноста. Секако децентрализираните тимови за одржување ќе реагираат побрзо и проактивно заради поголемата флексибилност, но ќе покажат и помал интерес за планирање на работата и извршување на поставената задача. Некои компании применуваат и хибридна организација на одржување, така што го централизираат своето одржување, а пак секое подрачје на нивното работење има свои децентрализирани тимови кои по потреба можат брзо да одговорат. Но и таквите децентрализирани тимови се покажале недоволно продуктивни. Заради тоа оптималното решение треба да се бара во балансот помеѓу централизираната и децентрализираната организација на одржувањето како би се постигнала координација помеѓу одржувањето и вкупното работење на компанијата.

Усовршувањето на управувањето на одржување, резултирало во имплементација на нови современи стратегии за одржување, како што се:

- Reliability Centered Maintenance (RCM) и
- Condition Based Maintenance (CBM)

2.1. Reliability Centered Maintenance (RCM)

RCM концептот на управување на одржувањето или како уште се нарекува управување на одржувањето според надежноста, подразбира структурирана рамка за анализа на функционалноста, евентуалните недостатоци и оштетувања на физичките средства, со акцент на задржување на функциите на системот, а не на самата опрема. Во таа смисла развојот на ваков концепт на управување на одржувањето, дава поинаква перспектива одколку традиционалното поимање за превентивното одржување, заради запазување на функционалноста на опремата. RCM се користи при јасно дефинирани планови за одржување кои ќе овозможат соодветно ниво на оперативност со прифатливо ниво на ризик на ефикасен и рентабилен начин. Примената на ваков модел ќе го олесни детерминирањето на активностите што треба да бидат превземени за да биде осигурана непречена употребливост и искористеност на физичките средства.

Според стандардот SAE JA 1011, кој ги дефинира основните критериуми што одреден процес мора да ги исполни за да се нарече RCM, процесот треба да даде одговор на следните прашања:

- Кои се функциите и посакуваните стандарди за перформансите на средствата во сегашниот контекст на работење?
- На кој начин може да дојде до не исполнување на функционалноста на средствата?
- Што ја предизвикува таа нефункционалност?
- Што се случува при секоја погрешка или нефункционалност (ефектот на дефектот)?

» Кои се последиците од тоа?
» Што треба да се направи за да може да се предвидат или спречат таквите грешки и нефункционалности (проактивни задачи)?
» Што треба да се превземи во случај да не може да се пронајде соодветно проактивно решавање?

За разлика од другите пристапи на одржување, RCM е применлив и во планирањето во самата организација на одржување, потоа во ревидирањето на оперативните процедури, во давање на препораки во врска со промената на дизајнот на физичките средства, како би се постигнале бараните перформанси. Исто така, RCM настојува да се промени ставот за суштината на одржувањето и му дава широк контекст на неговото предложено разбирање дека секој дефект е исклучително лоша работа и мора да се предвиди. RCM концептот потикнува пошироко разбирање на одржувањето, ориентирајќи се на "longterm" перспективата.

Постојат различни форми на примена на овај модел на управување на одржувањето, но повеќето од нив ги содржат следните чекори:

» Припрема за анализа. Пред самиот почеток на анализата, потребно е да се извршат одредени активности како што се организирање на адекватни крос-функционални тимови, при тоа водејќи сметка да сите членови од тимот ги разбираат и прифаќаат основните правила и услови на анализата, собирање и преглед на потребната документација итн.
» Избор на опрема која ќе биде предмет на анализа. Со оглед дека RCM анализата бара доста време и ангажирање на значителни ресурси, организациите најчесто се одлучуваат за парцијална анализа, односно за анализа на поединечни елементи од опремата. Заради тоа потребно е да се одбере опремата која ќе се анализира. За таа цел најчесто се користат две методи: метод на одбрани прашања и метод на фактори на критичност. Без разлика на методот со кој се врши избор на опрема која ќе биде предмет на RCM анализа, целта е насочување на RCM анализата на ресурсот на опремата која ќе осигура максимална корист за организацијата во поглед на сигурносните, правните, оперативните и економските приоритети.
» Да се препознаат функциите и нивните потенцијални недостатоци. Најдобар начин за изведување на овој чекор во примената на RCM концептот е да се одредат специфичните перформанси кои треба да се остварат со користење на соодветни функции што ќе овозможат препознавање на евентуалните функционални недостатоци.
» Со детекција и евалуација на ефектите од дисфункционалноста на опремата, ќе им се помогне на тимовите да ги одредат приоритетните и соодветните стратегии за одржување, адресирајќи ги на точно одредена опрема. За препознавање и евалуација на ефектите од дисфункционалноста на опремата, тимовите користат различни логички дијаграми кои ги разликуваат евидентните и т.н. скриени дисфункционалности, потоа дали тие се поврзани со проблемот на сигурност, економичност, оперативност и слично.
» Препознавање на причината за дисфункционалност. Причината за дефект, неуспех односно дисфункционалноста се одредува до она ниво кое може да се постигне со примена на адекватна стратегија за одржување. Се препорачува начините на оштетување да бидат опишани доволно детално, како би било можно да се одбери соодветна политика на управување со дисфункционалностите и неуспесите, но не во детали што би значело губење на време кое може рационално да се

искористи во процесот на RCM анализата.

» Да се одбере начин на одржување. Овој чекор подразбира дефинирање на стратегија за одржување на опремата. Тимот за RCM анализа може да се одлучи за примена на одредени стратегии за одржување за поедини дефекти врз база на искуствена проценка, врз база на однапред дефиниран логички дијаграм, со споредба на трошоците или на некои други модели и нивни комбинации. Повеќето логички дијаграми наменети за избор на стратегија за одржување претпоставуваат категоризација на ефектот на дефектот на опремата. Така при избор на стратегија, се споредуваат трошоците на различните стратегии за одржување, а се одбира онаа која го осигурува потребното ниво на достапност на опремата со минимални трошоци.

» Ефективен план за одржување, би требало да биде завршна фаза на RCM пристапот. Тој треба да ги содржи сите претходно дефинирани чекори и задачи, како и временските интервали во кои се изведуваат нај ефикасните активности на одржување.

Генерално, RCM стратегијата се користи за да се постигне подобрување во областите како што се: обезбедување на сигурно и минимално ниво на одржување, промена во оперативните процедури и стратегии, и воспоставување на капитално одржување. Успешната имплементација на RCM доведува до зголемување на ефикасноста, но и до поголемо разбирање на нивото на ризик со кој организацијата моментално управува [7]. Иако ефикасноста на RCM алатките се смета како недокажана во случај на превентивно одржување на типична опрема како мотори, спојки, цилиндри и тн, но нивната улога е незаменлива при проектирање, избор и инсталирање на новите системи, при имплементација на превентивно одржување на комплексните системи, исто и при едукација на вработените за надежноста на одржувањето и за неговата улога.

2.2. Condition Based Maintenance (CBM)

Одржувањето базирано според постоечката состојба и условите (CBM) е процес со кој се одредуваат активностите кои би осигурале функционален континуитет на средствата на посакувано ниво во сооднос со нивната вистинска оперативна состојба. Ваков модул на одржување подразбира можност за пратење и анализирање на оперативните податоци потребни за иницијализација на активностите на одржување, но и нивно спроведување во случај да треба да се спречат дефекти или други дисфункционалности.

CBM концептот, наместо да се потпира на традиционалното превентивно одржување, настојува да ги предвиди дефектите врз основа на оперативните податоци со елиминирање на непотребното одржување кое е иницирано со препораки и распоред на одржување. Одржувањето според состојбата исто така ја подобрува расположивоста на физичките средства благодарение на подобрувањето на планирањето. Најзначани предности на овој модел се:

» Се избегнува непотребното одржување, односно се спроведува само тогаш кога навистина треба. Истражувањата покажуваат дека дури 25% од денешното одржување е непотребно и може да резултира дополнителни ризици во смисла на нови дисфункционалности [7];

» Овозможува рано откривање на недостатоците и дефектите што ја зголемуваат достапноста на средствата и ги намалуваат трошоците, како и фреквентноста и бројот на застои во работата;

» Подржува континуирано подобрување преку интегриран тек на работата и управува со способностите, обезбедувајќи точни и конзистентни одговори за дадените услови;
» Обезбедува одржување со едноставен пристап до информациите за средствата кои се потребни за донесување на квалитетни одлуки;
» Ја подобрува интеграцијата на контролата на сигурноста и одржувањето.

Овие принципи за одржување на компаниите им олеснуваат на тој начин што достапните оперативни податоци ги обликуваат во ефикасни информации кои ќе им овозможат да се намалат трошоците за одржување, истовремено им го олесниуваат пратењето на активностите на опремата и нивните статистики. CBM моделот за управување на одржувањето е насочен кон непосредно откривање и дијагностицирање на нередовните активности на опремата, и идентификација на основните причинители за постоечката состојба.

ЗАКЛУЧОК

Во современото управување на одржување покрај двата образложени концепти кои се воедно и најзастапени, постојат уште низа на стратегии како потполното продуктивно одржување (TPM-Total Productive Management), предиктивно одржување, поголем број на т.н. забрзани стратегии и тн. Решението на системот за одржување не може да се бара во примена на само една стратегија или една методологија. Секоја стратегија има одредени предности, но и недостатоци. Најдобри резултати може да се постигнат со нивна соодветна комбинација, која е во согласност со конкретните потреби на компаниите. Поединечниот пристап е поефективен од другите во конкретните услови, а методите и стратегиите кои се применуваат зависат од фазата на развој на поединте организации на одржување. При тоа, не треба да се заборави дека промените не може да се воведат во системи кои не се спремни за нив. При воведувањето на било која стратегија за одржување, неопходно е да се усоврши системот за планирање на активностите за одржување, да се воведе систем за отценување на нивната успешност и други подобрувања во делот на менаџментот на одржување, па дури тогаш да се воведат нови стратегии за одржување. Заради тоа денес се повеќе се тежнее кон комбинирање на постоечките стратегии за одржување и други методи, заради искористување на нивните предности и избегнување на недостатоците, а со тоа и добивање на соодветен применлив резултат.

ЛИТЕРАТУРА

1. Moubray J.: Reliability- centered Maintenance, Industrial Press INC. ,New York City, NY, 1997.
2. Smith A., Hinchcliffe G.R.: RCM-Gateway to World Class Maintenance, Elsevier Inc, Burlington, MA, 2004.
3. Jarrell D., Sisk D., Bond I.: Prognostics and Condition Based Maintenance (CBM) – A Scientific Crystal Ball., Pacific Northwest National Laboratory-PNNL-SA-36771. ,Richland, Washington, 2002.https:/pnl.gov/dson/publications/36771.pdf,
4. Idhammar C.: Can you really justify RCM?, 2006,http://www.idcon.com.
5. Levitt J.: Avoid Waste: Lean maintenece can reduce overall coast, 2009., Http//www.maintenanceworld.com/Articles/pem-mag/Avoid-Wast-Lean-maintenance-reduce-cost.html.

6. Nyman D.,Levitt J.: Maintenance Planing, Scheduling& Coordination, Courtesy of Industrial Press, 2001., www.reliabilityweb.com.
7. Habul A, Pilav A.: Maintenance management, Konferencija "Odrzavanje 2010", Zenica, B&H,juni 2010.

331.468.2:303.22

Доц. д-р Сузана Зиковска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Проф. д-р Лидија Јолеска Буреска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Доц. д-р Слободан Бундалевски
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

МЕТОДОЛОГИЈА И МЕТОДИ ЗА ПРОЦЕНКА НА ДОВЕРЛИВОСТА НА ЧОВЕКОТ

Апстракт: Сигурноста и безбедноста на човекот и техничките системи отсекогаш била предмет на интерес. Општо, сигурноста можи да се смета како способност на избегнување на настани и состојби кои имаат негативни последици по животот на луѓето или имотот. Меѓутоа кај високодоверливи технички системи и технолошки процеси, доаѓа до отказ, каде причината е надвор од самите нив. Анализите покажале дека најчести фактори за недоверливоста на системите се пропусти, грешно или ненавремено извршени, односно не извршени задачи од страна на човекот.

Од таа причина се зголемил интересот за проучување на доверливоста на човекот- оператор, за елиминирање, односно редукција на неговите грешки. Тоа ја налага потребата од неопходна процена на човечката доверливоста како интегрален дел од проценка на ризикот на системот. Во оваа проценка се вклучени не само операторите (непосредните извршители на задачите), туку и луѓе кои се вклучени во глобалната организација во управувањето со системите. За таа цел се користи посебна методологија и методи за проценка на доверливоста на човекот.

Клучни зборови: доверливост, човечки грешки, процена, ризик, безбедност.

METHODOLOGY AND METHODS FOR ASSESSMENT OF HUMAN RELIABILITY

Abstract: The safety and security of human and technical systems has always been of concern. Generally, reliability can be considered as the ability to avoid events and situations that have negative consequences for the lives of people or property. But in highly confidential technical systems and technological processes, it comes to a failure, while the cause is independent of them per se. The analysis revealed that the most common factors for the uncertainties of the systems are omissions, wrong or untimely performed or not performed tasks by man.

Therefore increased interest in studying the reliability of man -operator for elimination or reduction of its mistakes. It imposes the need for necessary assessment of human reliability as an integral part of risk assessment system. Not only this assessment includes operators (immediate executors of tasks), but also people involved

in the global organization in system management as well. For this purpose we use a specific methodology and methods to assess human reliability.

Keywords: reliability, human error, assessment, risk, safety.

ВОВЕД

Анализата на човечки грешки го разгледува човечкиот удел во настанувањето на некои опасности и ризици. Таа вообичаено се однесува како на идентификација на човечките грешки, така и на прелиминарната идентификација на мерки за редукција на грешките.

Всушност, анализата на човечките грешки е најзначаен дел во проценката, бидејќи ако значајната грешка е изоставена, таа нема да биде разгледана и резултатите може сериозно да го потценат ефектот на човечката грешка врз набљудуваниот систем[1]. Поради тоа вреди да се усвојат хибридни модели на идентификација на грешки, како и да се користат формални системски методи.

Проучувањето на доверливоста на човекот, во смисла на формирање на единствена методологија за нејзина квантификација, е посебно интензивирано со актуелизација на проблемите на безбедноста и ризикот на системот, поради големиот енергетски капацитет на производните системи и примената на новите технологии и материјали. Ова укажува на неопходната проценка на доверливоста на човекот како интегрален дел на проценката на ризиците на системот.

1. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРОЦЕНКА НА ДОВЕРЛИВОСТА НА ЧОВЕКОТ

Според Кирван[2], за успешно решавање на проблематиката на проценка на човечката доверливост потребен е системски пристап кој се состои од десет методолошки чекори (Слика 1), и тоа:

1. дефиниција на проблемот – ја дефинира можната состојба на откази кои се предизвикани од човечки грешки;
2. анализа на задачи – формирање детални описи на задачите кои човекот ги врши за да ги постигне целите на системот и идентификацијата на можните грешки при реализација на тие задачи;
3. анализа на човечки грешки – идентификација на грешки кои ги загрозуваат карактеристиките на системот и можните начини за намалување на бројот на грешки и редуцирање на последиците од тие грешки;
4. претставување на грешки – моделирање на процесот на развој на грешките, со логичка претпоставка и со можност за квантификување на последиците на тие грешки;
5. проверување на значајноста на грешките (рангирање на грешки) – се врши врз основа на критериумите за влијание на грешките на квалитетот на функционирањето на системот, земајќи ги предвид само оние грешки кои значително влијаат на промената на тоа функционирање;
6. квантификација на грешки – се врши со цел да се одреди веројатноста на човечката грешка и веројатноста за поправка на направената грешка, за системот да може да функционира во согласност со поставените цели;
7. проценка на влијанието – каде се оценува како доверливоста на човекот влијае на веродостојното функционирање на целиот систем и достигнување на системските цели и, ако е потребно, кои

1. Grozdanovic, M. (2005a). Usage of Human Reliabiliti Quantification Metods. International Journal of Occupational Safety and Ergonomics, 11(2),153-159.
2. Kirwan, B. (1994). A Guide to Practical Human Reliability Assessment. London: Taylor&Francis.

се примарните човечки грешки и фактори кои негативно влијаат на веродостојноста на системот;

8. намалување на грешките – одредување на конкретните начини и средства за зголемување на веродостојноста на човекот по пат на намалување и минимизирање на неговите грешки;
9. обезбедување на квалитет – инсистирање на одржување на бараното ниво на квалитет на производите или системите и намалување на грешките на човекот до тоа ниво со кое не се загрозува бараниот квалитет;
10. документирање – изработка на документација која содржи соодветна база на податоци по пат на која проценката на човечките грешки е разбирлива, можно е да се провери и е применлива.



Слика 1. Чекори при проценка на доверливоста на човекот 2

Последните децении интензивно се работи на проучување на човечките грешки како важен елемент за квалитетот и безбедноста на техничките системи.

За проценка на човечките грешки се користат следните методи засновани на експертско оценување:

1. Метода на проценка на апсолутна веројатност (Absolute Probability Judgement – APJ);
2. Метода на парно споредување (Paired Comparisons – PC);
3. Метода на проценка и редукција на човечките грешки (Human Error Assessment and Reduction Technique – HEART);
4. Метода на предвидување на нивото на човечка грешка (Technique for Human Error Rate Prediction – THERP);

5. Метода на индекс на веројатноста на успехот (Success Likelihood Index Method – SLIM);
6. Метода на дијаграм на влијание (Influence Diagrams Approach – IDA);
7. Метода на веродостојноста на човечката когнитивност (Human Cognitive Reliability – HCR);
8. Емпириска техника за проценка на грешките на операторот (Tecnica Empirica Stima Errori Operatori – TESEO).

Сите методи за квантификација на човечката доверливост се засноваат на пресметување на веројатноста на човечката грешка (Human Error Probability – HEP), која е мерка за човечката доверливост:[3]

$$HEP = n/N$$

каде: n – број на настанати конкретни грешки (грешки на човекот); N – број на можности, т.е. активности за таа грешка да се случи.

За оценување на методи за проценка на човечките грешки (Табела 1.1) користени се следните квантификатори:

» точност – нумеричка точност, која се споредува со познатата веројатност за човечка грешка и се усогласува помеѓу експертот и оценувачот;
» валидност – споредување на резултатите на една метода со резултатите на друга во исти цели (емпириска и компаративна валидност);
» употребливост – обезбедување на квалитетно одвивање на процесот, по намалувањето и ублажувањето на последиците од грешките;
» ефективност на користење на изворните податоци – и тоа за опремата и личните барања;
» прифатливост – од страна на научната заедница и корисниците;
» развиеност – моментален степен на развиеност и развоен потенцијал.

	HEART	APJ	THERP	SLIM	PC	IDA	HCR	TESEO
Точност	средна	средна	средна	средна	средна	ниска	ниска	ниска
Валидност	висока	средна/ висока	средна	средна	средна	средна	ниска	ниска
Употребливост	висока	средна/ висока	средна	висока	средна/ висока	средна/ висока	ниска/ средна	средна/ висока
Ефективност во користењето на изворни податоци	висока	средна	ниска/ средна	ниска/ средна	ниска/ средна	ниска/ средна	средна	висока
Прифатливост	средна/ висока	средна	висока	средна/ висока	средна/ висока	средна	ниска/ средна	ниска
Развиеност	средна	висока	висока	средна/ висока	средна	ниска/ средна	ниска	ниска

Табела 1.1 Оцена на постојните методи за проценка на човечките грешки 2

Од Табела 1.1 се гледа дека најдобро оценети методи се HEART, APJ, THERP, SLIM, нешто послабо се PC и IDA, а најслабо TESEO и HCR.

3. Сузана М. Савић, Мирољуб Д. Гроздановић, Евица И. Стојиљковић. Поузданост и безбедност система (Ниш 2014)

Методите TESEO, THERP и HEART се засноваат на базите податоци и на индивидуално експертско оценување. HCR се обидува да ги квантификува когнитивните грешки како функција на поминатото време од почетокот на несреќата и ја претставува веројатноста на дијагнозата.

ЗАКЛУЧОК

Според постоечките истражуваења, човекот е причина во 20-90% во сите откази на системот (кај копнен транспорт 60-70%, кај авиосообраќајот ≈75%, во индустријата

≈70%, во армија од 74% во мирни услови, во воени 90%)[4].

Ако учеството на човечките грешки во иницирањето на несреќи се упросечи на 50%[5], учеството на останатите причини е следно: средства и предмети за работа (18%), технологија(8%), простор за работа(16%), надворешни фактори (8%). Ова сознание условило пораст на интересирањето за проучување на доверливоста на човекот со цел елиминирање, односно редукција на неговите грешки.

Затоа основна цел е зголемување на доверливоста на човечките фактор во рамките на задачите за зголемување на доверливоста и погодностите за одржување на индустриските процеси и производи. Исто така од големо значење е важноста на доверливоста на човечките фактори и неговиот допринос во сферата на управувањето.

Проучувањето и проценката на доверливоста на човекот представува едно ново поглавје во проектирањето, развојот, производството, користењето на производите, вклучувајќи ги економските аспекти, сигурносно-безбедносните аспекти, еколошките аспекти и правните аспекти во користење на техничките системи.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Grozdanovic, M. (2005a). Usage of Human Reliabiliti Quantification Metods. International Journal of Occupational Safety and Ergonomics, 11(2),153-159.
2. Kirwan, B. (1994). A Guide to Practical Human Reliability Assessment. London: Taylor&Francis.
3. Сузана М. Савић, Мирољуб Д. Гроздановић, Евица И. Стојиљковић. Поузданост и безбедност система (Ниш 2014).
4. Савић, С. (1992). Анализа грешака управљања и њихов утицај на поузданост система "човек-машина". Докторска дисертација. Ниш: Факултет заштите на раду у Нишу.
5. Белов, П. Г. (1996). Теоретические основи системноп инженерии безопасности. Москва: МИБ СТС Москва: МИБ СТС, Государственный научно-технический проект „Безопасност».
6. ГОСТ 26387-84 (1986). Система «Человек-машина». Термины и определения.
7. Amalberti, R. (1992). Safety in process control: an operator- centrered point of view. Reliability Engineering and System Safety, 38, 99-108

4. Савић, С. (1992). Анализа грешака управљања и њихов утицај на поузданост система "човек-машина". Докторска дисертација. Ниш: Факултет заштите на раду у Нишу.

5. Белов, П. Г. (1996). Теоретические основи системноп инженерии безопасности. Москва: МИБ СТС Москва: МИБ СТС, Государствени научно-технический проект „Безопасноств".

502.3:504.5]:616-02(497.7)"2016"

Доц. д-р Невена Груевска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

ВЛИЈАНИЕТО НА АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО ВРЗ ЗДРАВЈЕТО НА ЧОВЕКОТ

Апстракт: Со нарушување на екосистемот како резултат на пораст на светската популација, загадувањето на воздухот е еден од клучните фактори за појава на голем број кардиоваскуларни, хронични респираторни, како и голем број на малигни заболувања особено на белите дробови. Најзначајни за неговото загадување се PM честичките кои според извршените мерења во 2016 година, во нашата земја пооделно доаѓаат од : затоплување на домовите 37 %, индустриско производство 32 % и околу 20 % производство на електрична енергија а сообраќајот учествува со 2 %. Сите испитувани региони се карактеризираат со покачени вредности над нормалата.

Клучни зборови: воздух, загадување, честички, малигни заболувања, смртност, екосистем

THE IMPACT OF AIR POLLUTION ON HUMAN HEALTH

Abstract: With ecosystem disruption as a result of an increase in the world›s population, air pollution is one of the key factors for the appearance of many cardiovascular, chronic respiratory diseases, and a large number of malignant diseases, especially the lungs. The most significant for its pollution are the PM particles which, according to the measurements made in 2016, in our country come separately from: heating of houses 37%, industrial production 32% and about 20% production of electricity and traffic with 2%. All examined regions are characterized by elevated values above the normal.

Keywords: air, pollution, particles, malignant diseases, mortality, ecosystem

ВОВЕД

Екосистемот претрпува драстични промени како резултат на секојдневната активност на сè побројната човечка популација. Воздухот е еден од факторите кај кој се забележува влошување во квалитетот. Согорувањето на цврстите горива како и зголеменото количество на издувните гасови од сè поголемиот број на возила, се едни од факторите за загадување, после кое следуваат групата на органски соединенија(CO, бензен, толуен, тетрахлоретилен, формалдехид, дихлорметан и др.); како и неоргански соединенија (олово, манган, жива, кадмиум, азбест. Не помалку значајни се и микрочестичките кои лебдат во воздухот (PM 10, PM 2,5). Се делат на примарни кои директно се ослободуваат во атмосферата, и секундарни кои настануваат како производ од други материи како што се сулфурдиоксидот, амонијакот и азот диоксидот, а се создаваат при различни секојдневни човекови активности (од издувните гасовите на превозните средства кои учествуваат во сообраќајот, при производство на енергија, од изворите кои се користат за затоплување и тн). PM честичките се состојат од цврсти и течни компоненти, кои се разликуваат и по хемиски и во физички состав. Карактеристични се по својата големина и како најопасни при инхалирањето во човечките бели дробови се сметаат

оние кои имаат големина помала од 2,5 μm. Хемиски се составени од сулфати, нитрати, амонијак, одредни јони на некои елементи (Na, K, Ca, Mg, Cl), како и примеси на некои тешки метали. Причинители се на респираторни и кардиоваскуларни заболувања, поради кое и како најранлива категорија на луѓе кои се осетливи на овие честитки се сметаат срцевите болни, лицата со респираторни заболувања, лицата склони на алергии односно постарите лица и децата.

Правени се голем број на статистички анализи како на светско, така и на локално – државно ниво за поврзаноста на загадениот воздух со појавата на одредени заболувања и нарушувања на човечкото здравје. Ќе се обидеме да направиме компарација помеѓу одредени статистички податоци добиени за изминатата 2016 година, и тоа резултати добиени од страна на СЗО, како и резултатите кои се добиени при анализа на секторот Македонски информативен центар за животна средина (МИЦЖС) во Министерство за животна средина и просторно планирање. Инвентаризацијата на загадувачките супстанци во воздухот се врши согласно барањата наведени во Конвенцијата за прекуграничен пренос на аерозагадувањето и протоколите кон неа, кои Република Македонија ги ратификуваше 2010 година.

Воздухот во нашата земја, како и на светско ниво, е со намален квалитет (доколку ги анализираме добиените резулати), што негативно влијае на целокупната состојба на човекот. Потребно е да се направи проценка за понатамошно управување со здравствената политика, одредувајќи ги приоритетите за зачувување на здравјето на човекот. Сите региони, социјални групи и возрасти, помалку или повеќе се загрозени од оваа појава и резултираат со појава на астма, карциноми, белодробни и срцеви заболувања.

На светско ниво, податоците покажале дека хроничната обструктивна белодробна болест предизвикала 3 милиони смртни случаи, додека ракот на белите дробови бил причина за смртност на 1,7 милиони лица во 2016 година, на светско ниво.



Графикон бр.1.Најчести причини за смртност во светот за 2016 година

МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД НА РАБОТА

За да одредиме колкаво е влијанието на загадениот воздух врз појавата на некои болести, користени се податоци од базата на СЗО за причинителите и болестите за земјите од регионот како и податоци добиени од Државниот мониторинг на квалитетот на воздухот при Министерството за животна средина и просторно планирање.

PM2.5 честичките, поради зголемениот тренд на нивна појава во последните неколку години и сериозното надминување на граничните вредности кои се дозволени на ниво на ЕУ и СЗО се главен интерес на оваа студија. Со цел да ја процениме потенцијалната здравствена корист за намалување на изложеноста на PM , ние поставивме две други гранични вредности на изложеност(според ЕУ и СЗО) . Проценетата стапка на смртност поврзана со тековната изложеноста на суспендираниот PM2.5 во амбиентниот воздух ќе се спореди со проценетата стапка на смртност за изложеност на концентрации што одговараат на граничните вредности на ЕУ (25 µg / m3 PM2.5, од Директивата 2008/50 / EC) и целната вредност на СЗО (10 µg / m3 PM2.5 во СЗО Упатство за квалитет на Воздух - СЗО AQG) .

РЕЗУЛТАТИ

Испитувањата се правени за календарска 2016 година. За влијанието на загадениот воздухот врз здравјето на човекот, во одредени земји во регионот, користени се податоци од СЗО, а за одреден број на градови, од нашата земја од мониторинг станиците во рамките на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух на Министерството за животна средина и просторно планирање. За нашата земја, користени се податоци од 13 активни мониторинг станици, од вкупно 17, од кои се обезбедени податоци за најмалку 60% од деновите во годината, за време на набљудуваниот период од 12 месеци со што се задоволува минималниот број на станици на национално ниво и исполнети се условите кои се пропишани од европските директиви и националното законодавство. Контролата на квалитетот на мерењата правени се во согласност со европските CEN стандарди (со референтен метод МКС EN 12341: 1998; МКС EN 14907:2005). Мерени се шест загадувачи секој час (PM2.5, PM10, O3, NO2, SO2 и CO) и добиени се просечни вредности на годишно ниво .



Графикон 2.
Вкупна емисија на загадувачи



Графикон бр.3
Просечни годишни концентрации на PM 10

Во 2016 година пресметаните емисии на SOx изнесуваат 58,67 килотони. Како клучен и доминантен извор на сулфурни оксиди во воздухот е секторот производство и дистрибуција на енергија со 86%. Останатите емисии на оваа загадувачка супстанца главно доаѓаат од секторите индустрија (согорувачки процеси) и непатен сообраќај кои учествуваат со удели од 6,5% и 4,8% соодветно во вкупните емисии на SOx. Кај суспендираните честички (PM2,5, PM10, TSP) најзначен удел во емисиите на овие честички има греењето. Согласно последниот официјален попис во земјата има 559 187 живеалишта. Според истражувањето направено во 2015 година (Државен завод за статистика, 2015) од вкупниот број домаќинства, 62% користат дрво како примарен извор на топлина, 29% користат електрична енергија, 8% се приклучени на централно парно греење, додека останатиот 1% користат друг тип на извори на топлина.

Емисијата на јаглерод моноксид на национално ниво за 2016 година изнесува 74,3 килотони, од секторите домаќинства и административни објекти со 64,8% и патен сообраќај, со 16,7%. Ова најверојатно се должи од нецелосното согорување на цврстите и течните горива кои се користат во овие сектори.

Во табелите кои следуваат прикажани се податоци за просечното дневно загадување на воздухот во светски рамки како и на републичко ниво

Земја/загадувач	PM 2,5(μg/m3)	PM10 (μg/m3)	SO2(μg/m3)	CO(μg/m3)
Албанија	17,9	37	56,122	68,658
Босна и Херц.	27,3	58	57,333	74,215
Бугарија	18,8	42	54,214	70,25
Грција	15,7	40	59,73	72,354
Србија	24,3	61	58,887	69,54
Црна Гора	20,2	59,7	61,321	71,3
Македонија	14,223	21,129	58,668	74,313

Табела 1. Емитирани количини на загадувачи на PM честичките во 2016 година

Град	PM 2,5(μg/m3)	PM10 (μg/m3)
Скопје	39,2	70
Битола	39	60
Велес	26,9	41,4
Кавадарци	30,2	46,5
Кичево	39	60
Кочани	28,4	43,6
Тетово	63	96,9

Табела 2. Емитирани вредности на PM честичките во 2016 година во поодделни градови на Р. Македонија

Од приложените табели можи да се види дека во сите контролни региони и точки вредностите на емитираните честички на загадувачите се над дозволените и препорачани гранични вредности од ЕУ и СЗО.

Од статистички извори на СЗО може да се види дека околу 10,7 % од луѓето кои заболеле од карцином на бели дробови, се како резултат на долготрајно – хронично труење со овие PM честички. Со моменталната изложеност на овие честитки во повеќе земји од Европа, животниот век на луѓето се намалува за околу 8,6 месеци, што пак е причина за зголемување на хоспитализираните лица за околу 100 000.

Земја	Долна респир.инф	Рак на бели дробови	Исхемична срцева болест	Срцев удар	ХОБС
Албанија	71	123	994	560	107
Босна и Х.	81	272	1597	821	280
Бугарија	266	428	4986	2266	667
Грција	949	715	2806	1444	1041
Србија	289	802	3111	1577	813
Македонија	287	803	4127	1987	965

Табела 3. Најчести болести за смртност предизвикани од PM честички во земји во регионот(1/100 000) население.

Од табела 3 можи да се види дека најголем процент на смртност е забележан кај исхемичната срцева болест без исклучок во сите контролни земји, после кое следи срцевиот удар, а од респираторните инфекции најчеста е хроничната обструктивна болест (ХОБС), потоа следува карциномот на бели дробови и на крај инфекции на долниот респираторен тракт.

						Ца на б.доб			КВЗ		
Град	Вк. смрт	PM2,5	%	ЕУ лимит	СЗО лимит	Ца 2016	Еу лимит	СЗО лимит	КВЗ 2016	Еу лимит	Сзо лимит
Скопје	970	210	21,7	96	170	57	11	18,36	563	76	129
Битола	230	45	19,5	17	35	9	1,2	2,5	108,28	10,3	20,9
Велес	121	22	18	7	17	6	0,65	1,54	83	6,08	14,3
Кавадарци	82	17	20,7	7,5	14	4,5	0,8	1,42	53	6,07	11,2
Кичево	95	23	23,9	12	19	4,4	1,1	1,66	66	10,77	16,52
Кочани	76	12	15,9	2,3	8,7	4	0,15	0,86	51	2,3	7,6
Тетово	135	52	38,7	39	47,8	6,1	3,16	3,66	89	33	38,7

Табела 4. Најчести болести за смртност предизвикани од PM честички во нашата земја(1/100 000) население со очекувани намалувања за пониски вредности на PM.

Во табела бр.4 дадени се вредности за вкупна смртност како резултат на PM2,5, честичките, како и вредности за очекувано намалување на смртност кај кардиоваскуларните болести како и карциномот на бели дробови, доколку се следат препишаните норми од страна на ЕУ(25 μg/m3) и СЗО (10 μg/m3) за максимални вредности на воздухот со овие PM честички за сите седум градови кои беа поставени во контролната мрежа.

ЗАКЛУЧОК

Повисоки од граничните вредности на цврсти честички со големина до 10 микрометри се забележуваат на сите мерни места особено во зимниот период кога се и повеќепати повисоки од среднодневната гранична вредност. Во летниот период забележани се надминувања на целната вредност за озонот како резултат на повисоката сончева радијација.Од претходно приложеното може да се заклучи дека големо е влијанието и значајноста на загадувањето на воздухот врз бројот на смртност кај луѓето. Доколку би се примениле одредени мерки за намалување на максималните вредности до дозволените од страна на ЕУ и СЗО бројот на смртни случаи би се намалил за 19 односно 30 кај карциномот на бели дробови, а 144 до 238 кај кардиоваскуларните заболувања во нашата земја на годишно ниво. Изминатата год беа спроведени дел од пропишаните мерки во Националниот план за заштита на амбиенталниот воздух, особено во енергетскиот сектор, сообраќајот и производните процеси како клучни сектори во севкупното загадување на воздухот. Потребно е во делот на производство на електрична енергија да се зголеми уделот на обновливи извори во вкупната енергетска потрошувачка(со можност вишокот на произведената енергија да се предава во електродистрибутивна мрежа под услови и на начин определени во согласност со закон), да се субвенционираат печките на пелети, да се интензивира гасификацијата. Бенефити во однос на користење на јавниот превоз, афирмирање и надградба на проектот за изнајмување велосипеди, промоција на употреба на електрични возила (електровелосипеди и електромобили) .Новиот закон за енергетика(Март 2018) бара да бидат исполнети условите од аспект на заштита на животната средина и климатските промени согласно посебните закони. Во тек е процесот на премин на А-ИСКЗ и Б-ИСКЗ дозволите за усогласување со оперативен план (ДУОП) во А и Б интегрирани еколошки дозволи.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. (2016) WHO (World Health Organization) Ambient air pollution: a global assessment of exposure and burden of desease. Geneva
2. Министерство за животна средина и просторно планирање (2017) Извештај за квалитетот на воздухот во Р.македонија за 2016 година.
3. (2016) EEA (European Environmental Agency). Air quality in Europe
4. Rumrich I, Dimovska M, Gjorgjev D, Hänninen O (2016) Particulate matter measurements in Macedonia for health impact assessment.
5. Dimovska M, Gjorgjev D. Assessing Health Impact of Air Pollution in Macedonian Cities. Biomed J Sci&Tech Res 10(1)-2018
6. Global Health Estimate 2016- World Health Organization, Geneva
7. Pej M Мерил 2010: Епидемиологија на животната средина –Принципи и методи
8. Статистика на животната средина, 2017, Државен завод за статистика
9. Индикатори за животната средина- Министерство за животна средина и просторно планирање, 2017

519.873:[004.421:519.172.1

Доц. д-р Сузана Зиковска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Доц. д-р Слободан Бундалевски
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Проф. д-р Лидија Јолеска Буреска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

АНАЛИЗА НА СТЕБЛО НА ОТКАЗИ - МЕТОДА ЗА АНАЛИЗА НА ДОВЕРЛИВОСТ НА ТЕХНИЧКИ СИСТЕМИ

Апстракт: За да се постигни и одржи бараната доверливост на системите неопходно е навремено откривање и отклонување на сите недостатоци кои можат да доведат до негов отказ. За анализа на доверливоста развиени се методи.

Една од нив е Анализа на стебло на откази. Таа е дедуктивна метода, заснована на формирање шема на стебло на откази на системот врз основа на индуктивно заклучување. Се спроведува од врвот до дното. Прво се дефенира главниот „топ“настан, а потоа се анализира влијанието на поединечните деловите на системот, односно подсистемите, врз појавувањето на тој несакан настан. При ова се користат стандардни логички симболи, правила на Булова алгебра и математичка логика. Добиените резултати од квалитативната анализа на доверливоста на набљудуваниот систем овозможува добивање на информација за можен отказ на системот. Односно откривање критични места во системот заради нивно елиминирање.

Клучни зборови: доверливост, анализа на стебло на откази, квалитативна анализа

FAULT TREE ANALYSIS (FTA) - ANALYSIS METHODS RELIABILITY OF TECHNICAL SYSTEMS

Abstract: In order to achieve and maintain the required reliability of the systems it is necessary to timely detect and reject any deficiencies that may lead to its failure. Methods are developed For the analysis of the reliability.

One of them is the Fault Tree Analysis (FTA). It is a deductive method based on the formation scheme of the tree failures of the system based on an inductive conclusion. It is implemented from top to bottom. First the «top» event is defined, then, the impact of the individual system components i.e. subsystems leading to that unwanted event are analyzed .In this case, standard logic symbols, Boolean algebra, and mathematical logic rules are used. The results of the qualitative analysis of the reliability of the monitoring system provides an insight information about a possible failure of the system. That is, to detect critical points in the system for their elimination.

Keywords: reliability, Fault Tree Analysis (FTA), qualitative analysis

ВОВЕД

Анализата на отказите на техничките системи се заснова на анализа на отказите на нивните составни делови. Анализата на стебло на откази (Fault Tree Analysis-FTA) е една од основните и најчесто користена метода за анализа на сигурноста и доверливоста на техничките системи.

Анализа на стеблото на откази (Fault Tree Analysis-FTA) е развиена во1962 година во Беловата телефонска лабараторија во врска со лансирањето на ракетата „Minhtmen"[1].

Целта било да се види која комбинација на настани и околности можат да дадат несакани настани при управување и лансирање на ракетата. Методата подоцна почнала да се применува пошироко (во воената индустрија, кај хемиски процеси, нуклеарните централи, електрични и електронски системи). Оваа метода е од големо значење за комлициран технички систем. Анализата на стеблото на откази ги обединува техничките проблеми, човечкиот фактор и конролните мерки.

Анализа на стеблото на откази е графоаналитичка метода која дава систематски опис на многу случувања во системот чиј резултат може да биде несакан настан со завршување на отказ. Несаканите настани од кои се поаѓа во анализата на стеблото на откази се откриваат со индукативна анализа. Овие настани се обично несакана состојба на системот, која можи да се појави како резултат на функционално неисправни подсистеми, а можат да се вклучат и човечки грешки[2]

FTA е дедуктивна метода. Се спроведува од врвот до дното (вертикално). Прво се дефинира вршни настан во облик на отказ, а потоа се анализира однесувањето на поединечно деловите на системот во настанувањето на вршниот настан.

За примена на FTA метода потребно е потполно познавање на функционирањето на системот, како и знањење за отказите на опремата и нивно влијание врз системот.

1. МЕТОДОЛОГИЈА НА FTA

Анализа на стеблото на отказот се спроведува низ неколку фази:

- Дефинирање на системот;
- Одредување на врвен настан (top event – TOP);
- Анализирање на специфичноста на системот (запознавање со работата на системот);
- Конструкција на стеблото на откази;

1. Сузана М. Савић, Мирољуб Д. Гроздановић, Евица И. Стојиљковић. Поузданост и безбедност система (Ниш 2014).
2. Center for Chemical Process Safety (CCPS).(2002). Guidelines for Hazard Evaluation Procedures: With Worked Examples (3rd Edition). New York, USA: American Institute of Chemical Engineers,Inc.



Слика 1.1 Методологија на анализа на стебло на откази[3]

» Усвојување на стеблото на откази;
» Оцена на стеблото на отказите (квалитативна и квантитативна анализа);
» Обезбедување препораки и алтернатива за донесување одлуки за потребните корективни мерки.

Конструкција на стебло на откази започнува така што на логичен начин се наоѓа настан кој може да биде причина за реализација на "топ"настанот и се прави комбинација на грешки и настани кои водат до секое ниво.

Симболи кои се користат во анализата на стеблото на откази се почетни (капии) и настани[4]. Основните симболи се покажани во табела 1.1

Симболи	Опис	Функција
	Основен настан	Основен настан или грешка
	Неразвиен настан	Настан кој не е развиен до сопствената причина
	Општ настан	Настан кој настанал од повеќе основни настани
	Условен (очекуван) настан	Настан чие дешавање се очекува во текот на нормално функционирање на системот
	I Капија	Излезен настан C се јавува само ако влезните настани A и B се јавуваат истовремено
	ILI Капија	Излезен настан C се јавува доколку се јави било кој од влезните настани A и B
	Трансферни симбол	Покажува да шемата се развива на друго место

Табела.1.1 Симболи кои се користат за анализа на дрво на откази

3. Ивановић, Г.(1991). Анализа стабла отказа, основи и примена у пројектовању моторног возила. Техника, 5-6, 23-28.
4. Harms-Ringdahl, L. (2001). Safety Analysis-Principles and practice in occupational safety. New York:Taylor&Francis, Inc.

При конструирање на дрво на откази треба да се придржуваме на следните упатства[5]:

- Аналитичкото стебло треба да биде толку едноставно колку што дозволува сложеноста на системот;
- Стеблото треба да биде логично;
- Одбраните описи треба да бидат едноставни, јасни и целосни;
- Бројот на редови на стеблото на една страна не треба да бидат поголеми од 4 или 5;
- Системот на нумерирање на настаните испод вршниот треба да биде јасен и доследен;
- Треба да се користат симболи за пренос за да се избегне дуплирање на идентични гранки или сегменти на стеблото и да се намали сложеноста на стеблото;
- Временскиот редослед или редоследот за сродни настани во ист ред на стеблото треба да се прикажуваат од лева на десна страна.

1.1 Квалитативна анализа на стеблото

Квалитативната анализа претставува одредување на минималните збирови на пресекот (MSP) и минималните збирови на стази (MCC). Тие претставуваат 2 еквивалентни извори на информации за состојбата на системот.

a.) Минимални збирови на пресекот претставуваат оние збирови на настани кои се неопходни за настанување на вршниот настан. Минимален е пресекот кој во себе не содржи други пресеци.

b.) Минимални збирови на стази се најмали збирови на настани кои не смеат да се случат за да не се случи вршниот настан, т.е минималните збирови на стази претставуваат најмал збир на настани кои условуваат доверливо функционирањето на системот (нема да настани вршниот настан). Минимален е патот кој во себе не содржи ни еден друг пат.

Формирање на минималниот збир на пресеци е по процедура за формирање на минимални збирови на пресеци кој содржи повеќе чекори[6].

Збировите на пресеци можат да се користат за утврдување на ранливости од заедничките причини и за квалитативна евалуација на минималните збирови на пресеци и настани.

Утврдување на ранливости од заеднички причини

Елементи на системот можат да бидат осетливи на различни фактори, односно различни фактори можат да бидат причини за отказ на елементите на системот.Така може да се случи ист фактор да доведе до отказ на сите или некои елементи во минималниот збир на пресеци. Во тој случај системот ке биде осетлив на тој фактор, односно ке биде ранлив од заедничкиот причинител за отказ на елементите во MSP.

Квалитативна евалуација на значењето на минималните збирови на пресеци

Се заснова на должината и бројот на MSP. Минималните збирови на пресеци се рангираат према бројот на членови така што најголем ранг имаат оние со најмал број на членови, а најмал ранг оние со најголем број на членови. Рангот

5. Ивановић, Г.,Станивуковић, Д., Бекер, И. (2010). Поузданост техничких система. Нови Сад: Факултет техничких наука; Београд: Машински факултет, Војна академија.
6. Clemens, L.P.(1993). Fault Tree Analysis (4th Edition). Retrieved from http://www.fault-tree.net/papers/clemens-fta-tutorial.pdf

укажува на ранливоста на системот така што :

- » единствениот збир на пресеци кој содржи само еден настан и има најголем ранг сигнализира единствена потенцијална точка за отказ ;
- » "краткиот" збир на пресеци со мал број на елементи кој има висок ранг сигнализира поголема ранливост ;
- » "долгиот" збир на пресеци со голем број на елементи кои имаат мал ранг сигнализира ниска ранливост ;
- » присуството на голем број на збирови на пресеци сигнализира висока ранливост .

Формирање на минимални збирови на стази

Процедурата за формирање на минимални збирови на стази ги опфаќа следните чекори:6

1. Се заменуваат сите I кола со ILI кола, односно сите ILI кола со I кола.
2. Се заменуваат сите настани со спортивни настани.
3. Се применуваат исти процедури за формирање матрици за збирови на пресек.
4. Резултат на процедурите се збирови стази, односно минимални збирви стази.

Врз основа на стеблото на успехот може да се конструира блок- дијаграм на доверливост, а вез основа на него можат да се одредат минималните збирови на стази.

1.2 Квалитативна анализа на стеблото

Квалитативната анализа на стаблото на откази се заснова на користење на методите на теоријата на вероватност и математичка статистика.

Стеблото на отказите можи да се квантификува на еден од три начини, и тоа:

- » анализа на минимални збирови на пресекот,
- » анализа « капија по капија»,
- » симулација Monte Carlo.

Најчесто користена е Анализа « капија по капија».

Основни логички кола за конструкција за стеблото на отказ се I и ILI колата- или настанот ке се случи или не. I капија значи дека излезниот настан постои само ако сите настани под таа капија ке се случат, а ILI капија значи дека излезниот настан на таа капија ќе се случи ако се случи било кој друг настан под таа капија. Тврдењето за настанот може да се окарактеризира како"точно" или "неточно". Ова може да биде изразено и со логички вредности 1 и 0, што значи може да се примени бинарна логика и Буловата алгебра.

ЗАКЛУЧОК

Примената на FTA метода овозможува детално запознавање на посматраниот технички систем од гледна точка на појава на отказ. Анализа на отказите е посебно важна кај технички системи, чии откази доведуваат до загрозување на безбедноста на луѓето, сигурноста и безбедноста на производите, опремата и комплексните технолошки системи. Исто така овозможува откривање на несаканите настани и нивна понатамошна анализа.

Формирање на стебло на откази за доволно општи вршни настан можи да се евидентираат многу начини на потенцијални откази на елементите на системот, што можи да се искористи како основа за анализа на начинот и последица на

отказит-FMEA, причинско дефинирање на состојбата на системот и за изработка на план за одржување на машинскиот систем. Во фаза на експлоатација на производот, стеблото на откази можи да послужи како дијагностичко средство за утврдување на најверојатни причини за настанатиот отказ.

Во поново време се применува и во областите за развој на нови производи, за анализа на квалитет на производите, како и во областа на проектирање на производи и системи, со цел однапред да се откријат, предвидат и да се елиминираат критичните места кои доведуваат до отказ.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Сузана М. Савић, Мирољуб Д. Гроздановић, Евица И. Стојиљковић. Поузданост и
   безбедност система (Ниш 2014).
2. Center for Chemical Process Safety (CCPS).(2002). Guidelines for Hazard Evaluation Procedures: With Worked Examples (3rd Edition). New York, USA: American Institute of Chemical Engineers,Inc.
3. Ивановић, Г.(1991). Анализа стабла отказа, основи и примена у пројектовању моторног возила. Техника, 5-6, 23-28.
4. Harms-Ringdahl, L. (2001). Safety Analysis-Principles and practice in occupational safety. New York:Taylor&Francis, Inc.
5. Ивановић, Г.,Станивуковић, Д., Бекер, И. (2010). Поузданост техничких система. Нови Сад: Факултет техничких наука; Београд: Машински факултет, Војна академија.
6. Clemens, L.P.(1993). Fault Tree Analysis (4th Edition). Retrieved from http://www.fault-tree.net/papers/clemens-fta-tutorial.pdf

331.45/.46:655(497.7)

Вон. проф. д-р Цветанка Митревска
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Дипл. граф. инж. Весна Мундишевска-Велјановска
СОУ „Таки Даскало“ – Битола
Република Северна Македонија

ПРИМЕНА НА ПРАКТИЧНИ МЕРКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ВО ГРАФИЧКАТА ИНДУСТРИЈА

Апстракт: Графичката индустрија во Македонија најчесто се реализира преку мали и средни графички претпријатија, а најчестите опасности по здравјето и безбедноста на работниците се јавуваат при рачната работа, работата на графичките машини, како и од лизгање и сопнување. Во овој труд се прикажани резултатите од спроведената анкета за најчести повреди на работниците во графичките претпријатија и наведени се превентивни мерки кои треба да ги преземаат графичките претпријатија со цел намалување и отстранување на ризиците за повреди на работните места и унапредување на безбедноста и здравјето при работа на вработените во претпријатието.

Клучни зборови: безбедност, графичка индустрија, ризици, превентивни мерки

APPLICATION OF PRACTICAL MEASURES FOR IMPROVING THE SAFETY IN THE PRINTING INDUSTRY

Abstract: Graphic industry in Macedonia is mostly implemented through small and medium-sized printing companies, and the most common hazards to the health and safety of workers occur during manual handling, contact with graphic machinery, as well as slips and trips. This paper presents the results of survey of the most common injuries of the workers in printing companies and emphasises preventive measures that should be taken by the printing companies in order to reduce and eliminate the risks of accidents at workplaces and to promote the workers's safety and health at work.

Keywords: safety, printing industry, risks, preventive measures

ВОВЕД

Согласно Законот за безбедност и здравје при работа, за графичките претпријатија, како и за сите останати претпријатија, произлегуваат права, обврски и одговорности во областа на безбедност и здравје при работа.

За да обезбедат успешно спроведување на горенаведеното, раководните лица во графичките претпријатија треба максимално да ги намалат ризиците за настанување на опасности и повреди на работните места, како и да обезбедат сигурни работни места со што ќе придонесат за унапредување на безбедноста и здравјето на вработените во графичкото претпријатие. Притоа, покрај Законот за безбедност и здравје при работа, треба да се почитуваат и интерните документи кои за потребите на претпријатието ги изработиле овластени стручни лица за безбедност и здравје при работа.

АНАЛИЗА НА ОПАСНОСТИТЕ ПРИ РАБОТА ВО ГРАФИЧКАТА ИНДУСТРИЈА

Графичката индустрија во Македонија најчесто се реализира преку мали и средни графички претпријатија кои воглавно применуваат мерки за безбедност при работа, но фактичката состојба покажува дека сеуште постојат сегменти од работата на истите на кои треба да се делува во насока на унапредување на безбедноста при работа..

Заради согледување на состојбите во врска со проценката на опасностите и штетностите, односно ризикот од повреда на работа, оштетување на здравјето или заболувања на работните места во графичките претпријатија и мерките кои се преземаат за нивно минимизирање, односно состојбите во врска со унапредувањето на безбедноста при работата, спроведовме анкета со која беа опфатени 155 работници во графички претпријатија.

Анкетата опфаќа назив на графичкото претпријатие, наведени опасности кои може да настанат при работа на опремата која се користи во претпријатието, податоци за средствата и опремата за лична заштита кои ги применува претпријатието, како и податоци за опасностите и штетностите кои настануваат при извршување на работните активности на вработените. За работното место работник во печатница утврдени се следните опасности/штетности:

Приоритет	Утврдена опасност/штетност	Ризик
1	Во просторијата не постои кутија за прва помош	400.00
2.	Штетности заради зрачење на екранот	100.00
3.	Штетности заради напор од нефизиолошка состојба на телото поврзани со долготрајно стоење/седење	100.00
4.	Психосензорно оптоварување во процесот	100.00
5.	Опасност од остри рабови во просторијата	40.00
6.	Опасност од работа во простор кој е недоволно осветлен	40.00
7.	Опасност од работа во простор кој е недоволно проветрен	40.00
8.	Движење по под кој е постојано влажен, оштетен или леплив, или постојат нерамни и оштетени површини	40.00
9.	Движење покрај неправилно оставени предмети т.е. во неуреден работен простор	40.00
10.	Опасности кои настануваат во процесот на користење на електрична опрема и електрични инсталации	40.00
11.	Не постојат мерки за заштита од влага на опремата која непосредно се напојува со ел.енергија	40.00
12.	На работното место микроклиматските услови се неповолни	40.00
13.	Манипулација во текот на работата	40.00
14.	Активности при зголемен обем на работа, работа во смени	40.00
15.	Патеките за евакуација не се обележани	40.00
16.	Не е истакнато предупредување за забрана на пушење	40.00

17.	Опасности поради непостоење на ПП план, противпожарни апарати, како и непостоење на план за евакуација и спасување	40.00
18.	Штетности заради присуство на прашина на работните површини	20.00
19.	На работното место постои изложување на бучава	20.00
20.	Транспорт или пренесување на производи. Поставување на истите на позиција за продажба	20.00
21.	Психолошко оптоварување – стрес заради работа во услови на работна околина која предизвикува психички и психофизиолошки напори	20.00

Табела 1. Преглед на утврдени опасности/штетности за работно место работник во печатница

Од наведените опасности/штетности во Табела 1, најголемиот дел односно 72,19% спаѓаат во групата на мали ризици по безбедноста и здравјето при работа, 4,76% во групата на умерени ризици што значи дека постои ризик и потребно е да се определат мерки за негово намалување, додека високите ризици, односно оние ризици за кои задолжително треба да се одредат мерки за намалување се застапени со 4,76%. Не се утврдени неприфатливи ризици, односно такви кои упатуваат на тешки трајни заболувања или фатални повреди со смртен исход. Од сето ова може да се констатира дека работното место работник во печатница е работно место со умерен ризик.

Вкупно ризици	КАТЕГОРИЈА НА РИЗИК					
	Занемарлив ризик	Мал ризик	Умерен ризик	Висок ризик	Неприфатлив ризик	Мак. ризик
21	0	16	4	1	4	400.00

Табела 2. Категоризација на утврдени ризици за работно место работник во печатница

Иако се лоцирани вкупно 21 опасност/штетност во графичките претпријатија, светските искуства издвојуваат три најклучни опасности по здравјето и безбедноста на работниците кои се јавуваат при рачната работа, работата на графичките машини, како и од лизгање и сопнување. Рачната или мануелната работа предизвикува мускуло-скелетни нарушувања предизвикани од соодветниот работен ангажман, додека повредите од работа на графичките машини најчесто настануваат при работа на различните печатарски и машини од графичката доработка особено во делот на подготовка на машината за печатење, ослободувањето од блокади, подесување на уредите на печатарските машини, чистењето на машините, додавањето на боја и други неопходни средства во печатарските машини, како и при одржувањето на машините. Повредите од лизгање и сопнување се најчести во погоните во кои се спроведува графичкиот производствен процес, на скалилата, но и во надворешните простори како, на пример, паркинзите.

ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ВО ГРАФИЧКАТА ИНДУСТРИЈА

Императив на секое графичко претпријатие, покрај унапредувањето на сопствената работа преку примена на најсовремена графичка технологија за постигнување на висококвалитетно печатање и следење на достигнувањата во графичарството на европско и светско ниво, треба да биде и намалување и отстранување на опасностите при работа и ризиците на работните места. Унапредувањето на безбедноста во ваквите претпријатија може да се спроведе со примена на следните превентивни мерки:

- Совесен и одговорен однос на графичкото претпријатие кон вработените;
- Редовна проверка на здравствената и психо-физичката состојба на вработените согласно Законот за безбедност и здравје при работа;
- Навремена идентификација на опасностите и штетностите на работните места во претпријатието од што ќе произлезе:
  - проценка на ризиците за секое работно место врз основа на сериозноста на последиците кои ги трпи вработениот од опасноста/штетата, веројатноста на појава на опасноста/штетата и зачестеноста на појавување на истата, и
  - утврдување на конкретни мерки неопходни за безбедна работа.
- Одговорните лица за безбедност при работа во графичкото претпријатие упатствата за безбедна работа и одржување на секоја графичка машина треба да ги постават на видно место покрај графичките машини. Секое упатство треба да содржи:
  - намена и опис на машината (согласно техничките упатства од производителот на машината)
  - обврски на операторот на машината
  - контрола на машината пред нејзино пуштање во работа
  - пуштање на машината да работи и работа на машината
  - застанување на работата на машината
  - мерки за безбедност при работа (со наведени безбедносни функции на машината и знаци за предупредување со толкување на нивното значење поставени на видно место на или покрај машината)
  - одржување на машината.
- Ажурирање и надградување на сите упатства во пократок временски рок (на пример секоја втора година);
- Соработка со вработените и уважување на нивните укажувања за можните ризици при работата, а кои произлегуваат од секојдневните искуства, како и уважување на нивните предлози за начините за намалување или отстранување на ризиците, и имплементација на таквите предлози;
- Стимулирање на вработените кои се придржуваат кон користењето на средствата и опремата за безбедност и заштита при работа;
- Редовна контрола на техничката исправност на графичките машини, уреди и апарати;
- Вработување на поголем број стручни лица за безбедност при работа за секој производствен сегмент на графичкото претпријатие и сл.

ЗАКЛУЧОК

За подобрување на безбедноста и здравјето на работа, како и сведување на минимум на несаканите повреди на работно место, графичките претпријатија треба да ги почитуваат следните препораки:

- да преземаат соодветни мерки за унапредување на безбедноста и здравјето при работа во претпријатието,
- да се придржуваат кон Планот за спроведување на постапката за проценка на ризик,
- да изготвуваат и редовно да ги ажурираат упатствата за безбедна работа и одржување на печатарските машини како значајни оперативни алати во контролата и смалувањето на ризиците на работните места и истите да ги постават на видно место покрај машината,
- да изготвуваат и поставуваат симболи за предупредување од опасности на видни места во претпријатието,
- да дефинираат корективни мерки за несовесните работници кои нема да се придржуваат до мерките за безбедност при работа,
- да спроведуваат обуки за развој на компетенциите на работниците и унапредување на нивните вештини за работа,
- да дефинираат систем за наградување на најдобрите работници,
- да спроведуваат надзор и внатрешна контрола со примена на соодветни прописи.

На овој начин ќе се овозможи согледување на вкупната состојба на условите за работа на секое работно место и во работната околина, утврдување на мерките и приоритетите за отстранување или намалување на ризикот, како и мотивирање и стручно усовршување на вработените, со што ќе се придонесе за унапредување на безбедноста и здравјето при работа во графичкото претпријатие.

ЛИТЕРАТУРА:

1. Стојиљковић, В., Стојиљковић, П., Стојиљковић, Б., Обрадовић, З. (2006). Интегрисани системи менаџмента, Ниш: Универзитет у Нишу, Машински факултет у Нишу.
2. Крстић, И. (2010). Модели за системску анализу ризика технолошких система, Докторска десертација, Ниш: Универзитет у Нишу, Факултет Заштите на раду у Нишу.
3. Кусало, А. (2011). Анализа критеријума и показатеља за процену професионалног ризика, Магистарски рад, Ниш: Универзитет у Нишу, Факултет Заштите на раду у Нишу.
4. Вулановић, С., Морача, С., Камберовић, Б. (2008). OH SAS 18001 Водич за примену стандарда, Нови Сад: Универзитет у Новом Саду, Факултет Техничких наука.
5. Серажин, М. (2007). Систем менаџмента заштитом здравља и безбедношћу на раду – OHSAS 18001 и оцена ризика, Квалитет, бр.1-2.
6. SRPS OHSAS 18001:2008, Системи управљања заштитом здравља и безбедношћу на раду – Захтеви
7. Закон за безбедност и здравје при работа (Сл. весник на РМ бр.92/07)
8. Правилник за условите за вработените, организациите, техничките и другите услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручни работи (Сл. весник на РМ бр.37/08)

69:331.46]:005.961:005.336.1(497.7)

М-р Душица Трендова
ДЕТОИЛ
Република Северна Македонија

ПРИМЕНА НА ЕРГОНОМСКИТЕ ПРИНЦИПИ КАКО ФАКТОР ЗА УСПЕШНО НАМАЛУВАЊЕ НА ПОВРЕДИ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО

Апстракт: Поголемиот дел од живот човекот го минува на работно место. Работно место си носи свои опасности и секоја работна средина се одликува со посебни услови и претставува работно место со сите свои услови за работа и опасност.

Ширум светот се вложува многу за истражување и пронаоѓање решавање на проблемот предизвикан од работа на мускулно-скелетно пореметување. Главната улога и припаѓа на ергономијата затоа што се верува дека настанатите мускулни-скелетни пореметувања е не почитување на ергономските принципи при проектирање на работното место.

Денес ергономијата и примената на ергономските принципи се решенија на овој проблем.

Клучни зборови: работно место, безбедност и здравје при работа, ергономија

APPLICATION OF ERGONOMIC PRINCIPLES AS A FACTOR FOR SUCCESSFUL REDUCTION OF CONSTRUCTIONAL INJURIES

Abstract: Most of the time a person passes into the workplace. A workplace carries its own dangers and every working environment is distinguished by special conditions and is a workplace with all its working conditions and danger.

The world invests a lot on research and finding a solution to the problem caused by the work of musculoskeletal disorder. The main role belongs to ergonomics because it is believed that the muscular-skeletal disorders that are believed to be a failure to respect the ergonomic principles in the design of the workplace.

Today ergonomics and the application of ergonomic principles are solutions to this problem.

Keywords: workplace, safety and health at work, ergonomics

ВОВЕД

Примената на ергономија во последните години е многу актуелна тема заради заштита на вработените. Со примената на ергономските принципи во градежништвото за безбедност се едни од клучните фактори за успешна работа на една фирма, затоа што се спречуваат несакани незгоди и повреди при работа со што фирмата има здрави работници со зголемена ефикасност.

Безбедноста, здравјето и работната средина на работното место се важни прашања што ги засегаат сите на работното место, како надзорниците, така и работниците.Невработените прифаќаат да работат во опасни услови без заштита, само за да можат да спечалат за себе и за своето семејство.

Повредите кои се случуваат на работното место предизвикуваат болка и страдање кај повредениот, како и страв и загриженост кај нивните семејства. Па од тука произлезе и појавата на истражувањето на овој труд.

Проблемот на заштита при работа е огромен, затоа што повредите на работа се многу чести, а некои од нив завршуваат со смрт. Работодавачот е должен веднаш по приемот на работникот на работа да му ги осигура потребните услови за заштита на работата, а со кои се осигуруваат заштитата на животот и здравјето на работникот. На работниот посебно во оваа ризична дејност потребано е да му се овозможи запознавање со прописите од заштита при работа, а воедно треба да се оспособи работникот за работа на начин кој што ќе се осигурува целосна заштита на неговото здравје.

Проблематиката е актуелна и е дел од нашето секојдневие, која нè засега сите. Со ова истражување ќе дојдеме до сознание дали постојат проблеми кои влијаат негативно на процесот на работата во градежништвото. Откривање на коренот на проблемот, за подобро вршење на работата на работниците. Појдовна точка во ова истражување ќе биде фактот дека секојдневните повреди и несреќи кои се случуваат во градежништвото се резултат на непримена на ергономските принципи.

ИСТРАЖУВАЧКИ ДЕЛ

Ова истражување е со практична цел за да се осознаат причините за соодветниот или несоодветниот начинна применување на ергономските принципи во градежништвото. Треба да се добие појасна слика за предностите и недостатоците во градежништвото, дали со применување на ергономијата и со употребува на ергономските принципи ќе се намалуваат повредите во градежништвото. Сето тоа е со цел да се пронајде одредена средина, одредени резултати и начини на кои сите инволвирани ќе можат да се вклучат, а сепак да е во границите на законот и законската регулатива.

Согласно со целта на истражувањето барав неколку градежни фирми во Македонија, па се одлучив за фирмата „РАПИД БИЛД“ со седиште во Куманово. Основна дејност на компанијата е градежништво, односно изградба на станбени и нестанбени згради.Извршен е анкетен прашални, кој преку споредба на податоците од анкетата е да се утврди кои видови на опасности се изложени градежните работниците, дали се применуваат ергономските принципи и дали ако се применуваат ергономските принципи тогаш ке се намалуваат повредите на работното место

ЗАКЛУЧОК

Ако се применуваат ергономските принципи тогаш ќе се намалуваат повредите на работното место. Ова значи преземање на сите мерки на претпазливост за да се избегнат повреди при работа.Треба се повеќе да расте свеста за спроведување на практични активности од ергономијата на работното место во правец на намалување на несреќните случаи и болестите поврзани со работното место. И повеќе да се обрнува внимание на примената на ергономските принципи поради нивниот голем потенцијал за подобрување на работните услови и продуктивноста.

Ергономските принципи треба да се почитуваат во работниот процес бидејќи со ергономијата заморот и исцрпеноста се намалува. Проблемите поврзани со безбедноста и здравјето при работа, главно произлегуваат од опасни фактори во работната средина. Повеќето опасни услови на работното место на градежен

работник во принцип може да се спречат, напорите треба да бидат сконцентрирани на ергономијата на работното место, бидејќи ова нуди најисплатлива стратегија за нивна елиминација и контрола.

Со примена на ергономијата се појавуваат низа поволности и тоа:

» подобра безбедност и здравје на работно место;
» повисок морал кај вработените и зголемено задоволство од работата;
» зголемена продуктивност;
» повисок квалитет во работење;
» намалена можност за несреќи и грешки;
» намалено отсуствување на вработените;

Ергономијата има неколку цели.

Првата е да се зголеми ефективноста и ефикасноста на работењето.

Втората цел е да се подобри сигурност, намали замор и стрес, зголемено задоволство од работење и подобрен квалитет на живеење.

Личните заштитни средства се средства кои работниците ги користат за да се заштитат од секакви опасности.

Повредите не можат да се елиминираат, и неможе во потполност да се отстранат штетните агенси, но треба да се тежнее кон намалување на штетните влијанија врз човекот во работната средина. Можеби нема да бидат отстранети сите негативни влијанија врз човекот, но со сигурност ќе се намали бројот на повредите и ќе се зголеми продуктивноста на работата.За заштита за време на подготвителната и конструктивната фаза задолжително е носење на лична заштитна опрема. Кај активностите кои се опфатени во овие две фази постои незанемарлива опасност од механичка повреда при расчистувањето на теренот, ризик од потрупување со земја при земјени активности, во завиност од конфигурацијата на теренот, лизгање на земјиште, повреда од градежната механизација кои делумно би влијаеле негативно врз здравјето на работниците кои ја вршат таа активност.

Локацијата на градежништвото каде што е предвидено да се одвива активноста ако не е означена со заштитни ленти и заштитни траки постои можност за појава од повреди кај случајните посетители на локацијата, вработените на самото градилиште и механизација која е вклучена во изведениот процес. Грижата за заштита и здравје на вработените допринесува за поголемо задоволство на вработените, зголемена продуктивност и зголемена заинтересираност за остварување на организационите цели и интереси.

Причините за настанување на повредите исто така може да се последица на непримена како на општите така и на специфичните мерки за безбедност при работа, необученост на вработените за вршење на конкретна задача, несоодветен режим и организација на работата, човечкиот фактор. Многу е важно да се знаат изворите и причините за настанување на повреда за да може превентивно да се делува со цел да се избегне идно повредување на вработените. Извор на повреди можат да бидат машините, уредите, алатите со кои се работи, средствата за транспорт, материјалите со кои се работи, опасни материи, физички, хемиски и биолошки опасности.

Покрај причината за повредата, од интерес се и други фактори, времето по часови од работниот ден, по смени, по денови во неделата кои се користат при статистичка обработка на податоците.Познавањето на изворите ни овозможува да дознаеме под кои услови конкретно дошло до повреда, што е од значење во планирањето на превентивните мерки.

Времето на настанување на повредата е значајно, во која смена настанала, во кој час од почетокот на работата. Истражувањето на оваа тема во оваа градежна фирма укажуваат дека појава на повреда повеќе се случувале на самиот почеток на смената, после три до четири часа работа, а потоа доаѓа до намалување на повредувањето, за да пред крајот на работното време зачестеноста на повредувањет се зголеми. Бројот на повреди се зголемува и во средината на работната недела.

Истражувањата за влијанието на микроклиматските параметри за појавата на повредите при работа покажуваат дека повредите се најизразена во летниот период. Треба да се земат во обзир и некои други фактори кои влијаат, а кои не се врзани со неповолните микроклиматски услови за работа. Зголемената температура и влажноста на воздухот исто така доведуваат до замор или пак појава на топлотен удар, што може да влијае врз повредувањето..

Градежниот работник поголемиот дел од времето го поминува во лоша физиолошка положба, а при долготрајна работа во лоша физиолошка положба се практикува повремени паузи. Градежната работа и во зима претставува дополнителна опасност. Подмрзнатите патеки се лизгави, потребна е поголема сила за да се држат алатите и материјалите. Во средини каде температурите се ниски, циркулацијата на мускулите е уште полоша, што уште побрзо може да доведе до замор.

Едни од главните причини на повреди во градежништвото се:

- » непримена на регулативата;
- » недоволен надзор;
- » необразовани и неодговорни работодавачи / менаџери;
- » непримену вање на основните правила и процедури на работа;
- » отстапување од пропишаниот и утврден процес на работа;
- » работа на необезбедена висина;
- » работа на необезбедени рабови на објектите од кои може да се падне во околниот простор;
- » работа на непрописно монтирани скелиња;
- » некористење на ЛЗО (особено на заштитен појас при работа на висина и заштитен градежен шлем);
- » непрописно користење на опремата за работа;
- » невнимание и недоволна концентрација при извршување на работните активности.

Вработените задолжително мора да имаат обука која обезбедува информации кои ги ублажуваат ергономсиките оштетувања, стратегии за подобрување на распоредот на работното место.

Корективни мерки се превземаат за отстранување на причинителот на несреќата за да се спречи повторно јавување.

Превентивни мерки се превземаат пред да се случи несреќа. Покрај воведувањето и примената на превентивните мерки, неопходно е и спроведување на контроли на нивната ефикасност. Корективните и превентивните мерки треба да се користат се доколку се ефикасни. Не смее да се занемари дека почитувањето на правилата за работа и дисциплинската процедура се неопходни за ефикасно и безбедно изведување на работата, како и за одржување на задоволителните односи меѓу самите работници и менаџментот.

Како резултат на извршено истражувањеза работно место градежен работник може да наведам најчестите причини за настанување повреди и смртни

случаи и тоа: непримену вање на ергономските принципии во процедура на работа, отстапување од пропишаниот и утврден процес на работа, работа на необезбедена висина, работа на необезбедени рабови на објектите од кои може да се падне во околниот простор, работа на непрописно монтирани скелиња, некористење на заштитна опрема особено на заштитен појас при работа на висина и заштитен градежен шлем), непрописно користење на опремата за работа, недоволна обученост на вработените за ергономијата, соодветни упатства за запирање на работата и евакуација, знаци за безбедност и здравје при работаи невнимание и недоволна концентрација при извршување на работните активности.Со примена на ергономски решенија, сите недостатоци ќе бидат успешно отстранети.

За да се предвидат ризиците во градежништвото, потребно е да се дадат насоки на вработените, да се проверат условите во кои се извршуваат работните задачи и опремата со која се извршуваат работните задачи.

Не заборавајте дека на вашето работно место, Вие сте најдобриот надзорник за Здравје и безбедност на работното место, и дека вашите дејствувања можат да влијаат врз околината или врз здравјето и безбедноста на луѓето околу Вас.

Ништо не е повредно од здравјето и животот на човекот. Само здрав, добро обучен и добро заштитен работник може да биде продуктивен.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Закон за безбедност и здравје при работа (пречистен текст Службен весник на РМ бр.53/2013г.)
2. Ергономија др. Радмил Поленаковиќ. др. Јамина Чалоска, д.р Биљана Наумовска
3. Бенџамин О. Али. (2011). Основни принципи за здравје и безбедност при работа, Скопје: М3ЗПР

ОБЛАСТ

ИНФОРМАТИКА

004.431'42:811
81'373:81'322.4

Проф. д-р Александар Петровски
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин" Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

ИМЕНУВАНИТЕ ЕНТИТЕТИ И МАШИНСКОТО ПРЕВЕДУВАЊЕ

Апстракт: Овој труд се занимава со машинското преведување на именуваните ентитети. За машинските преведувачи, тие се еден од главните предизвици. Објаснети се принципите кои ги користат машинските преведувачи при справувањето со овој предизвик. Претставени се примери како Google Translate преведува различни типови на именувани ентитети (личности, локации, организации) од англиски на сите јужнословенски јазици.

Клучни зборови: машинско преведување, именувани ентитети, препознавање на именуваните ентитети

NAMED ENTITIES AND MACHINE TRANSLATION

Abstract: This paper deals with machine translation of named entities. For machine translators, they are one of the main challenges. The principles used by machine translators in dealing with this challenge are explained. Examples how Google Translate translates various types of named entities (persons, locations, organizations) from English into all South Slavic languages are presented.

Key words: machine translation, named entities, named entities recognition

1. ВОВЕД

Сé повеќе и повеќе луѓе имаат секојдневна потреба да преведат некој текст од еден природен јазик на друг. За тоа, повеќето денес користат еден од расположливите машински преведувачи, како што е Google Translate. Лингвистите имаат многу забелешки за овој алат и за сите други машински преведувачи, но факт е дека тој е секој ден сé подобар и подобар. Постојат реченици каде машинските преведувачи перфектно ја извршуваат својата задача, посебно доколку едниот од јазиците помеѓу кои се извршува преводот е англиски. Но, сепак, сé уште постојат предизвици со кои машинските преведувачи се справуваат помалку успешно. Пред сé, тоа се повеќезначноста (анг. ambiguity) и повеќезборовните изрази (анг. multiword expressions), односно идиомите (анг. idioms).

Што е машинско преведување? На основно ниво, машинското преведување (во понатамошниот текст и МТ, од англиски machine translation) врши едноставна замена на зборови од еден јазик (изворен јазик) со зборови од друг (целен јазик). Таков едноставен преведувач обично не може да произведе добар превод на текст, бидејќи е потребно препознавање на цели фрази од изворниот јазик и соодветните фрази на целниот јазик. Решавањето на овој проблем со корпусните статистички и невронски техники е брзо растечко поле кое води кон подобри преводи, обработувајќи ги разликите во лингвистичката типологија, преводот на идиомите и изолацијата на аномалиите.

Што се иманувани ентитети? Именувани ентитети (во понатамошниот текст и NE, од англиски named entities), во тесна смисла, се конкретни или апстрактни елементи од реалниот свет, вклучувајќи ги луѓето, организациите, компаниите, местата итн. Исто така, за именувани ентитети се сметаат и изразите кои се однесуваат на време, простор, количество, како 11-ти септември, 80 ден. и така натаму.

2. ПРЕДИЗВИЦИ НА MT

Повеќето статистички системи не се справуваат експлицитно со именуваните ентитети, едноставно потпирајќи се на моделот на избирање точен превод. Бидејќи повеќето од NE се ретки во текстовите, статистичките MT системи не се способни да произведат квалитетни преводи за нив. Покрај тоа, многу NE се составени од општи именки, како што е терминот Rice University (Rice-ориз, University-универзитет). При обид да се изведе најверојатниот превод, статистичките системи ќе го преведат овој NE на македонски како ориз универзитет. Преведувањето на делови од сложени NE исто така е штетно за квалитетот на MT, бидејќи често вклучува неточна сегментација на NE. American Telephone and Telegraph Corp бил преведен од англиски на руски како Американский Телефон и Компания Телеграфа (македонски: американски телефон и компанија од телеграф).

Уште еден проблем за MT системите е тоа што неуспехот да се препознаат NE често има негативен ефект врз морфо-синтаксичкиот и лексичкиот контекст вон самите NE. Доколку именуваните ентитети не се идентификуваат веднаш, одредени морфолошки особини на соседните и синтаксички сродните зборови, како и редоследот на зборовите, може да бидат погрешни. На пример, Eastern Airlines executives notified union leaders … била преведена погрешно од англиски на руски јазик Восточные исполнители Авиалиний уведомили профсоюзных руководителей …(македонски: Источните директори од авио компаниите ги известија раководителите на синдикатите)[1]. Ова се случува бидејќи неуспехот да се идентификуваат Eastern Airlines како NE води кон неточна синтаксичка сегментација на реченицата.

Од наведените примери може да се заклучи дека идентификувањето на именуваните ентитети (анг. Named Entity Recognition – NER) во изворниот текст е прва задача на машинските преведувачи[2]. Доколку машинскиот преведувач не ги идентификува именуваните ентитети, тие може да бидат погрешно преведени како општи именки, како во горните примери. Исто така, можно е, кога не се идентификувани, именуваните ентитети да бидат изоставени од излезниот превод, што исто така има импликации врз читливоста на текстот. Сепак, програмерите на комерцијалните MT системи честопати не посветуваат доволно внимание на коректната автоматска идентификација на одредени типови NE, нпр. имиња на организации. Ова се должи делумно на поголемата комплексност на овој проблем (множеството на сопствени именки е отворено и многу динамично), а делумно и поради недостатокот на време и други развојни ресурси.

3. МОЖНИ РЕШЕНИЈА

Машинскиот преведувач, кога ќе ги идентификува именуваните ентитети во текстот, може да ги преведе на неколку начини.

Прв начин е да се користи паралелен лексикон на именувани ентитети кој ги содржи изворниот и целниот јазик. Доколку лексиконот содржи превод на именуваниот ентитет, квалитетот на преводот веројатно ќе биде добар. Доколку

целниот јазик на кој се преведува е некој од јужнословенските јазици кои користат кирилско писмо, преводот честопати е транскрипција на оригиналот. Еден од изворите кои можат да се користат за правење на вакви лексикони е Wikipedia[3].

Втор начин да се преведат именуваните ентитети е да се користи транслитерација наместо директен превод, што значи да се најдат буквите на целниот јазик кои најмногу одговараат на оние од изворниот јазик. Тука можат да настанат проблеми со именуваните ентитети, посебно доколку писмото на целниот јазик не е латиница. Проблемот е уште поизразен, доколку NE кој треба да се преведе се состои од повеќе зборови. На пример, правилен превод од англиски на македонски на именуваниот ентитет South California е Јужна Калифорнија. Првиот збор треба да се преведе директно, како да е општа именка. Кај вториот збор транслитерацијата на мекодински исто така не би била добра (Цалифорниа). Сепак, машинските преведувачи, немајќи друг избор, честопати ја користат транслитерацијата.

Трет начин е да се создаде листа „не преведувај" (анг. Do Not Translate – DNT), врз основа на NER и едноставно да се копира било кој збор од оваа листа од изворниот на целниот јазик, без никаков превод или транслитерација. Во трудот [1] се анализира ефектот на неправилната идентификација на NE врз околниот лексички и морфо-синтаксички контекст во преведениот текст. Се споредуваат преводите без NE DNT обработка со оние кои користата DNT листи, систематски оценувајќи случаи на подобрување и пад на квалитетот на лексиката и морфосинтаксата. Текстовите со NE DNT обработка покажале конзистентно подобрување за сите системи во споредба со основните преводи, не помало од 20%. На пример, откако изразот Eastern Airlines бил внесен во DNT листата за англиско-рускиот МТ систем, преводот на Eastern Airlines executives notified union leaders … од горниот пример бил морфолошки и синтаксички добро формиран: Исполнители Eastern Airlines уведомили профсоюзных руководителей …

Четвртиот пристап е моделот базиран на класи. Именуваните ентитети се делат на различни класи, односно видови: локации, личности, организации и останати. Кога ќе се идентификуваат именуваниот ентитет и неговиот вид, за превод се користи некој од претходните пристапи, во зависност од изворниот и целниот јазик. На пример, доколку се работи за личност и се преведува од англиски на некој словенски јазик, кој користи кирилско писмо, се оди со транслитерација или транскрипција. Доколку целниот јазик користи латинично писмо, на пример хрватскиот, се оди со пристапот „не преведувај", односно именуваниот ентитет се остава каков што е на англиски. Кај организациите и продуктите, принципот „не преведувај" може да се користи дури и кај словенските јазици кои користат кирилица, нпр. Google и Windows често се среќаваат во текстовите на македонски напишани во оригинал.

4. ПРИМЕРИ

Во табелите 1, 2 и 3 се дадени некои примери како Google Translate преведува личности, локации и организации. Преводите се од англиски (en) на јужнословенските јазици: словенски (sl), хрватски (hr), босански (bs), српски (sr), македонски(mk), и бугарски (bg).

En	Sl	hr	bs	sr	mk	bg
Joseph Haydn	Joseph Haydn	Joseph Haydn	Joseph Haydn	Јосепх Хаидн	Џозеф Хајдн	Джоузеф Хайдн
Queen Elizabeth II	Kraljica Elizabeta II	Kraljica Elizabeta II	Kraljica Elizabeta II	Краљица Елизабета ИИ	Кралицата Елизабета II	Кралица Елизабет II
Benjamin Netanyahu	Benjamin Netanyahu	Benjamin Netanyahu	Benjamin Netanyahu	Бењамин Нетаниаху	Бенјамин Нетанјаху	Бенджамин Нетаняху
Alan Turing	Alan Turing	Alan Turing	Alan Turing	Алан Туринг	Алан Тјуринг	Алън Тюринг
Mireille Mathieu	Mireille Mathieu	Mireille Mathieu	Mireille Mathieu	Мирeилле Матхиеу	Mireille Mathieu	Mireille Mathieu

Табела 1. Превод на личности

Преводот на личностите од англиски на јужнословенските јазици кои користат латинично писмо (sl, hr, bs) е одличен. Се користи принципот „не преведувај“ (DNT) и имињата се пишуваат како во оригиналот, како што е по правописите на тие јазици. Исклучок е Queen Elizabeth II, каде што точно се преведува Queen со Kraljica и името Elizabeth во Elizabeta. Ситуацијата е различна со преводите на јазиците кои користат кирилско писмо (sr, mk, bg). Кај македонскиот и бугарскиот, имињата кои водат потекло од англискиот и германскиот се транскрибирани на кирилица, согласно правописите на тие јазици. Кај името Mireille Mathieu, кое води потекло од францускиот јазик, се користи принципот „не преведувај“. Кај преводот на српски, GT секогаш користи транслитерација, што не е по српскиот правопис. Исклучок е Queen Elizabeth II, што GT го преведува Краљица Елизабета ИИ. Тука првиот дел е преведен коректно, но римското II се преведува со ИИ, што не е коректно.

En	Sl	hr	bs	sr	mk	bg
Treasury of Atreus	Zakladnica Atreusa	Riznica Atreusa	Riznica Atreusa	Трезор Атреуса	Министерство за финансии на Атреус	Съкровищницата на Атрес
Isthmus of Panama	Isthmus iz Paname	Prokletstvo Paname	Isthmus iz Paname	Истхмус Панаме	Истмус од Панама	Историята на Панама
Moon landing	Pristanek na lune	Slijetanje na Mjesec	Mjesec slijetanje	Слетање на Месец	Месечен слетување	Кацане на Луната
French figure skaters	Francoski igralci	Francuski skaters	Francuske figure skatera	Француски цртачи	Француски лизгачи	Френски фигури
Allied-occupied Germany	Zvezna dežela Nemčija	Allied-occupied Njemačka	Zvezna Njemačka	Звезде у Њемачкој	Сојузнички окупирана Германија	Обединена Германия
French organists	Francoski organizatorji	Francuski orguljaši	Francuzi organizatori	Француси организатори	Француски органисти	Френски органисти

Mountain View	gorski razgled	planinski pogled	Mountain View	поглед са планине	Mountain View	Mountain View
South California	Južna Kalifornija	Južna Kalifornija	South California	Јужна Калифорнија	Јужна Калифорнија	Южна Калифорния

Табела 2. Превод на локации

Во табелата со локации, која вклучува и сложени повеќезборвни изрази кои содржат локации, можат да се најдат преводи со различен квалитет. Најлоша е ситуацијата каде GT воопшто не препознава дека се работи за именуван ентитет, па локацијата Mountain View (град во САД, каде се наоѓа седиштето на Google) на словенски, хрватски и српски ја преведува: gorski razgled, planinski pogled, поглед са планине, респективно. Исто така, можат да се најдат и преводи, како на пример што се оние на изразот Allied-occupied Germany, кои се лоши на сите целни јазици, освен на македонски, каде што преводот е подобар од останатите: Сојузнички окупирана Германија.

En	sl	hr	bs	sr	mk	bg
Google	Google	Google	Google	Гоогле	Google	Google
Microsoft Windows	Microsoft Windows	Microsoft Windows	Microsoft Windows	Мицрософт Виндовс	Microsoft Windows	Microsoft Windows
Mozilla Firefox	Mozilla Firefox	Mozilla Firefox	Mozilla Firefox	Мозилла Фирефок	Mozilla Firefox	Mozilla Firefox
Apple Inc	Apple Inc	Apple Inc	Apple Inc	Аппле Инц	Apple Inc	Apple Inc
Volkswagen Passat	Volkswagen Passat	Volkswagen Passat	Volkswagen Passat	Волксваген Пассат	Volkswagen Passat	Volkswagen Passat
Peugeot	Peugeot	Peugeot	Peugeot	Пеугеот	Peugeot	Peugeot

Табела 3. Превод на организации и продукти

Кај преводот на организации и продукти ситуацијата е поедноставна, бидејќи е дозволено да се користи принципот „не преведувај“ и кај јазиците кои користат кирилско писмо. GT ги препознава именуваните ентитети и ги остава како што се во оригинал при преведувањето на сите целни јазици, освен кај српскиот. Тука пак применува транслитерација, што не е коректно.

5. ЗАКЛУЧОК

Именуваните ентитети се еден од проблемите со кои се соочува машинското преведување. Постојат неколку начини на кои се решава проблемот: директен превод, транслитерација, принципот „не преведувај“ и моделот базиран на класи. Кај сите овие пристапи, основен предуслов е препознавањето на именуваните ентитети. Презентираните примери како Google Translate ги преведува именуваните ентитети од англиски на јужнословенските јазици покажуваат дека овој преведувач користи различни принципи, во зависност од јазикот на кој преведува и класата на именуваниот ентитет.

РЕФЕРЕНЦИ

1. Babych, Bogdan; A. Hartley. Improving machine translation quality with automatic named entity recognition. 2003. In Proceedings of EAMT/EACL 2003 Workshop on MT and other language technology tools.1–8. Budapest, Hungary.
2. Neeraj Agrawal, Ankush Singla: Using Named Entity Recognitionto improveMachine Translation, https://nlp.stanford.edu/courses/cs224n/2010/reports/singla-nirajuec.pdf
3. Ondrej Hálek, Rudolf Rosa, Aleš Tamchyna, and Ondrej Bojar: Named entities from Wikipedia for machine translation. Proceedings of the Conference on Theory and Practice of Information Technologies, 2011

004.491:004.77.056.5

Проф. д-р Зоран Тасевски
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Доц. д-р Димитар Богатинов
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Република Северна Македонија

АНАЛИЗА НА ВЛИЈАНИЕТО НА IOT НА ВОЛУМЕНОТ НА DDOS НАПАДИТЕ

Апстракт: Достапноста на информации и услуги, заедно со интегритетот и доверливоста, претставува критичен параметар во безбедноста во информациските и комуникациските системи. Сајбер нападите фокусирани на оневозможување на сервис и достапност на мрежните комуникации постојат од самиот развојот на глобалната комуникациска мрежа и истите бараат континуиран развој на методите за заштитна. Еден од главните предизвици за безбедноста во денешницата е појавата на концептот Интернет на нештата (IoT), кој значително ќе го зголеми бројот на поврзани уреди и количината на размена на податоци. Таквиот вид на опкружување е идеален простор загенерирање на дистрибуирани напади за оневозможување на сервис (DDoS) напади. Целта на овој труд е да се направи анализа на трендовите на DDoS нападите кај IoT, како и да се дадат предлог мерки за заштите од истите.

Клучни зборови: DDoS напади; достапност на систем; преплавување на мрежни ресурси; сајбер безбедност;

ANALYSIS OF THE INFLUENCE OF IOT TO THE VOLUME OF DDOS ATTACKS

Abstract: Availability of information and services, along with integrity and confidentiality presents a critical parameter in security in information and communication systems. Activities focused on denial of network communication availability are current from the beginning of global communication network development and they demand continuous development of protection methods. Significant challenge is the emergence of the Internet of Things (IoT) concept which will significantly increase the number of connected devices. That kind of environment is possible to use for generation of DDoS attacks. The paper investigates the effect of a significant increase in the number of connected devices in the IoT concept on increase of the number and volume of DDoS attacks.

Keywords: denial of service attack; system availability; network resources flood; network security;

ВОВЕД И ДОСЕГАШНИ ИСТРАЖУВАЊА

Потребата од заштита на информациите и комуникациските системи произлегува од ненадејно зголемување на зависноста од информатичките и

комуникациските технологии за поддршка на широк спектар на активности во приватното и деловното опкружување. Пристапот до услуги базирани на Интернет, како што се електронската пошта и веб, стана неопходен сегмент од секојдневниот живот на приватни клиенти. Различни услуги се движат од едноставни информации, пребарување, до купување и финансиски трансакции. Се поприсутната употреба на информатички и комуникациски технологии е особено назначена во корпоративна средина, на пример електронската пошта сеуште е примарен начин на комуникација меѓу вработените, а се поголемо е присуството на онлајн трансакции и е-бизнис што во основа ги зголемува организациските и комерцијални активности.

Имплементацијата на DoS нападите во споредба со другите видови на напади е исклучително едноставна во однос на потребното знаење и софтверски алатки. Така, бројот на напади на DoS и неговите случаи постојано се зголемува, што бара континуирано истражување на проблематичната област со цел да се дефинира ажурираната таксономија на тековните напади што ќе послужат како основа за развивање на заштитните методи на нејзиниот конкретен пример.

Развојот на IoT концептот и примената во безжични сензорски мрежи (WSN) и други технологии за безжична комуникација резултира со зголемен ризик од DDoS напади во овој сегмент од мрежната инфраструктура. Таксономијата на DDoS нападите насочени кон WSN мрежи е презентирана во труд [1]. Трудот [2] претпоставува дека деталната таксономија може да помогне во класификацијата и подобро разбирање на различните видови на напади. Во трудот е опфатена сегашната класификација на DDoS нападите и методите за заштита, а исто така предлага и нова класификациска шема на нови типови на напади, како и нова класификација на заштитните методи.

Трудот [3] ја идентификува ботнет компјутерската мрежа како најчесто употребувана закана во голем број на напади кај инфорациско комуникациските системи. Со оглед дека сегашните методи за откривање на ботнети се главно насочени кон специфични протоколи и структури за контрола и управување кај ботнетите, целта на овој труд е да се провери ефикасноста на таквите методи во случаи кога има промени во структурата и техниките за управување и контрола, со посебен осврт на ефикасноттa на следниве две методите за откривање на ботнет: "honeypot" системи и системи за детекција на упад.

Со оглед на ограничените ресурси за обработка и складирање, во [4] е забележано постоење на закани за достапноста на податоци. Во овој труд исто така се опишани DDoS кои претставуваат највисоко ниво на закана по системите, како и методите за заштита на од овие видови напади. Резултатите од истражувањето покажале дека најголема закана од DDoS напади се TCP SYN напади на преправување[1], со оглед на тоа дека 85% од DDoS нападите користат TCP преплавување.

Овој труд ги синтетизира и анализира статистичките податоци за протоколите кои се користат при генерирање на DDoS напади собрани од компанијата Prolexic чија примарна активност е заштита од DDoS напади и се јавно достапни на официјалната веб-страница на компанијата. Податоците се прибираат квартално преку логови од хардверски решенија за заштита од DDoS напади што се користат на различни географски локации и во различни средини (медицински објекти,

1. TCP SYN поплава (a.k.a. SYN поплава) е вид на дистрибуиран Denial of Service (DDoS) напад кој експлоатира дел од нормалниот TCP на целниот сервер и го прави не респонсибилен.

владини институции, ИТ компании, банкарски системи итн.).

Анализираните податоци се за двегодишен период - од првиот квартал на 2013 година до првиот квартал од 2015 година (десет последователни четвртини) поради брзиот пораст на обемот на сообраќај што се користел при DDoS нападите во дадениот временски период.

1. ПРЕГЛЕД НА IOT КОНЦЕПТОТ

IoT концептот ги поврзува објектите од околината во глобалната мрежа базирана на IP протокол, што го прави предуслов за развој на паметна околина во голем обем. Развојот на овој концепт е под влијание на претходниот развој на одредени области на инженерските науки, како што се поврзувачки уреди во движење, безжични сензорски мрежи, обработка на големи количини на податоци, IPv6 стандарди и други. Создадени се предуслови за развој на концептот на IoT преку поврзување на развиените, независни, технички области преку посреднички слој на програмата [5].

IoT може да се гледа како на понатамошен развој на M2M (машина-до-машина) комуникација. M2M комуникацијата поддржува пренос на податоци помеѓу машини и автоматизирани средства за пренос на информации без човечка интервенција [6]. Со цел да се задоволат барањата на разни индустрии, компании, институции и други организации. Слоевитиот функционален модел на IoT е прикажан на Слика1.

Слика 1. IoT Функционален модел

Функционалниот модел содржи две групи на трансверзални функционалности кои се бараат од секоја од седумте лонгитудинални групи.

Главните интеракции помеѓу функционалните групи се прикажани со стрелки, бидејќи трансверзалните функционални групи (управување и безбедност) интерферираат со повеќето други функционални групи, нивните интеракции со нив не се експлицитно прикажани [7].

АНАЛИЗА НА DDOS ТРЕНДОВИ НА НАПАД

DDoS нападите претставуваат едни од најкористените и најтешко одбранливи типови на напади, па затоа е неопходно истражување и анализа на трендовите на применетите протоколи обемот на сообраќај и пропусниот опсег на напади со цел навремен одговор при идните напади. Дистрибуција на DDoS методи за напад врз основа на протоколи на апликативен слој е прикажан на Слика 2. Податоците се прикажани на квартална основа за периодот од првиот квартал на 2013 година до Q1 2015 година. Од примената на видливи податоци на GET методот на напад базиран на HTTP протоколот е најчест [13] [14]. Намалувањето од 10,63% е видливо во транзиција од Q4 2013 (19,91%) во К-1-2014 (29,9%). Од Q4 2013 до Q1 2015 употребата на апликациски слој протоколи за реализација на DDoS нападите постојано паѓаат. Највисока инциденца е забележана во К-2-2013 (25,29%), додека во К-1 2015 изнесува (9,32%) како вкупен пад од 15,97% [15] [16] [17].



	Q1-2013	Q2-2013	Q3-2013	Q4-2013	Q1-2014	Q2-2014	Q3-2014	Q4-2014	Q1-2015
HTTP GET Метода	19,33%	21,48%	18,03%	19,91%	9,28%	7,46%	8,90%	8,42%	7,47%
HTTP POST Метода	1,43%	2,50%	3,37%	1,53%	2,37%	2,27%	0,53%	1,15%	0,70%
PUSH Метода	0,95%	0,39%	0,91%	0,77%	0,32%	0,76%	0,64%	0,54%	0,90%
HEAD Метода	0,00%	0,13%	0,13%	0,64%	0,43%	0,22%	0,00%	0,20%	0,25%
Други Методи	1,75%	0,79%	1,04%	0,90%	0,22%	0,00%	0,63%	0,00%	0,00%
Вкупно	23,46%	25,29%	23,48%	23,24%	12,62%	10,71%	10,70%	10,31%	9,32%

Слика 2. Фреквенција на апликативен леер протокол користен за спроведување на DDoS напади во период Q1-2013 – Q1-2015

Уште поважно, во многу случаи, DDoS нападот е само дизајниран да го одвлекува вниманието од други криминални активности, како што се кражба на податоци или мрежна инфилтрација.[8] Напаѓачот ја задржува својата цел зафатен со борбата против нападот DDoS, за да потоа искористи некое парче од малициозен софтвер.

На 28 февруари 2018 година, GitHub - популарна платформа за развој - беше погодена со ненадеен напад на сообраќај кој достигна 1.35 терабити во секунда. Ако тоа звучи како многу, тоа е затоа што - таа количина на сообраќај не е само масивна, таа е рекордна. Според GitHub, сообраќајот бил проследен до «над илјада различни автономни системи (ASNs) низ десетици илјади уникатни крајни точки».

На следната слика претставено колку разлики има помеѓу нормалните нивоа на сообраќај и оние на нападот:



Слика 3. Приказ на сообракај при нормален режим и при нападот на GitHub Што е уште полошо е тоа што и покрај заштитата која GitHub ја имала за овој тип на напади, тие не биле спремни за толку масивен напад.

ПРЕДЛОГ МЕРКИ НА ЗАШТИТА ОД DDOS НАПАД

Всушност, овие напади се се помасивни и подеструктивни. Најдоброто нешто што може да се направи за намалување на можноста и успешноста на истите, е да учите од нападите кои веќе се случиле.

Еве како можете да почнете да размислувате за DDoS заштита:

Согласно бизнис целите треба да се одберете режим на работење: проактивен или реактивен

Проактивниот режим обезбедува највисоко ниво за откривање на напади и најчесто се користи кај апликации кои функционираат во реално време, како што се глас, видео и игри. Со проактивниот режим, детекцијата постојано работи во позадина и ги анализира сите пакети кои минуваат низ мрежата.

Од друга страна, реактивниот режим детектира аномалии со анализа на метаподатоци, како и податоците за проток кои се добиваат од мрежните уреди. Реактивниот режим е поекономичен од проактивен, но нема способност да реагира во реално време.

Детекција на DDoS напади

Кога станува збор за DDoS детекција, постојат многу различни методи за избор, како што се:

Анализа на проток: При земање примероци, рутерот зема податоци за одреден проток, и ги експортира податоците за тој проток за понатамошна анализа. Речиси сите рутери го поддржуваат овој режим и донекаде истиот е од голема помош при детекција на напади, но истиот дава само ограничена снимка од одреден сообраќај без целосна анализа.

Анализа на пакети: при распоредување моќен уред за детекција на DDoS напади, тој веднаш да забележи, алармира и реагира при одредени аномалии. Овие уреди континуирано го анализираат целиот дојдовен сообраќај и излезен сообраќај, но истите имаат одреден лимит на податоци кои може да ги анализираат, а исто така може и да се точка на испад на мрежата.

ИЗБОР НА НАЈДОБРА ЗАШТИТА НА DDOS

Со оглед на големиот избор на методи и хардвер за заштита од DDoS, ова се неколку работи на кои треба да се има во предвид при изборот на најдобро решение.

Прецизност: Кога се штитите од DDoS нападите, може да изгледа дека прецизноста на решението е секундарна. Со цел ефикасно да ја брани својата мрежа, решението мора да биде во можност прецизно да го анализира сообраќајот за правилно да ги разликува напаѓачките ботови од легитимни корисници.

Скалабилни решенија: Некои DDoS решенија се нудат како производ со една големина, кој честопати е премногу висок за помали организации и не е соодветен за многу големи организации. Значи, секогаш треба да се бара решение кое има голема скалабилност. Во зависност од тоа во каков тип на бизнис сте, може да зависите од вашето DDoS решение за заштита на многу деловни корисници. Поради ова, доброто решение треба да биде способно да ги заштити вашите клиенти, како и вашата инфраструктура.

Флексибилност на распоредување: Како што споменавме порано, постојат два типа на распоредување: проактивни и реактивни. Една од нив не е инхерентно подобра од другата, и секоја од нив може да служи во зависност од вашите цели, па затоа осигурајте се дека решението кое го избирате може да користи било кој од овие начини.

Автоматски одговор на ескалација: автоматско препознавање на разликата меѓу легитимен сообраќај, и сообраќај при DDoS напад, како и автоматски да одговори согласно ситуацијата.

Програмибилен API: Програмабилниот API овозможува голема автоматизација и брза испорака на одбрана.

ЗАКЛУЧОК

Безбедноста е суштински елемент за постигнување на работата на информацискиот и комуникацискиот систем на предвидлив начин.

Во трудот се анализирани трендови на DDoS нападите за период 2013 - 2015 година. Анализата покажува зголемена застапеност на напади врз основа на инфраструктурниот слој (OSI мрежа и транспорт слој) во споредба со оние врз основа на апликациски слој. Зголемениот тренд на напади врз инфраструктурниот слој придонесува за брзиот раст на уредите базирани на концептот на IoT кои се потенцијални учесници во создавањето на нелегитимен мрежен сообраќај. Доказ за ова е зголемувањето на нападите преку протоколот SSDP чија апликација е неопходна во голем број на уреди кои поддржуваат IoT. [24] Со оглед на предвидувањата за идната големина на овие уреди може да се заклучи дека процентот на такви напади продолжува да има континуиран раст.

Иако новите методи и начини на заштита од DDoS нападите континуирано се развиваат, анализата спроведена во овој труд укажува на уште поголема потреба за истражување на нови и прилагодување на постојните методи за заштита

на претстојните видови на напади предизвикани од динамичните промени и развојот на комуникациски технологии.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. A. D. Wood and J. A. Stankovic, "A taxonomy for denial-of-service attacks in wireless sensor networks," Handb. Sens. Networks Compact Wirel. Wired Sens. Syst., pp. 739–763, 2004.
2. S. Ramanauskaite and A. Cenys, "Taxonomy of DoS attacks and their countermeasures," Cent. Eur. J. Comput. Sci., vol. 1, pp. 355–366, 2011.
3. H. R. Zeidanloo, M. J. Zadeh, Shooshtari, P. V. Amoli, M. Safari, and M. Zamani, "A taxonomy of Botnet detection techniques," in 3rd IEEE International Conference on Computer Science and Information Technology (ICCSIT 2010), 2010, pp. 158–162.
4. R. Latif, H. Abbas, and S. Assar, "Distributed Denial of Service (DDoS) Attack in Cloud- Assisted Wireless Body Area Networks: A Systematic Literature Review," J. Med. Syst., vol. 38, pp. 128–140, 2014.
5. A. Antonić, M. Marjanović, K. Pripužić, and I. P. Žarko, "A mobile crowd sensing ecosystem enabled by CUPUS: Cloud-based publish/subscribe middleware for the Internet of Things," Futur. Gener. Comput. Syst., vol. 1, pp. 1–16, 2015.
6. D. Peraković, S. Husnjak, and I. Cvitić, "IoT infrastructure as a basis for new information services in the ITS environment," in 22nd Telecommunication forum (TELFOR 2014), 2014, pp. 39–42.
7. R. M. Cardoso, N. Mastelari, and M. F. Bassora, "Internet of Things Architecture in the Context of Intelligent Transportation System – A Case Study Towards a Web-based Application Deployment," in 22nd International Congress of Mechanical Engineering (COBEM 2013), 2013, pp. 7751–7760.
8. Š. Mrvelj, "Dynamic allocation of capacity of the Internet node according the service demands (Dinamičko dodjeljivanje kapaciteta internetskog čvora prema zahtjevima usluge)," Ph.D. dissertation, Faculty of Transport and Traffic Sciences, University of Zagreb, Zagreb, Croatia, 2008.
9. S. Fowler, S. Zeadally, and N. Chilamkurti, "Impact of Denial of Service Solutions onNetwork Quality of Service Impact of Denial of Service Solutions on Network Quality of Service," Secur. Commun. Networks, vol. 4, no. 10, pp. 1089–1103, 2011.
10. Imperva, "Hacker Intelligence Initiative Overview," Redwood City, USA, 2012.
11. M. Ciampa, "Guide to Network Fundamentals." Course Technology, Boston, 2012.
12. A. Hussain, J. Heidemann, and C. Papadopoulos, "A Framework for Classifying Denial of Service Attacks," in Applications technologies architectures and protocols for computer communications (SIGCOMM 03), 2003, pp. 99–110.
13. Prolexic, "Prolexic Quarterly Global DDoS Attack Report (Q1-2013)." Prolexic Technologies, Inc., 2014.
14. Prolexic, "Prolexic Quarterly Global DDoS Attack Report (Q2-2013)." Prolexic Technologies, Inc., 2013.
15. Prolexic, "Prolexic Quarterly Global DDoS Attack Report (Q3-2013)." Prolexic Technologies, Inc., 2014.
16. Prolexic, "Prolexic Quarterly Global DDoS Attack Report (Q4-2013)." Prolexic Technologies, Inc., 2014.
17. Prolexic, "Prolexic Attack Report (Q1-2014)." Prolexic Technologies, Inc., 2014.

18. Akamai Technologies, "Faster Forward to the Latest Global Broadband Trends (Q2-2014)," Massachusetts, USA, 2014.
19. Akamai Technologies Inc., "Akamai's State of the Internet - Security (Q3-2014)," 2014.
20. Akamai Technologies, "Faster Forward to the Latest Global Broadband Trends (Q1-2015)," Massachusetts, USA, 2015.
21. M. Chowdhury and F. Kader, "Security Issues in Wireless Sensor Networks : A Survey," Int. J. Futur. Gener. Commun. Netw., vol. 6, pp. 97–116, 2013.
22. P. Middelton, P. Kjeldsen, and J. Tully, "Forecast: The Internet of Things, Worldwide, 2013," 2013. [Online]. Available: https://www.gartner.com/doc/2625419/forecast-internet-things-worldwide-.
23. Arbor Networks, "Worldwide Infrastructure Security Report," Burlington, USA, 2015.

004.774.05

Доц. д-р Горан Биџовски
Меѓународен Славјански Универзитет „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола
Република Северна Македонија

Доц. д-р Димитар Богатинов
Воена академија „Генерал Михаило Апостолски“ – Скопје
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Република Северна Македонија

СТРУКТУРА НА ВЕБ САЈТОВИТЕ И АНАЛИЗА НА НИВНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ

Апстракт: Предмет на истражувањето во овој научен труд е структурата на веб сајтовите, со посебен акцент на анализа на различни типови на сајтови. Важен дел од мојот труд е анализа на карактеристиките на различни веб сајтови, како и анализа на техничките методи за прикажување на сајтовите на различни компјутери на корисниците. Посебен осврт е направен за корелација помеѓу структурата на веб сајтовите и сите други елементи на сајтовите од гледна точка на визуелна хармонија. Дополнително, тука давам сеопфатни насоки за правење функционална структура на веб сајтови, исто како и опис на некои мислења и совети за истата тема. Потоа, анализирам пет проблеми кои произлегуваат од структурата на веб сајтовите. Во овој труд, ќе понудам неколку решенија за сите од нив, како и препораки за тоа кога да се избере кое решение.

Клучни зборови: состав на веб сајтови, веб дизајн, веб страници, карактеристики на веб сајтови

STRUCTURE OF WEBSITES AND ANALYZING THEIR CHARACTERISTICS

Abstract: The subject of the research in this scientific paper is a structure of websites, with special emphasis on analyzing different types of sites. The important part of my paper is analyzing the characteristics of various websites, as well as the analyzing technical methods of displaying sites on various users' computers. A special overview is made for the correlation between the structure of websites and all the other elements in the sites from point of view of visual harmony. Additionally, here I give overall directions for a making functional structure of websites, the same as the description of some opinions and advice on the same topic. After that, I analyze five problems which arise from the structure of websites. In this paper, I will come across a few solutions for all of them, as well as recommendations for when to choose which solution.

Keywords: the composition of the websites, web design, web pages, characteristics of websites

I. ВОВЕД

Основните четири правила на дизајнот, кои треба да се почитуваат и при дизајнирање на еден веб сајт се:

» Контраст - Правилото на контрастот означува дека треба да се избегнува распоредување на слични елементи на иста веб страница.

Ако елементите (фонт, боја, размер, дебелина на линијата, контура, интервал и итн.) не се сосема исти, а само слични, тогаш тие треба да бидат оформени различно. Многу често, контрастот првично го привлекува вниманието на корисниците на страницата.

» Повторување - Елементите на дизајнот треба да се повторуваат во целото издание. Може да се повторуваат бои, контури, текстури, меѓусебните односи, дебелина на линиите, фонтови, пропорции, графичките концепции и др. Повторувањето помага за подобро структурирање и го засилува чувството за целосност.

» Порамнување - На страницата ништо не смее да се поставува случајно. Секој елемент треба да има визуелна врска со другите елементи. Ова му дава на страницата исчистен, софистициран и свеж изглед.

» Приближеност - Елементите кои се на некој начин, поврзани едни со други, треба да се наоѓаат во близина еден до друг. Така овие елементи претставуваат една целина, а не неколку фрагменти. Тоа помага за доброто организирање на информациите и ја намалува пренатрупаноста, обезбедувајќи му на читателот јасна структура.[1]

Иако четирите основни правила важат и во веб дизајнот, повторувањето е основното правило при обликувањето на еден веб сајт. Останатите три правила исто така помагаат, но повторувањето е она што им покажува на посетителите дека се уште се наоѓаат во истиот сајт. Треба да има конзистентност и во навигацијата и во стилот на графичкиот дизајн, повторување на шемата на бои, употребата на исти фонтови, поставеноста на едностиловите графички елементи на ист начин на секоја страница итн. [2]

II. ОБЛАСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Добрите веб сајтови се нешто повеќе од собрани заедно случајни страници. Тие треба да создадат конзистентен севкупен впечаток кај посетителот.

Кога посетителите се движат од страница во страница, тие секогаш треба да чувствуваат дека се наоѓаат во ист веб сајт. Иако малите декоративни промени се нешто добро, стилот и структурата на страницата не треба да се менуваат одеднаш. Особено препорачливи се постојана позадина и непроменлива шема на бои. Иако содржината на страниците ќе се менува, "контејнерите" ќе бидат исти. Во добрите веб сајтови се поминува неосетно од страница во страница.

Информацијата која се повторува на повеќе страници треба да се прикажува во една и иста позиција. Структурата и редоследот на страниците во еден веб сајт треба да биде логична.

Дизајнерот визуелно ги организира информациите и создава унифицирана интегрираност на комуникацискиот процес со примена на принципите за групирање по сличност и блискост. Унифицирањето на сличните функции и и нивното приклучување кон основната мрежа ја прави навигацијата по-интуитивна за корисникот, а содржината на проектот подостапна.

Интегритетот на композицијата се карактеризира со рационалност на употребата на композиционо решение, конзистентноста и пропорционалноста на елементите. [3]

Стилот кој ќе биде избран за веб сајтот, во голема мера ќе зависи од содржината на самиот сајт. Ако сајтот е корпоративниот, стилот ќе биде по-официјален и структуриран. Ако сајтот е личен, постои поголема слобода на дејствување, односно можност за по-отворен дизајн.

При утврдување на стилот за веб сајтовите препорачливо е да се знаат овие две правила: треба да се биде конзистентен во користењето на карактеристиките за дизајнот и во вкупниот стил на сајтот помалку е подобро (понекогаш најефективниот дизајн е едноставен, но елегантен).

Добрите веб сајтови се дизајнирани со можност да се зголемуваат, за да ги задоволат новите потреби на своите корисници, бидејќи овие потреби се менуваат со текот на времето.

Важно правило во однос на структурата на веб сајтот е да има структура изградена на начин кој го одразува гледиштето на корисникот кон сајтот и неговите информации и/или услуги. Основна грешка е структурата на сајтот да ја одразува организацијата на компанијата, наместо гледната точка на корисникот.

Иако секој веб сајт претставува уникатен структурен предизвик, повеќето сајтови можат да се организираат на еден од следниве начини: по категории, по задача, по корисник, по јазик, по локација, по датум или по корпоративниот оддел (што не е препорачливо).

Добро организиран веб сајт треба да има: логичка структура, постојана навигација и да има јасни натписи.[4]

Треба да ги комбинираат информациите и да ги избегнувате премногу категории. Непишано правило е дека не треба да има повеќе од седум категории. Научните истражувања покажаа дека тоа е максимумот кој повеќето посетители можат да ги запомнат. [5]

III. ПОВРЗАНИ ИСТРАЖУВАЊА

Веб сајтот треба да одржува отворена линија за дијалог со гостите. Убаво е да се даде на посетителите можност да испраќаат свои мислења и прашања преку едноставна конекција со електронска пошта или поштенски формулар.

Другите форми на дијалог може да вклучуваат: анкети во реално време, прашалници и форуми за корисниците. Овозможувањето лесен и удобен фидбек од посетителите на сајтот е еден од најважните елементи за користење на сајтот како маркетинг алатка.[6]

Еден од начините за разликување на интерфејсот на веб сајтовите е преку димензиите на неговите графики: 2D (дво-димензионален), 2½D (двоипол-димензионален) или 3D (три-димензионален). Стилот 2D е сличен на печатена страница, нагласувајќи ја структурната организација на графика и текст на рамна површина. Кај него елементите за навигација се разликуваат од информационите преку јасно етикетирање. Овој стил се среќава често во интерактивните публикации, корпоративните комуникации или на друго место, каде што информациите треба да биде претставени без расејување и каде истражувањата не се предвидени како дел од процесот на комуникација.

Пример за 2½D е подвижното копче, навигациски елемент кој се појавува рељефно и со можност за притискање. Тоа е познатиот метод на "испакнато копче", во кој елементите за навигација се појавуваат визуелно подигнати. Иако 2½D дизајнот се користи прекумерно и понекогаш дури се злоупотребува со него, тој се уште е еден од најефикасните методи од едноставна причина што има особено силна врска со реалниот свет.

3D стилот оцртува виртуелно три-димензионално пространство, во кое за навигација и информативен пристап се користат слики и објекти од реалниот свет. Во овој случај, екранот станува прозорец кон виртуелниот простор, каде што "жешките" елементи се претставени како обични физички објекти.

Обично димензијата е тесно поврзана со метафората што се користи за сајтот. На пример, една метафора со весник или списание најдобро се претставува во 2D стил. 2½D стилот работи добро во сите метафори со апарати и инструменти. 3D стилот може да вклучува сè - од илустрации кои имитираат перспектива до виртуелна реалност, која им овозможува на посетителите да се движи слободно низ целата средина. Но не е неопходно метафората и стилот да се совпаѓаат совршено. Исто како метафората и индивидуалноста, стилот треба да биде конзистентен на целиот веб сајт.[7] [8]

IV. НАОДИ / РЕЗУЛТАТИ

Во овој дел од научниот труд се наоѓаат пет проблеми кои произлегуваат од прикажување на структурата на веб сајтовите како и од нивните карактеристики. Постојат неколку решенија за проблемите, како и препораки која одлука кога да се направи.

Проблеми со достапноста на секоја страница од еден веб сајт

Структурата на веб сајтот треба да направи секоја страница да е достапна од неколку страници. Ограничувањето на пристапноста може да го отежни пронаоѓањето на важни работи од сајтот. При самото дизајнирање на архитектурата на веб сајтот треба да се внимава, да има по неколку патишта до секоја страница. Исто така, со евентуалното додавање на карта на сајтот сите страници ќе бидат означени и ќе може да бидат достапни и од таму.

Проблеми со начинот на хиерархиска организација на страниците од веб сајтот

Кога се организират информациите во веб сајтовите, секогаш постои тензија помеѓу желбата да се представат многу опции на површината, така што посетителите да не се копаат многу (плиток сајт - тука плус е дека со малку клика може да се стигне до секоја страница, а недостаток е во големиот број на страници на секое ниво што дефинитивно го тера корисникот да се замисли поради комплексноста на изборот) и желбата да се даде на посетителите почетен старт при одвојувањето на најважните нешта, при што се дава приоритет на информациите, па специфичните теми да се подредени на нивоа под главните категории (длабок сајт - тука страниците на едно ниво се малку на број и изборот е полесен, а недостаток е поголемиот број потребни клика, за да се достигне до саканата информација).

Една од најчесто задаваните препораки во однос на движењето низ веб сајтовите е навигација со три кликнувања. Се има предвид идејата дека сите делови на даден веб сајт треба да можат да се достигнат со три клика на глувчето, независно од тоа каде се наоѓа корисникот во тој момент. Тоа се постигнува многу лесно со помош на навигациски ленти и карта на сајтот. Ако се создаде навигациона лента, која што содржи линк до картата на веб сајтот и лентата е видлива на сите страници од веб сајтот, корисникот ќе е секогаш на еден клик од картата на сајтот, и потоа на уште еден клик од сите делови на сајтот. Во многу случаи на тој начин може да се постигне дури и навигациски систем со две кликнувања наместо со три.

Како заклучок, треба да се каже дека е убаво, ако е можно, да се направи хиерархиска шема на сајтот повеќе кратка и широка отколку тесна и длабока. Колку поблиску е најважната содржина до почетокот, толку полесно ќе може да се најде и посигурно ќе биде забележано и индексирано од пребарувачите.

Проблем со определувањето на максималното количество на елементи на една страница

Често пати, на една веб страница треба да бидат поставени повеќе информации отколку што таа може да се вклопи. Дилемата е, дали да бидат поставени сите информации на една веб страница и корисниците да скролират надолу или содржината да биде поделена на повеќе страници и корисниците да преминуваат помеѓу нив.

Има многу несогласувања околу ова прашање, колку длабока или долга треба да биде една веб страница. Некои веб дизајнери заземаат став дека страните можат да бидат бескрајно долги. Тие сметаат дека е подобро да биде поставено многу информации на една страница, наместо да се бара од корисниците повторно да кликнуваат ("корисниците мразат да кликнуваат со глувчето").

Друга гледна точка зборува во корист на пократките страници и мноштвото опции за кликнување напред ("корисниците мразат да скролират"). Овие прекини на страниците се како психолошки, така и практични, помагајќи им на корисниците да одбележат до каде стигнале и да го обезбедат потребниот ментален и визуелен прекин. Исто така, веб страниците кои се скролират подолго, често го губат вниманието на читателот.

Најдобриот пристап се наоѓа некаде во средината. Корисниците ќе продолжат да кликнуваат и скролират сè додека го најдат она што го бараат. Големиот број истражувања покажале дека сепак потрошувачите претпочитаат да кликнуваат со глувчето. [9] [10]

Значи, треба да се балансират должините на веб страниците. Многу важно е при проектирањето на дадена страница, да се знае кога да се напушти страницата и премести содржината на друга страница.

Можат да се користат и вербални техники за намалување и раскинување на текстот, за да биде разделена веб страницата на помали делови. Тоа треба да се направи без разлика дали деловите ќе останат во рамките на една долга страница или ќе бидат создадени врски до нив како кон одделни страници.

Дилема за избор на фокусирање помеѓу функционалноста и дизајнот на сајтот

Денес, кога технологијата се повеќе ги определува визуелните решенија, сè повеќе е нејасно каде започнува и каде завршува веб дизајн. Дизајнот останува некаде помеѓу визуелното и технолошкото. Најдобро е да се држи "златната средина" помеѓу естетиката и технологијата, и веб дизајнерите кои успеваат да се држат до неа, имаат најголем успех. [11]

Учесниците во тимот за создавање на веб сајтови имаат сосема различни гледишта за тоа што треба да биде добар веб дизајн.

Веб дизајнерите обично сметаат дека повеќето луѓе сакаат визуелно привлечни сајтови. Тие откриле дека добриот дизајн ги прави работите поинтересни и полесни за разбирање. Веб програмерите од своја страна веруваат, дека луѓето сакаат сајтови со богата функционалност, веб страници кои нудат бројни атрактивни

карактеристики. Како резултат на тоа дизајнерите се стремат да создадат прекрасни визуелни веб сајтови, а програмерите сајтови со интересни, оригинални и елегантни функционални елементи.Во исто време дизајнерите и програмерите се сојузници во еден поголем конфликт меѓу блоковите (бизнисмени и занаетчии). Додека првите (вишите раководители, маркетинг и бизнис професионалци) се подготвени да дадат секакви ветувања, за да привлечат клучен капитал, корисници и стратешките партнери за сајтот, како и да склучат договори кои обезбедуваат приходи, врз рамењата на вторите (кон кои се вбројуваат дизајнерите и програмерите) лежи товарот да ги исполнат овие ветувања.

Дилема со претставувањето на општите информации за веб сајтот на внатрешните страници

Името на веб сајтот треба да се повторува на сите внатрешни страници, бидејќи корисниците можат да влезат во сајтот од било каде, не само од почетната страница. Корисниците кои влегуваат во сајтот со помош на пребарувач или следат линк од друг веб сајт, треба да се во состојба јасно да дефинираат во каков сајт влегле. Во исто време, сепак, внатрешните страници треба да го фокусираат вниманието врз конкретната содржина, а не да им представаат општо поздравно обраќање или да го опишуваат сајтот (овие две цели треба да се резервирани за почетната страница).

Јасно е дека постои противречност - од една страна помеѓу потребата да се направи презентација пред луѓето кои влегле од која и да е страница, како и од другата - потребата да се изолират општите информации и повисоките нивоа на навигација единствено на почетната страница. Решението на проблемот зависи од тоа колку често се очекуваа корисниците да влегуваат во веб сајтот од внатрешните страници и колку сајтот е импресивен и популарен. Ако сајтот е препознатлив непогрешливо од повеќето корисници, не е неопходно да се поставуваат општи информации на внатрешни страници. Само на секоја од страниците треба да се стави јасно видлива врска до почетната страница. Се препорачува оваа врска да се наоѓа во горниот лев агол на страницата, што е и препорачливото место за името и логото на веб сајтот.

КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА

1. Bouweraerts Daniel; "Introduction to Computer Graphics Design Professional"; Course Technology, USA, 2005.
2. Williams Robin; "The Non-Designer's Design Book", third edition; Peachpit Press, USA, 2008.
3. Georgieva Boryana; "Indicators for Determining the Quality of Design Products "; 7th International Congress "Machines, Technologies, Materials", Sofia, Bulgaria, 2010.
4. Zeldman Jeffrey; "Designing with Web Standards"; New Riders, USA, 2003.
5. Baumgardt Michael; Adobe Photoshop 6.0 Web Design; Peachpit Press, USA, 2001.
6. Nielsen Jakob; "Designing Web Usability: The Practice of Simplicity"; New Riders, USA, 2000.
7. Krug Steve; "Don't Make me Think: A Common Sense Approach to Web Usability, 2nd edition"; New Riders, USA, 2006.
8. Millhollon Mary.; "Faster Smarter Web Page Creation"; Microsoft Press, USA, 2003.

9. Cohen June; Unusually useful web book, 1st edition; New Riders, USA, 2003.
10. Stauffer Todd; "Absolute Beginner's Guide to Creating Web Pages"; Que Publishing, USA, 2002.
11. Fiell Charlotte, Fiell Peter; Grafikdesign im 21. jahrhundert; Taschen GmbH., Germany, 2005.

336.74:004.78.056.55

Hadžib Salkić, PhD
Sveučilište/Univerzitet "VITEZ"
Bosna i Hercegovina

Mahir Zajmović, MA
Sveučilište/Univerzitet "VITEZ"
Bosna i Hercegovina

Ibrahim Obhođaš, PhD
Sveučilište/Univerzitet "VITEZ"
Bosna i Hercegovina

KRIPTOVALUTA – DIGITALNI NOVAC ZA DIGITALNO DOBA

Apstrakt: Kriptovalute svakim danom sve više dobijaju na svome značaju i popularnosti na način da se sve više koriste za obavljanje različitih poslovnih transakcija. Veoma često se kripto valute nazivaju i digitalnim novcem koji je namijenjen za poslovanje u digitalnome dobu. U ovom radu opisan je pojam kriptovalut", način njenog stvaranja, odnosno kako se dolazi do nove vrijednosti. Također, kroz primjer prikazan je blockchain algoritam koji je ključan za stvaranje određene kriptovalute, detljano je opisana obrada te transakcije. Nabrojane su najznačajnije prednosti i nedostatci korištanja kriptovaluta, te je dat prikaz deset najznačajnijih kriptovaluta na tržištu prema njihvoj vrijednosti u odnosu na američki dolar.

Ključne riječi: kriptovaluta, digitalni novac, banka, algoritam, profit

CRYPTOCURRENCY - DIGITAL MONEY FOR DIGITAL PERIOD

Abstract: Cryptocurrencies every day gains more and more importance and popularity in the way they are increasingly used to perform various business transactions. The cryptocurrencies are often referred to as digital money intended for business in the digital age. In this paper, the term cryptocurrency is described, the way of its creation, ie how new value comes. Also, an example is the blockchain algorithm that is key to creating a particular cryptocurrency, describing the processing of that transaction. The most significant advantages and disadvantages of the use of crypt valued are listed, and the ten most significant cryptographic currencies are presented according to their value in relation to the US dollar.

Keywords: cryptocurrency, digital money, bank, algorithm, profit

1. UVOD

Digitalni novac tj. kriptovalute su jedinstevne po tomo što ih nije moguće kopirati niti svojevoljno proizvesti. One „rade" na principu elektronskih zapisa o određenim vrijednostima koje su pohranjene u obliku elektronskih novčanica na različitim internetskim stranicama. Njih proizvode ljudi u cijelome svijetu koristeći određeni softver koji može da rješava složene matematičke probleme. Sama vrijednost određene kriptovalute mijenja sve

svake sekunde, a određuje je vrijednost ponude i potražnje. Bitno je naglasiti da vrijednost određene kriptovalute nije vezana ni za kakvu fizičku stvar. Kriptovalute su potpuno nov koncept koji mijenja ne samo način na koji plaćamo, već i način na koji doživljavamo novac.

Ne postoji nikakva nadređena središnja institucija, vlada, agencija, banka ili korporacija koja izdaje ili vodi računa o tim valutama. To je sistem elektroničkoga plaćanja koji se zasniva na kriptografiji (šifriranju) pa je odatle dobio naziv "kriptovaluta". Kriptografija se stoljećima primjenjuje za osiguravanje tajnosti diplomatske i vojne komunikacije. Šifrira se kako bi komunikacija između dviju osoba ostala privatna i nekompromitirana, iako u komunikacijskom kanalu postoje treće osobe koje tu komunikaciju mogu pratiti. Budući da proces šifriranja i dešifriranja nije jednostavan, ni kriptovalute nisu jednostavne.[1]

Prva i najpoznatija kriptovaluta je Bitcoin (BTC) stvorena 2009. godine od strane anonimnog programera, ili grupe programera, pod lažnim imenom Satoshi Nakamoto. Objavili su naučni rad pod nazivom Bitcoin: A Peer-to-peer Electronic Cash System u kojem su predstavili tehničke detalje platnog sistema koji bi omogućio pojedincima slanje i primanje uplata bez uključivanja bilo kojih posredničkih finansijskih institucija.[2]

2. NAČIN STVARANJA KRIPTOVALUTA

Svaka transakcija obavljena kriptovalutama odvija se veoma brzo između dva subjekta bez obzira u kojem dijelu svijeta se oni nalazili. Važno je spomenuti da same kriptovalute uklanjaju posrednike. Također, transakcije su veoma sigurne je tradicionalnih bankarskih transakcija te mogu se obaviti bez obzira gdje se korisnik nalazi. Open-source protokol osigurava da kontrola mreže ostane u „rukama" korisnika. Sve transakcije su zavisne od sudionika u mreži, a sam korisnik je odgovoran za sigurnost vlastitih finansija i podataka bez da ovisi o nekoj trećoj strani npr. bankarskoj instituciji.

Najpoznatija kriptovaluta je Bitcoin koji je prihvaćen u cijelom svijetu za internetska plaćanja iako nije izdan od centralne banke niti se veže za transakcijske račune kod poslovnih banaka. Nijedna finansijska ili vladina institucija nije u mogućnosti mijenjati postavke blockchain sistema niti utjecati na plaćanje. Da bi se priznala bilo kakva promjena na mreži za promjenu je potrebo 50% korisnika plus jedan kako bi se onemogućio svaki oblik falsifikovanja ili prevare.



Slika 1. Ilustracija rada klasičnog bankarstva i blockchain distribuirane knjige zapisa[3]

1. Dević, B., KRIPTOVALUTE, Završni rad, Sveučilište u Splitu, Ekonomski fakultet, Split, 2018. godine, str. 6
2. Ibidem
3. https://www.bug.hr/tehnologije/sto-je-u-stvari-blockchain-i-kako-radi-3011, pristupano 02.03.2019. godine

Bez koncepta blockchain-a nebi postojala kriptovaluta Bitcoin, pa niti jedna druga novija kriptovaluta. Naime, blockchain rješava problem stvaranja distribuirane baze podataka, bez potrebe za korištenjem posebnog entiteta koji će nadzirati transakcije. Šta to znači? U klasičnim bankovnim transakcijama između dva korisnika, nazovimo ih Ivica i Marica, banka igra ulogu nadzornika i bilježnika transakcija. Ako npr. Ivica pošalje Marici 10,00 € sa svog računa, banka će zabilježiti da je Ivičin račun manji za 10,00 €, a Maričin veći za jednak iznos. Zašto uopće postoji treći, nezavisni entitet? Zato što osigurava da jedan korisnik neće namjerno prevariti drugog. To, naravno, funkcionira pod pretpostavkom da Ivica i Marica imaju povjerenja u nezavisnog kontrolora, banku, a to, pak, banci daje popriličnu moć i izvor zarade.

